ЗАКОН ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ

(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18, 27/19, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 152/19, 244/19, 275/19 и 110/21)

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Содржина на Законот

Член 1

Со овој закон се уредуваат планирањето на развојот на земјоделството и руралниот развој, целите на националната земјоделска политика, планирање, следење и процена на националната земјоделска политика, партнерство со социјални и економски партнери од областа на земјоделството, мерките за уредување и поддршка на земјоделски пазари, директни плаќања и рурален развој, државната помош во земјоделството и руралниот развој, формите на организирање и здружување во земјоделството и контролата на спроведување на мерките и надзорот над спроведувањето.

Значење на поимите

Член 2

Одделни поими употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. Автохтони видови на земјоделски растенија и автохтони раси на добиток се домашни растителни и животински генетски ресурси како дел од биолошката разновидност на Република Македонија било да се историски донесени и адаптирани на условите каде што се одгледуваат или пак се локални сорти или видови кои оригинално припаѓаат на подрачјата каде што се пронајдени и истите се употребуваат во земјоделското производство. Растителни генетски

ресурси на земјоделски растенија се лозите, фуражните растенија, градинарските растенија вклучително и цвеќиња и украсни растенија, медицинските и ароматичните растенија, овошките, шумските дрва, габите, микроорганизмите и дивата флора која може или се употребува за земјоделското производство. Животински генетски ресурси на добиток се домашните животни за земјоделско производство ('рбетници и без'рбетници), микроорганизмите и дивата фауна која може или се употребува за земјоделското производство;

2. Биолошка разновидност во земјоделството е разновидност што постои меѓу живите организми и растенија и внатре во видовите на живите организми и растенија кои се употребуваат во земјоделското производство или можат да бидат употребени во функција на земјоделството (земјоделски растенија, добиток и микроорганизми) и кои се под посебна заштита на државата;

3. Виша сила или исклучителни случаи, во смисла од овој закон, значи смрт на носителот на земјоделското стопанство, трајна професионална онеспособеност на носителот на земјоделското стопанство, природна непогода со сериозно влијание врз земјоделското земјиште на стопанството, несреќа со ефект на уништување на објектите за добитокот, епизоти кои имаат влијание на дел или целиот добиток на земјоделското стопанство;

4. Национална земјоделска политика е систем на комплементарни политики за уредување и поддршка на земјоделските пазари, директни плаќања за поддршка на доходот на земјоделските стопанства и рурален развој со чие спроведување се регулира развојот и динамиката на земјоделското производство и руралните средини согласно со материјалнотехничките, економските, еколошките и социјалните услови во Република Македонија и согласно со меѓународните спогодби и договори;

5. Земјоделството (земјоделски сектор) е индустриска гранка на националната економија која вклучува земјоделско производство и примарна преработка на земјоделски производи. Примарна преработка на земјоделски производ е процес на подготвување и чување на примарните производи од растително потекло или животинско потекло до нивно пуштање во промет на начин кој придонесува за зачувување на квалитетот и механичката и хемиската конзистентност;

6. Земјоделско производство (земјоделска дејност) е економска дејност која опфаќа одгледување на едногодишни растенија, одгледување на повеќегодишни растенија, одгледување на растенија за семенски и саден материјал, одгледување на животни и живина, мешана земјоделска дејност и помошни дејности за земјоделство и постбербени активности освен ветеринарни и фитосанитарни услуги во согласност со прописите за Статистичка класификација на економските дејности на Република Македонија;

7. Преработка на земјоделски производ е економска дејност која ги опфаќа индустриските операции за претворање на примарен земјоделски производ кој како финален производ е

наменет директно за крајна потрошувачка или како суровина за производство на прехранбени производи;

8. Земјоделски производ е физички резултат од земјоделското производство (примарен земјоделски производ). Во земјоделски производи, во смисла на овој закон, спаѓаат производите од Анекс 1 на Договорот за формирање на Европската унија освен риби и рибни производи;

9. Преработен земјоделски производ е физички резултат од индустриските операции за преработка на земјоделски производ Во преработени земјоделски производи. Во преработени земјоделски производи, во смисла на овој закон, спаѓаат преработки на млеко и млечни намази (Тарифна ознака 0403,0405 20), замрзнат зеленчук (Тарифна ознака 0710), конфекционирани прехранбени производи со додаток на шеќер (Тарифна ознака 1704,1806,1905), разни производи за храна и сосови, вклучувајќи теста, сладолед, супа и друго (Тарифна ознака 1901,1902,1904, 2103,2104,2105), алкохолни и безалкохолни пијалаци вклучително и оцет (Тарифна ознака 22), производи од тутун (Тарифна ознака 2402,2403) преработки од скроб (Тарифна ознака 2905,3501,3809);

10. Земјоделски производител е носителот на земјоделско стопанство или член на семејно земјоделско стопанство или лице кое е постојано или времено вработено на земјоделското стопанство и кое се занимава со земјоделска дејност;

11. Земјоделско стопанство е економска единица под единствено управување (од едно или повеќе лица без оглед на сопственоста, правната форма, големина или локација) на чиј земјоделски имот (кој го поседува и/или располага) се врши земјоделска дејност и за кое се води евиденција во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (во натамошниот текст: Министерството). Земјоделското стопанство опфаќа една или повеќе производни единици. Земјоделско стопанство може да биде правно организирано како трговско друштво или друго правно лице утврдено со закон или семејно земјоделско стопанство;

12. Семејно земјоделско стопанство е самостојна стопанска и социјална единица која се заснова на комбинација од управување и сопственост и/или користење на земјоделскиот имот од членовите на семејството;

13. Носител на семејно земјоделско стопанство е полнолетно лице кое е одговорно за управување со земјоделското стопанство и кое истапува во име и за сметка на семејното земјоделско стопанство и како такво е запишано во Единствениот регистар на земјоделски стопанства во Министерството. Носител на земјоделско стопанство кое е правно организирано како трговско друштво или друго правно лице утврдено со закон е самото правното лице, а одговорното лице на правното лице истапува во име и за сметка на тоа земјоделско стопанство;

14. Член на семејно земјоделско стопанство е полнолетно физичко лице кое врши земјоделска дејност на земјоделскиот имот и за кое се води евиденција во Министерството;

15. Млад земјоделец е носител на земјоделско стопанство на возраст од 18 до 40 години;

16. Земјоделски имот е земјоделско земјиште, земјоделски објекти и објекти за домување или престојување на земјоделски производители, земјоделска механизација, земјоделска опрема, животни и живина, повеќегодишни насади и другите средства за земјоделско производство, со исклучок на едногодишни посеви, залиха на земјоделски производи и ѓубриња, средства за заштита на растенијата и семиња;

17. Земјоделско земјиште е обработливо земјоделско земјиште (ниви, овоштарници, маслинарници и лозови насади), ливади и пасишта;

18. Земјоделски објекти се градби наменети за одгледување на растенија и добиток, чување на земјоделска механизација и земјоделска опрема, чување на бербата, чување на добиточна храна и придружни објекти наменети за земјоделска дејност;

19. Земјоделска опрема се приклучни делови од земјоделска механизација или самостојни единици, кои се наменети за подготовка на почвата и обработка на почвата, култивација на посевите/насадите во период на вегетација, берба, опрема за наводнување, опрема за товарање и транспорт на ѓубриња, опрема за товарање и транспорт на добиточна храна и опрема во објекти за одгледување на добиток и живина;

20. Земјоделска механизација се земјоделски возила кои се наменети за подготовка на почвата и култивација на почвата, берба, одржување на опрема за наводнување, товарање, манипулација и транспорт на плодовите, товарање и транспорт на ѓубриња, товарање, манипулација и транспорт на добиточна храна, одржување на земјоделски патишта, вклучително и возила исклучиво наменети за земјоделската дејност, со исклучок на објектите за домување или престојување на земјоделските производители;

21. Производствени капацитети се сите расположливи технички, персонални, технолошки, инфраструктурни, градежни и сите останати капацитети кои се во функција на производството;

22. Субјект е физичко или правно лице, друштво, образовна и/или научна институција и јавни претпријатија кои користат или спроведуваат мерки согласно со овој закон;

23. Државен субјект е јавно претпријатие или правно лице чиј оснивач е Владата на Република Македонија или пак има удел во основниот влог најмалку од 25% од вредноста на основниот влог или најмалку 25% од капиталот или гласачките права на едно друштво;

24. Микропретпријатие е трговско друштво кое има помалку од десет вработени и има годишен обрт кој не надминува 0,5 милиони евра, или вкупен биланс на состојба кој не надминува 0,3 милиони евра;

25. Мало претпријатие е трговско друштво кое има помалку од 50 вработени и има годишен обрт кој не надминува 7 милиони евра, или вкупен биланс на состојба кој не надминува 5 милиони евра;

26. Средно претпријатие е трговско друштво кое има помалку од 250 вработени и има годишен обрт кој не надминува 40 милиони евра, или вкупен биланс на состојба кој не надминува 27 милиони евра и кои не се во сопственост од 25% или повеќе од капиталот или гласачките права на едно друштво, или здружени од повеќе друштва, кои спаѓаа надвор од дефиницијата за мали и средни претпријатија;

27. Големо претпријатие е трговско друштво кое има над 250 вработени и има годишен обрт кој надминува 40 милиони евра, или вкупен биланс на состојба кој надминува 27 милиони евра;

28. Национално здружение на земјоделски производители е здружение на граѓани во кое членуваат земјоделски производители од најмалку 28 општини во Република Македонија;

29. Референтна парцела е земјоделско земјиште со пропишана површина која претставува основ за пресметка на финансиска поддршка согласно со овој закон;

30. Условно грло добиток е грло добиток добиено со математичка пресметка на реално грло добиток помножено со пропишан коефициент;

31. Фотоинтерпретација е метод на контрола на земјишни парцели со употреба на сателитски или авионски фотографии и снимки;

32. Производна година е период од една до друга реколта за одделен земјоделски производ;

33. Капитална поврзаност е директно или индиректно поседување, контролирање или држење на 5% или повеќе акции или емитувани удели со право на глас, од страна на еден субјект во друг;

34. Семејна поврзаност е поврзаност на лица кои се сметаат за членови на исто семејство и се во следново сродство: маж и жена; родител и дете; брат и сестра (било целосно или полукрвно сродство); баба или дедо и внуци; чичко, вујко, тетин, стрина, вујна или тетка и внук или внука; родители на сопружниците и зет или снаа; девер, шура или баџанак и јатрва, снаа, золва или шура;

35. Производна сезона е времетраење на производен циклус на одделен земјоделски производ и

36. Рурален предел е географска целина која е сочинета од руралната средина и природните ресурси околу неа.

Цели на националната земјоделска политика

Член 3

(1) Целите на националната земјоделската политика на Република Македонија се насочени кон:

- обезбедување на стабилно производство на квалитетна и поевтина храна и обезбедување на населението со доволни количини храна,

- зголемување на конкурентната способност на земјоделството,

- обезбедување на стабилно ниво на доход на земјоделското стопанство,

- одржлив развој на руралните подрачја и

- оптимално искористување на природните ресурси со почитување на начелата за заштита на природата и животната средина.

(2) Целите од ставот (1) на овој член се остваруваат преку мерки и инструменти на политиките за:

1) уредување и поддршка на земјоделски пазари;

2) директни плаќања и

3) рурален развој.

Надлежен орган

Член 4

(1) Надлежен орган за планирање, следење на спроведувањето и проценка на влијанието на мерките и инструментите на политиките од членот 3 став (2) на овој закон е Министерството.

(2) Надлежен орган за спроведување на мерките и инструментите на политиките од членот 3 став (2) на овој закон, вклучително и контролата, е Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (во натамошниот текст: Агенцијата) во согласност со овој закон и Законот за основање на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.

Финансирање

Член 5

Финансирањето на националната земјоделска политика се врши од:

- Буџетот на Република Македонија,

- Буџетот на Европската унија,

- донации и

- други извори согласно со закон.

II. ПЛАНИРАЊЕ, СЛЕДЕЊЕ И ПРОЦЕНА НА НАЦИОНАЛНАТА ЗЕМЈОДЕЛСКА ПОЛИТИКА

Национална стратегија за земјоделството и руралниот развој

Член 6

(1) Националната стратегија за земјоделството и руралниот развој (во натамошниот текст: националната стратегија) е основен стратешки документ за остварување на целите од членот 3 став (1) на овој закон.

(2) Националната стратегија особено содржи анализа на состојбите во областа на земјоделството, преработка на земјоделски производи и руралните средини, среднорочните насоки за развој и активностите за нивна реализација, очекуваните ефекти и потребните финансиски средства за спроведување на националната земјоделска политика.

(3) Националната стратегија ја донесува Владата на Република Македонија (во натамошниот текст: Владата) на предлог на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство (во натамошниот текст: министерот) за период од седум години.

Национални програми

Член 7

(1) Владата донесува национална програма за развој на земјоделството и рурален развој, за период од три години за период од пет години.

(2) Националната програма од ставот (1) на овој член особено содржи:

- инструменти и мерки и активности за спроведување на мерките,

- временски распоред и рокови за спроведување и

- индикативна финансиска рамка за нивно спроведување.

(3) Владата на предлог на министерот донесува годишна програма за финансиска поддршка во земјоделството и годишна програма за финансиска поддршка на руралниот развој за спроведување на националната програма од ставот (1) на овој член.

(4) Предмет на уредување на програмите од ставот (3) на овој член е и доделувањето на државната помош, доколку поинаку не е уредено со одредбите од членовите 93, 93-а, 94, 94-а, 95, 96, 97, 98, 100, 101, 102, 103, 104, 105, 106, 107, 108, 109 и 110 на овој закон.

(5) Националната програма од ставот (1) на овој член се донесува најдоцна до 30 септември во годината пред започнување на периодот за кој е изготвена.

(6) Годишните програми од ставот (3) на овој член се донесуваат најдоцна до 31 јануари во годината за која се изготвени.

Акти за користење на финансиската помош од ЕУ

Член 8

Владата на предлог на министерот донесува повеќегодишна програма за користење на финансиските средства од инструментот за претпристапна помош за развој на земјоделството и руралниот развој од Европската унија во согласност со склучените договори и спогодби со Европската унија за користење на инструментите за претпристапна финансиска помош и планските документи на Европската унија.

Анализа

Член 9

(1) За планирање, следење на спроведувањето и процена на влијанието на мерките и инструментите на целите од членот 3 став (2) на овој закон, Министерството спроведува анализи.

(2) За потребите на анализите од ставот (1) на овој член Министерството:

- собира и обработува податоци особено за земјоделското производство, структура на земјоделски стопанства и други податоци од областа на земјоделството и руралниот развој,

- воспоставува бази на податоци и води регистри,

- воспоставува земјоделски пазарен информативен систем и

- воспоставува мрежа на сметководствени податоци на земјоделски стопанства за следење на производно-економските резултати на земјоделските стопанства.

(3) Методологијата за собирање и обработка на податоците од ставот (2) алинеја 1 на овој член ја пропишува министерот.

(4) Мрежата на сметководствени податоци на земјоделските стопанства од ставот (2) алинеја 4 на овој член се уредува со посебен закон.

(5) Агенцијата води евиденција за реализираните средства по мерките кои се спроведуваат согласно со програмите од членот 7 од овој закон и доставува податоци до Министерството на секои три месеци и до Владата еднаш годишно најдоцна до 31 март во тековната година за претходната година.

(6) Видот на податоците од ставовите (2) и (5) на овој член, рокот и начинот на нивното доставување и собирање ги пропишува министерот.

Регистри и бази на податоци

Член 10

(1) Министерството воспоставува и води податоци организирани во регистри и бази на податоци согласно со одредбите од овој закон.

(2) Регистрите и базите на податоци кои се водат во Министерството мора да бидат компатибилни заради меѓусебно поврзување и размена на податоци.

Добивање и употреба на податоците

Член 11

(1) За водење и одржување на регистрите Министерството добива и употребува податоци кои во рамките на пропишаните регистри и евиденции ги водат органите на државната управа, јавните институции, агенциите, концесионерите, единиците на локалната самоуправа и други овластени институции.

(2) Податоците, картите и дигиталните ортофото планови на барање на министерот, соодветните институции од ставот (1) на овој член ги доставуваат во пишана и електронска форма доколку постојат.

(3) Начинот на поврзување со други регистри и евиденции и начинот на добивање на податоци од други регистри и евиденции, ги пропишува министерот.

Доставување на податоци

Член 12

(1) Податоците од регистрите согласно со овој закон се јавни, освен податоците кои имаат карактер на лични податоци и податоците кои се сметаат за деловна тајна.

(2) Податоците од ставот (1) на овој член се доставуваат во согласност со прописите за заштита на личните податоци и прописите за класифицирани информации.

(3) Податоците од ставот (1) на овој член можат да се употребат само за намената за која биле дадени и не смеат да се менуваат или да се доставуваат на други лица.

Користење на податоците

Член 12-а

(1) За целите на регистрите и базите на податоци од членот 10 став 1 од овој закон, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство во електронска форма поседува одредени географски податоци како ортофотокарти изработени врз основа на извршено снимање од воздух на целата територија на Република Македонија и дигитален модел на теренот, кои можат да се користат од заинтересирани органи, организации и други субјекти со надоместок.

(2) Органите на државната управа податоците од ставот (1) на овој член ги користат без надоместок за службени потреби.

(3) Доколку органите на државната управа користењето на податоците го бараат за потребите на други субјекти – трети лица, за користењето на истите се должни да платат надоместок.

(4) Висината на надоместокот за доставување и користење на податоците се определува во зависност од висината на реалните трошоци направени за изработката на податоците, видот, формата, количината на податоците и други критериуми.

(5) Начинот на доставување, користење, чување на податоците, како и висината на надоместокот за користење на истите го уредува Владата на Република Македонија, по предлог на Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Земјоделски пазарен информативен систем

Член 13

(1) За водењето на политиката за уредување и поддршка на земјоделски пазари Министерството воспоставува земјоделски пазарен информативен систем.

(2) Министерството собира, обработува и објавува податоци за количини и цени на одделни земјоделски производи на репрезентативни пазари.

(3) Министерот ги определува репрезентативните пазари и ги утврдува видот, обемот, роковите и субјектите кои ги доставуваат податоците.

(4) Средствата за водење земјоделски пазарен информативен систем се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија.

Корисници на средства

Член 14

(1) Право на користење на средствата согласно со овој закон имаат земјоделски стопанства запишани во регистарот од членот 15 на овој закон и други корисници и земјоделските задруги регистрирани согласно со Законот на земјоделски задруги под услови и на начин пропишани со овој закон.

(2) Корисниците на средствата од програмата за финансиска поддршка во земјоделството и програмата за финансиска подршка на руралниот развој треба да ги имаат подмирено сите финансиски обврски утврдени во членот 14-а став (2) од овој закон.

(3) По исклучок од став (2) на овој член корисниците на средствата од програмата за финансиска поддршка во земјоделството и програмата за финансиска подршка на руралниот развој кои имаат неподмирени, а доспеани финансиски обврски утврдени во членот 14-а став (2) од овој закон, истите треба да ги подмират под услови и начин пропишани со член 14-а од овој закон.

(4) Корисниците од ставот (1) на овој член мора да ја чуваат целокупната документација и доказниот материјал за работењето, особено во врска со исполнувањето на условите за користење на средствата и документацијата за користена финансиска поддршка и/или помош, најмалку пет години од годината во која е користена финансиската помош.

Подмирување на обврските

Член 14-а

(1) Користењето и исплатата на средствата од програмата за финансиска поддршка во земјоделството и програмата за финансиска поддршка на руралниот развој се врши откако ќе се спроведе постапка за подмирување на неплатени, а доспеани финансиски обврски на корисникот на средствата од износот на одобрената финансиската поддршка.

(2) Финансиските обврски на корисникот на средствата се по следните основи:

- обврски по основ на закуп за користење на државно земјоделско земјиште;

- обврски по основ на закупнина за користење на државни пасишта;

- обврски по однос на воден надомест;

- обврски по основ на концесија на рибите за стопански и рекреативен риболов;

- обврски по основ на концесија за давање на дивечот во ловиштата на користење и

- обврски по основ на даноци и придонеси за кои е надлежна Управата за јавни приходи.

(3) Неплатените, а доспеани финансиски обврски од ставот (2) на овој член се подмируваат преку Агенцијата.

(4) Агенцијата во постапката за исплата на одобрената финансиска поддршка го задржува износот на неплатените, а доспеани финансиски обврски од ставот (2) на овој член и го пренесува на сметката на субјектот надлежен за утврдување и наплата на соодветното побарување.

(5) Неплатените, а доспеани финансиски обврски од ставот (2) алинеја 1, 2, 3, 4, 5 и 6 на овој член се утврдуваат со состојба на 15 јануари во годината за која се остварува правото на финансиска поддршка.

(6) Неплатените, а доспеани финансиски обврски од ставот (2) алинеја 7 на овој член се утврдуваат со состојба на денот кога е одобрен износот на финансиската поддршка за исплата.

(7) Начинот, субјектите, евиденцијата, постапката за подмирување на финансиските обврски од износот на финансиската поддршка, начинот и формата на размена на податоците и исплатата на финансиската поддршка ги уредува Владата по предлог на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство и министерот за финансии.

Единствен регистар на земјоделски стопанства

Член 15

(1) Министерството води единствен регистар на земјоделски стопанства (во натамошниот текст: ЕРЗС).

(2) Во ЕРЗС задолжително се запишуваат земјоделски стопанства кои:

1) бараат остварување на правото за користење на средства од мерките согласно со овој закон и

2) се запишани во регистрите формирани согласно со законите од областа на земјоделството, сточарството, рибарството и аквакултурата, ветеринарството, безбедноста на храна и здравје и заштита на растенијата.

(3) За потребите на водењето на ЕРЗС, Министерството во согласност со прописите за заштита на личните податоци, може да обработува лични податоци на членовите на семејните земјоделски стопанства (име и презиме, место и адреса на живеење) вклучително и единствениот матичен број.

(4) Основа за водење на ЕРЗС и неговото поврзување со други регистри е единствениот идентификациски број на земјоделското стопанство (во натамошниот текст: ИДБР).

(5) ИДБР се одредува при упис на земјоделското стопанство во ЕРЗС при што на едно земјоделско стопанство му се доделува еден ИДБР.

(6) Употребата на ИДБР е задолжителна во сите регистри формирани согласно со закон.

(7) Носителот на семејно земјоделско стопанство и членовите на семејното земјоделско стопанство се семејно поврзани и може да се запишат само во едно семејно земјоделско стопанство во регистарот од ставот (1) на овој член.

(8) Носител на семејно земјоделско стопанство е член на семејното земјоделско стопанство кој е овластен од другите членови на семејното земјоделско стопанство.

(9) Местото на живеење на носителот и членовите на семејно земјоделско стопанство задолжително е на иста адреса на живеење.

(10) Во случај кога адресата на живеење е и седиште на правно лице носител на земјоделско стопанство се запишува едно земјоделско стопанство во регистарот од ставот (1) на овој член.

(11) Едно правно лице може да е запишано како носител на едно земјоделско стопанство.

(12) Доколку едно правно лице носител на земјоделско стопанство учествува во сопственичка структура на друго правно лице носител на земјоделско стопанство, односно постои капитална поврзаност меѓу правни лица носители на земјоделски стопанства, во ЕРЗС се запишуваат како едно земјоделското стопанство.

(13) Носителот на земјоделското стопанство е обврзан секоја промена на податоците во ЕРЗС да ја пријави во Министерството во рок од 15 дена од настанатата промена.

(14) Барање за промена на податоците во единствениот регистар на земјоделски стопанства може да поднесе и друг овластен член на семејното земјоделско стопанство од редот на наследници на земјоделскиот имот на семејното земјоделско стопанство во случај на смрт на носителот на семејното земјоделско стопанство.

(15) Барање за промена на податоците во единствениот регистар на земјоделски стопанства за земјоделско стопанство чии носител е правно лице може да поднесе овластеното лице на правното лице - носител на земјоделското стопанство или овластен застапник на правното лице - носител на земјоделското стопанство.

(16) По исклучок од ставовите (12), (13) и (14) на овој член, промена на податоци во ЕРЗС може да се врши врз основа на податоци од инспекциски надзор на Државниот инспекторат за земјоделство, извршена контрола од Агенцијата врз основа на примени барања за користење на средства согласно со овој закон, извршена контрола од Агенцијата за храна и ветеринарство и врз основа на податоците од Интегриран систем за администрација и контрола.

(17) Министерството издава решение за запишување и решение за бришење од ЕРЗС.

(18) За промена на податоците во ЕРЗС Министерството издава ново решение за запишување во ЕРЗС.

(19) Содржината и формата на решението за запишување во ЕРЗС и решението за бришење од ЕРЗС ги пропишува министерот.

(20) Министерот ги пропишува видот на податоците, постапката и начинот за запишување и доделување на ИДБР и за промена на податоци и бришење, содржината и формата на обрасците и потребната придружна документација за запишување, промена на податоци и бришење и начин и рок за ракување, употреба, објавување и чување на податоците од ЕРЗС.

(21) Податоците од ЕРЗС се објавуваат во збирна форма, особено по земјоделски култури, по големина на земјоделски стопанства, по општини и на ниво на Република Македонија.

(22) Право на увид во податоците од ЕРЗС има носителот на семејното земјоделско стопанство или друг овластен член на семејното земјоделско стопанство или овластено лице на правното лице - носител на земјоделското стопанство или овластен застапник на правното лице - носител на земјоделското стопанство во секое време по претходно поднесено барање до Министерството или со електронски пристап на овие лица по претходно добиен кориснички пристап од Министерството.

(23) Во согласност со прописите за заштита на личните податоци, заради договорно уредување на правата и обврските за користење на вода за наводнување и пасишта во државна сопственост, податоците од ставот (3) на овој член може да се употребуваат од страна на водостопанствата и водните заедници основани согласно со Законот за водостопанство и Законот за водните заедници, како и од страна на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта во државна сопственост.

(24) Министерството е должно личните податоци од ставот (3) на овој член да ги чува пет години по престанокот на потребата од обработка на личните податоци на членот на семејно земјоделско стопанство.

Категории на земјоделски стопанства

Член 15-а

Земјоделските стопанства кои најмалку 50% од вкупниот годишен нето приход го остваруваат од вршење на земјоделска дејност се категоризираат во четири категории, и тоа:

- прва категорија - семејни земјоделски стопанства со остварен годишен нето приход од вршење на земјоделска дејност до износот на годишниот нето износ на минималната плата за претходната година, согласно со податоците од Министерството за труд и социјална политика,

- втора категорија - семејни земјоделски стопанства со остварен годишен нето приход од вршење на земјоделска дејност од износот на годишниот нето износ на минималната плата за претходната година, согласно со податоците од Министерството за труд и социјална политика до годишниот износ на минимална основица за пресметка и плаќање на придонесите од задолжително социјално осигурување,

- трета категорија - семејни земјоделски стопанства и земјоделски стопанства со остварен годишен нето приход од вршење на земјоделска дејност од годишниот износ на минимална основица за пресметка и плаќање на придонесите од задолжително социјално осигурување до остварен годишен нето приход од вршење на земјоделска дејност до 2.000.000 денари и

- четврта категорија - земјоделски стопанства со остварен годишен нето приход од вршење на земјоделска дејност над 2.000.000 денари.

Известување до Владата

Член 16

(1) Министерството ја известува Владата за спроведувањето на програмите од членот 7 на овој закон со годишен извештај за спроведување.

(2) Годишниот извештај од ставот (1) на овој член особено содржи:

- тековна анализа на општите развојни состојби во областа на земјоделството и руралните средини,

- извештај за достигнување на утврдените цели од националната стратегија и националната програма,

- извештај за спроведувањето на програмите за финансиска поддршка, вклучително и државната помош и постигнати резултати,

- активности преземени од Министерството и Агенцијата за унапредување на постапките за спроведување на програмите за финансиска поддршка и државната помош,

- извештај од спроведени контроли и инспекциски надзор и утврдени недоследности при спроведување на програмите за финансиска поддршка и државната помош и преземени активности и

- опис на преземени активности на Министерството и Агенцијата за комуникација и публицитет на програмите за финансиска поддршка.

(3) Годишниот извештај од ставот (1) на овој член Министерството го доставува најдоцна до 31 март во тековната за претходната година.

Годишен земјоделски извештај

Член 17

(1) Министерството објавува годишен земјоделски извештај.

(2) Годишниот земјоделски извештај се објавува еднаш во годината на веб страницата на Министерството, но не подоцна од 30 септември во тековната за претходната година.

(3) Годишниот земјоделски извештај особено содржи анализа на состојбите во земјоделството и руралниот развој и преземените активности за спроведување на политиките во претходната година, како и тековните политики за развој на земјоделството и рурален развој од членот 3 став (2) на овој закон.

III. ПАРТНЕРСТВО

Социјални и економски партнери

Член 18

(1) За потребите на планирањето, следењето и спроведувањето на националната земјоделска политика, Министерството воспоставува партнерство со социјални и економски партнери од областа на земјоделството и рурален развој.

(2) Партнерство од ставот (1) на овој член се остварува преку:

- Советот за земјоделство и рурален развој,

- потсекторските постојани групи,

- Меѓуресорското тело за рурален развој,

- Комитетот за следење на повеќегодишната програма за користење на финансиските средства од инструментот за претпристапна помош за развој на земјоделството и руралниот развој од Европската унија и

- Национална рурална мрежа.

(3) Министерството технички ја поддржува работата на телата од ставот (2) на овој член и ги сноси административните и финансиските трошоци за нивната работа.

Совет за земјоделство и рурален развој

Член 19

Владата, на предлог на министерот, формира Совет за земјоделство и рурален развој (во натамошниот текст: Советот) заради остварување на следниве надлежности:

- врши работи на консултативен механизам за политики, планови и програми за развој на земјоделството и руралниот развој и да дава мислење по однос на постигнати резултати од спроведувањето на мерките и инструментите за развој на земјоделството и руралниот развој,

- обезбедува континуирана комуникација меѓу Министерството и социјалните и економските партнери кои се вклучени во спроведување на мерките и инструментите за развој на земјоделството и руралниот развој заради постигнување консензус по одделни прашања од областа на земјоделството и руралниот развој, а особено од областа на уредување на земјоделските пазари,

- ги разгледува и усвојува годишните програми за работа на потсекторските постојани групи и оперативни програми за техничка поддршка од интерес на одделни земјоделски производи или група производи,

- да ги следи анализите на состојбите и препораките на образовни и научни институции, анализите за спроведување на политиките од областа на земјоделството и руралниот развој и

- врши и други работи во врска со планирањето и спроведувањето на целите за развој на земјоделството и руралниот развој.

Работа на Советот

Член 20

(1) Советот донесува Деловник за работа.

(2) Советот одржува редовни состаноци најмалку еднаш во годината.

Членство во Советот

Член 21

(1) Советот е составен од:

- претседателите на потсекторските постојани групи,

- по еден претставник од три најголеми национални здруженија на земјоделски производители по број на членови,

- по еден претставник од двете најголеми здруженија на преработувачи,

- по еден претставник од стопанските комори,

- по еден претставник од високообразовните и научните институции од областа на земјоделството,

- еден претставник од здружение на потрошувачи,

- еден претставник од здружение на единици на локалната самоуправа,

- еден претставник од здруженија за заштита на животната средина и

- еден претставник од здружението основано за унапредување на руралниот туризам.

(2) Со Советот раководи министерот.

(3) Членови на Советот не смеат да бидат државни службеници и нивниот мандат е во траење од две години со право на повторен избор, освен на претседателите на потсекторските постојани групи на кои мандатот им е во времетраење на мандатот од членот 23 став (7) од овој закон.

(4) Членовите на Советот од ставот (1) алинеи 2 и 3 на овој член задолжително се претставници од здруженијата евидентирани во Министерството согласно со членот 24 од овој закон.

Потсекторски постојани групи

Член 22

(1) Министерот формира потсекторски постојани групи за уредување на земјоделски пазари на одделни земјоделски производи или групи на производи.

(2) Потсекторски постојани групи ги остваруваат следниве задачи:

- даваат мислења и ставови по прашања кои произлегуваат од уредување на земјоделските пазари,

- врши работи на консултативен механизам за креирање на политики, планови и програми за развој на земјоделски пазари по одделни земјоделски производи или групи на производи,

- го поддржуваат процесот на континуирана комуникација меѓу учесниците на земјоделските пазари на одделни земјоделски производи или групи на производи во поглед на понуда, побарувачка и цени за земјоделски производи,

- промовираат усогласување по прашања кои произлегуваат од уредувањето на земјоделски пазари по одделни земјоделски производи или групи на производи,

- ги утврдуваат количините на понудата и побарувачката и обсегот на откупните цени на земјоделски производи за тековната производна година или производна сезона, земајќи ги предвид и препораките од образовни и научни институции и ги доставува до Советот најдоцна до април во тековната календарска година,

- предлагаат решенија за надминување на одредени пазарни состојби на страна на понудата, побарувачката или ценовната состојба и

- изработуваат оперативна програма за техничка поддршка од интерес на одделни земјоделски производи или групи на производи, најдоцна до 30 септември во тековната година за реализација во наредната година.

(3) Потсекторските работни групи мислењата и ставовите ги изјавуваат во форма на заклучок.

(4) Потсекторските постојани групи се формираат за следниве земјоделски производи или групи на производи:

- житни култури,

- тутун и други индустриски култури,

- млеко,

- месо (говедско, свинско, овчо, козјо и живинско),

- несилки и јајца,

- грозје и вино,

- овошје,

- зеленчук,

- мед и

- цвеќе и украсни дрва.

(5) Потсекторската постојана група за грозје и вино при утврдување на колочините на понуда и побарувачка на винско грозје, како и ценовната состојба ќе ги имаат предвид препорачаните и одобрените сорти на винско грозје согласно со Законот за виното со препорачана шеќерност по групи на сорти на грозје, и тоа:

- 22 шеќерни единици за прва група,

- 20 шеќерни единици за втора група,

- 18 шеќерни единици за трета група и

- 16 шеќерни единици за четврта група.

(6) Потсекторските постојани групи може да се формираат и за други земјоделски производи или групи на производи.

(7) Работата на потсекторските постојани групи се спроведува преку годишна програма за работа на потсекторски постојани групи која се изготвува најдоцна до 30 ноември од тековната година за реализација во наредната година.

(8) Потсекторските постојани групи донесуваат деловник за работа.

(9) Министерот ја пропишува формата и содржината на годишна програма за работа на потсекторските постојани групи и на оперативната програма за техничка поддршка.

Членство во потсекторските постојани групи

Член 23

(1) Потсекторската постојана група е составена од членови со право на глас и членови со советодавна улога без право на глас.

(2) Членовите со право на глас се номинирани претставници од здруженијата од областа на:

- земјоделското производство,

- преработката на земјоделски производи и

- трговијата со земјоделски производи.

(3) Членови во советодавна улога без право на глас се по еден номиниран претставник од:

- високообразовните институции од соодветната област на земјоделството,

- научните институции од соодветната област на земјоделството,

- здружение на потрошувачи и

- Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството.

(4) Членовите на потсекторската постојана група од ставот (2) на овој член задолжително се претставници од економските партнери евидентирани во Министерството согласно со членот

24 од овој закон, доколку најмалку 200 члена од бројот на членови од членот 24 став (3) точка а), односно најмалку три члена од бројот на членови од членот 24 став (3) точки б) и г) на овој закон претежно се занимаваат со производство на соодветниот земјоделски производ или групи на производи за кој е формирана потсекторската постојана група.

(5) Еден субјект може да номинира најмногу четири члена во една потсекторска постојана група.

(6) Со потсекторската постојана група раководи претседател.

(7) Претседателот се избира од редот на членовите на потсекторската постојана група со право на глас и со мандат од една година без право на последователен избор. За претседател на потсекторската постојана група не може да биде избрано лице кое потекнува од областа од ставот (2) на овој член од која потекнувал претходниот претседател.

(8) Секретар на потсекторската постојана група е член на потсекторската постојана група со право на глас од Министерството и е именуван од министерот со посебно решение. Секретарот ги закажува седниците на потсекторската постојана група по сопствена иницијатива или по барање на претседателот и се грижи за спроведување на заклучоците.

(9) Членови на подсекторска постојана група не можат да бидат државни службеници, освен секретарот и претставниците од Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството.

(10) Членот на потсекторската постојана група кој е избран за претседател го задржува правото на глас за времетраење на мандатот. По истекот на мандатот претседателот продолжува со членството во потсекторската постојана група.

Евиденција на социјални и економски партнери

Член 24

(1) За социјалните и економските партнери со кои се воспоставува и остварува партнерство, Министерството води евиденција.

(2) Социјални и економски партнери за кои се води евиденција во Министерството се:

а) социјални партнери - здруженија на граѓани кои се основани за унапредување на социјален интерес од областа на:

- заштита на животната средина, агроекологија и агробиодиверзитет,

- заштита на природното, културното и традиционалното наследство на руралните средини,

- заштита на интересите и улогата на млади земјоделски производители, или жени земјоделски производители,

- промоција на улогата на руралната жена за развој на земјоделството и руралните средини,

- заштита на интересите на жителите на руралните средини за подобрување на квалитет на животот на руралното население и

- заштита на интересите на работниците во земјоделското производство и

б) економски партнери - здруженија на граѓани кои се основани за унапредување на економските интереси на земјоделските производители, преработка на земјоделски производи или трговци со земјоделски производи, задруги и задружни сојузи од областа на земјоделското производство и групации во рамките на стопанските комори од областа на земјоделската дејност и преработка на земјоделски производи.

(3) Економските партнери од ставот (2) точка б) на овој член за да бидат евидентирани во Министерството треба да ги исполнуваат следниве дополнителни услови за:

а) здруженија на земјоделски производители со број на членови од најмалку 1.000 земјоделски стопанства евидентирани во ЕРЗС;

б) здруженија на преработувачи или трговци со земјоделски производи со број на членови од најмалку десет правни лица со претежна дејност преработка или трговија на земјоделски производи;

в) задруги и задружни сојузи од областа на земјоделско производство да остваруваат годишен приход од продажба на земјоделски производи на членовите на задругата од најмалку 6.000.000 денари годишно и

г) групациите во рамките на стопанските комори од областа на земјоделството со десет правни лица кои се занимаваат со земјоделска дејност, преработка или трговија на земјоделски производи.

(4) Начинот за упис и бришење од евиденцијата од ставот (1) на овој член и потребната документација ја пропишува министерот.

(5) Областите од ставот (2) на овој член задолжително се наведени во оснивачкиот акт на здружението, статутот како и актите за работа.

Меѓуресорско тело за рурален развој

Член 25

(1) За целите на креирање на интегрирана политика на рурален развој Владата, на предлог на министерот формира Меѓуресорско тело за рурален развој.

(2) Со Меѓуресорското тело за рурален развој раководи државен секретар на Министерството.

(3) Во Меѓуресорското тело за рурален развој членува по еден претставник од:

1) министерствата за:

- земјоделство, шумарство и водостопанство,

- финансии,

- економија,

- локална самоуправа,

- култура,

- труд и социјална политика,

- образование и наука,

- животна средина и просторно планирање и

- транспорт и врски;

2) Секретаријатот за европски прашања и

3) агенциите за:

- финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој и

- поттикнување на развојот на земјоделството.

(4) Претставниците на органите на државната управа и агенциите од ставот (3) на овој член се државни секретари или директори.

(5) Во работата на Меѓуресорското тело за рурален развој по потреба може да се вклучат и претставници од други органи на државната управа, агенции, институции или социјалните и економските партнери.

(6) Меѓуресорското тело за рурален развој ги разгледува и дава мислење по стратешките документи и програмите од областа на финансиите, економијата, локалната самоуправа и регионалниот развој, културата, трудот и социјалната политика, образованието и науката, животната средина и просторното планирање, транспортот и врските од аспект на руралниот развој, идентификува прашања и проблеми од областа на руралниот развој, предлага решенија, обезбедува координиран настап и презема други активности поврзани со процесот на креирање и координирање на интегрирана политика на рурален развој.

(7) Меѓуресорското тело за рурален развој донесува Деловник за работа.

(8) Меѓуресорското тело за рурален развој остварува состаноци најмалку двапати годишно и ја информира Владата за својата работа најмалку еднаш во годината најдоцна до 31 декември.

Комитет за следење на повеќегодишната програма за користење на финансиските средства од инструментот за претпристапна помош за развој на земјоделството и руралниот развој од Европската унија

Член 26

(1) За целите на следење на ефикасноста и квалитетот на спроведувањето на повеќегодишната програма за користење на финансиските средства од инструментот за претпристапна помош за развој на земјоделството и руралниот развој од Европската унија Владата, на предлог на министерот, формира Комитет за следење на повеќегодишната програма за користење на финансиските средства од инструментот за претпристапна помош за развој на земјоделството и руралниот развој.

(2) Одредбите за составот и бројот на членовите на Комитетот од ставот (1) на овој член, правилата и процедурите за негова работа се утврдени согласно со меѓународните договори склучени за искористување на средствата од претпристапната помош на Европската унија.

Национална рурална мрежа

Член 26-а

(1) Национална рурална мрежа претставува платформа за воспоставување на партнерство со сите заитересирани страни кои дејствуваат во руралните средини за потребите на планирањето, следењето и спроведувањето на Националната програма за рурален развој.

(2) Воспоставувањето, организацијата, членството и работата на Националната рурална мрежа на Република Македонија на предлог на Министерството ги пропишува Владата.

(3) Министерството обезбедува административна и техничка поддршка за работата на Националната рурална мрежа.

(4) Трошоците за воспоставување и работа на Националната рурална мрежа се финансираат од средствата за спроведување на Националната програма за рурален развој и/или од повеќегодишна програма за користење на финансиските средства од инструментот за претпристапна помош за развој на земјоделството и руралниот развој од Европската унија.

(5) Начинот и условите за финансирање на работата и активностите на Националната рурална мрежа, прифатливите трошоци, висината на финансирањето и дополнителните услови ги пропишува министерот.

IV. ПОЛИТИКА ЗА УРЕДУВАЊЕ И ПОДДРШКА НА ПАЗАРИТЕ СО ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИ

Политика за уредување и поддршка на пазарите со земјоделски производи

Член 27

(1) Политиката за уредување и поддршка на пазарите со земјоделски производи се спроведува преку следниве мерки:

- уредување на условите и начинот за вршење на трговија со земјоделски производи со цел за зачувување на конкурентските услови и договорните односи во процесот на додадена вредност и

- пазарна поддршка со цел за надминување на пазарните нарушувања и обезбедување на стабилност на доходот на земјоделските производители.

(2) Мерки на пазарната поддршка од ставот (1) алинеја 2 на овој член се:

1) интервенциски мерки;

2) мерки за поттикнување на потрошувачка и

3) мерки за заштита на пазарот.

Финансиски гаранции

Член 28

(1) Субјектите на кои се однесуваат мерките за уредување и поддршка на пазарите со земјоделски производи од делот IV на овој закон, на барање на Министерството, можат да дадат финансиски и друг вид гаранции за исполнување на одредени обврски поврзани со мерките за уредување на пазарите на земјоделски производи.

(2) Доколку обврската поради која е дадена финансиската и друг вид гаранција од ставот (1) на овој член е исполнета, депозитот се враќа.

(3) Видот на гаранцијата и висината на финансиската и на друг вид гаранција од ставот (1) на овој член ја пропишува министерот.

1. Уредување на условите и начин за вршење на трговија со земјоделски производи

Трговија со земјоделски производи

Член 29

(1) Трговијата со земјоделски производи се врши под услови и на начин од членовите 30, 31, 32, 33, 34, 35 и 36 на овој закон.

(2) За се што не е уредено со овој закон важат одредбите од Законот за трговија, Законот за облигационите односи и Царинскиот закон.

Продажба на земјоделски производи

Член 30

(1) Продажбата на земјоделски производи може да се врши директно од земјоделското стопанство, на пазарите на мало и големо за земјоделски производи, продажба од мобилна тезга, продажба на саеми, продажба преку интернет, продажба на места за откуп (во натамошен текст: откупни центри), продажба на собирни места и продажба на добиточни пазари.

(2) Продажбата од ставот (1) на овој член може да ја вршат:

- земјоделски стопанства,

- трговски друштва со примарна дејност производство на земјоделски производи и трговија со земјоделски производи,

- земјоделски задруги со примарна дејност производство на земјоделски производи,

- земјоделски задруги со примарна дејност трговија со земјоделски производи и

- организации на производители.

(3) Од земјоделски имот може да се продаваат земјоделски производи произведени од земјоделското стопанство и производи од дополнителна дејност на земјоделското стопанство наменети за крајна потрошувачка.

(4) Продажбата на земјоделски производи од земјоделски имот може да ја врши носителот на земјоделското стопанство или лице кое е член на семејното земјоделско стопанство и кое е овластено од носителот на земјоделското стопанство.

(5) Семејното земјоделско стопанство на регистриран откупувач запишан во регистарот од членот 33 од овој закон е должно продажбата да ја врши врз основа на писмен договор склучен согласно со членот 32 од овој закон.

Откуп на земјоделски производи

Член 31

(1) Откуп на земјоделски производи, освен тутун, се врши во вид на трговија на големо, откуп за преработка на земјоделски производи и откуп за сопствени потреби доколку се врши на откупно место согласно одредбите од овој закон, а за се што не е уредено во овој закон согласно со Законот за трговија.

(2) Откуп на земјоделски производи можат да вршат само правни лица кои се регистрирани за преработка на земјоделски производи и правни лица кои се регистрирани за вршење на трговија со земјоделски производи и запишани во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи што се води при Министерството.

(3) Откупот на земјоделски производи се врши само на откупни места одредени од откупувачот кои ги исполнуваат условите согласно со членовите 31, 32, 33 и 34 од овој закон и за кои го известил Министерството во рок од најмалку 30 дена пред почетокот на откупот на предвиденото откупно место.

(4) На секое откупно место задолжително се истакнуваат цените за секоја категорија на квалитет на земјоделските производи кои се предмет на откуп и тоа најмалку десет дена пред започнувањето на откупот на земјоделските производи, а по започнување на откупот на секој седми ден се истакнуваат минималните цени по земјоделски производ и/или класа според кои ќе се врши откупот наредните седум дена.

(5) Откупот се врши со писмен договор за производна година склучен за минимум 50% од реализираните количини, најмалку 45 дена пред вршењето на откупот и писмен договор склучен на местото на откуп за останатите количини по цени истакнати согласно со ставот (4) на овој член или по повисоки цени, во форма и содржина согласно со членот 32 од овој закон.

(6) Покрај условите од ставовите (2), (3) и (4) на овој член откупувачите треба да ги исполнуваат и следниве услови:

- да имаат соодветна големина на правното лице и шифра на дејност,

- да имаат ликвидност во смисла на расположливи финансиски средства за откуп на земјоделски производи,

- солвентност во смисла на намирени обврски за откуп на земјоделски производи,

- да располагаат со соодветни објекти за преземање, сортирање, складирање и чување на земјоделските производ и опремата и

- да имаат склучени договори за трговија на големо на откупените земјоделски производи, доколку откупот го вршат правни лица кои се регистрирани за вршење на трговија со земјоделски производи.

(7) Поблиските услови од ставовите (3) и (6) на овој член ги пропишува министерот.

(8) Откупувачот е должен најдоцна до 31 март во тековната година до Министерството да достави податоци за планираните количини за откуп на земјоделски производи до 31 март наредната година, како и податоци за реализиран откуп за претходната година.

(9) Откупувачот е должен најдоцна до 15 во тековниот месец во електронска форма да достави податоци за реализиран откуп на земјоделските производи од претходниот месец и за планираниот откуп на земјоделски производи за наредниот месец.

(10) Видот на податоците од ставовите (8) и (9) на овој член, начинот на доставување, формата и содржината на образецот за доставување на податоците ги пропишува министерот.

(11) Податоците од ставовите (8) и (9) можат да бидат користени за потребите на земјоделскиот пазарен информативен систем од членот 13 од овој закон.

Форма и содржина на договор за откуп на земјоделски производи

Член 32

(1) Договорот за откуп на земјоделски производи (во натамошниот текст: договорот) се склучува во писмена форма.

(2) Договорот од ставот (1) на овој член особено содржи:

- вид на производ и квалитет,

- цена и количина на производот,

- времетраење на договорот,

- локација и време на предавање на предметот од договорот,

- начин и рок на исплата и

- одредби за престанување и раскинување на договорот.

(3) Договорот се однесува за една или повеќе производни години.

(4) Исплатата на откупените земјоделски производи откупувачот е должен да го изврши во рок од 30 дена од денот на откупот, односно предавање на земјоделскиот производ во откупни центри.

(5) По исклучок на ставот (4) на овој член, договорот може да предвидува авансна исплата со исплата на остаток од вредноста на производот најдоцна до 90 дена од денот на откупот или исплата на средства во висина до 20% од вредноста на производот во рок од 20 дена од денот на откупот и рокот на исплата на остаток од вредноста не подолг од 90 дена од денот на откупот.

(6) Откупувачот е должен податоците од договорот од ставот (2) на овој член, како и измените на податоците да ги внесува во електронска форма во регистарот од членот 4 на овој закон.

(7) Измена на договорот од ставот (1) на овој член договорните страни можат да извршат најдоцна десет дена пред предавање на производот од договорот.

(8) Производителот не смее да склучува договор за количини на даден земјоделски производ за кои има склучено договор со друг откупувач.

(9) Доколку цената од ставот (2) на овој член се одредува како опсег на минимална и максимална цена, износот на опсегот на договорната цена се пресметува како:

- 40% од минималната цена за минимални цени до 10 денари по единица производ,

- 30% од минималната цена за минимални цени од 10 до 20 денари по единица производ и

- 20% од минималната цена за минимални цени над 20 денари по единица производ.

(10) Точниот износ на цената од ставот (9) на овој член се утврдува најдоцна на денот на откупот на земјоделските производи во рамките на договорениот обсег имајќи ја предвид пазарната цена на производот.

(11) Во случај кога пазарната цена е повисока од максималната цена во рамките на договорениот обсег, откупната цена е максималната во договорениот опсег.

(12) Во случај кога пазарната цена е пониска од минималната цената во рамките на договорениот опсег, откупната цена е минималната во договорениот опсег.

(13) Пазарната цена е цена на земјоделските производи на пазарите во Република Македонија за која се води евиденција во Министерството согласно со Земјоделскиот пазарен информативен систем.

Упис во Регистарот на откупувачи

Член 33

(1) Откупувачите на земјоделски производи поднесуваат барање до Министерството за запишување во регистарот на откупувачи на земјоделски производи.

(2) Овластеното службено лице од Министерството кое ја води постапката за упис во регистарот на откупувачи на земјоделски производи и регистарот на увозници на одделни земјоделски производи е должно во рок од три дена од денот на приемот на барањето од ставот (1) на овој член по службена должност да поднесе барање за прибавување на документи за исполнетост на условите од членот 31 став (6) алинеја 1 од овој закон до надлежниот јавен орган.

(3) Овластеното службено лице од надлежниот јавен орган од кој се побарани доказите и документите од ставот (2) на овој член е должно да ги достави во рок од три дена од денот на приемот на барањето.

(4) Министерството донесува решение за упис во регистарот на откупувачи на земјоделски производи односно решение за одбивање на барање за упис во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето.

(5) Против решението на Министерството за одбивање на барањето за упис од ставот (4) на овој член барателот има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

(6) Формата и содржината на барањето од ставот (1) на овој член, како и потребната документација за утврдување на исполнетоста на условите од членот 31 од овој закон ги пропишува министерот во согласност со министерот за информатичко општество и администрација.

Начин на водење на Регистарот на откупувачи на земјоделски производи

Член 34

(1) Регистарот на откупувачи на земјоделски производи се води во електронска форма и содржи податоци од членовите 31 ставови (8) и (9), 32 став (2) и од барањето за упис од членот 33 на овој закон.

(2) Покрај податоците од ставот (1) на овој член во Регистарот задолжително се регистрираат сите промени на запишаната состојба.

(3) За промените од ставот (2) на овој член регистрираните откупувачи се должни да го известат Министерството во рок од 15 дена од денот на настанувањето на промената.

Бришење од Регистарот на откупувачи на земјоделски производи

Член 35

(1) Министерот со решение ги брише регистрираните откупувачи од Регистарот од членот 33 на овој закон во следниве случаи:

- по писмено барање од органот на управување на регистрираниот откупувач,

- при објавување на ликвидација или отворена стечајна постапка,

- доколку се утврди дека откупувачот е регистриран врз основа на неточни податоци и

- кога ќе престане да ги исполнува условите од членот 31 на овој закон.

(2) Против решението од ставот (1) на овој член откупувачот може во рок од 15 дена од денот на приемот на истото да изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

(3) По правосилноста на решението од ставот (1) на овој член откупувачот се брише од Регистарот на откупувачи.

Регистар на увозници на одделни земјоделски производи

Член 36

(1) Правните лица кои увезуваат одделни земјоделски производи (во натамошниот текст: увозници) со цел да ги продаваат во првобитна, доработена или во преработена форма се регистрираат во Регистарот на увозници на одделни земјоделски производи.

(2) Услови за упис во регистарот на увозници на одделни земјоделски производи се:

- да имаат соодветна големина на правното лице и шифра на дејност,

- солвентност во смисла на намирени обврски за откуп на земјоделски производи,

- да располагаат со соодветни објекти и опрема за преземање, сортирање, складирање и чување на земјоделски производи и

- да имаат склучени договори за продажба на увезените земјоделски производи доколку не се наменети за сопствена преработка.

(3) На барање на Министерството, покрај условите од ставот (2) на овој член, увозниците на одделни земјоделски производи треба да достават доказ за ликвидност во работењето во вид на банкарски гаранции.

(4) Условите од ставовите (2) и (3) на овој член поблиску ги пропишува министерот.

(5) Постапката за упис, начинот на водење и бришење од регистарот на увозници на одделни земјоделски производи се врши согласно со членовите 33, 34, 35 и 36-а од овој закон.

(6) Владата на предлог на министерот ги пропишува одделните земјоделски производи од ставот (1) на овој член.

Член 36-а

(1) Увозниците поднесуваат барање до Министерството за запишување во регистарот на увозници на одделни земјоделски производи.

(2) Формата и содржината на барањето од ставот (1) на овој член како и потребната документација за исполнетост на условите од членот 36 став (2) од овој закон ги пропишува министерот.

(3) Овластеното службено лице од Министерството кое ја води постапката за упис во регистарот на увозници на одделни земјоделски производи е должно во рок од три дена од денот на приемот на барањето од ставот (1) на овој член по службена должност да поднесе барање за прибавување на документи за исполнетост на условите од членот 36 став (2) алинеја 1 од овој закон до надлежниот јавен орган.

(4) Овластеното службено лице од надлежниот јавен орган од кој се побарани доказите и документите од ставот (3) на овој член е должно да ги достави во рок од три дена од денот на приемот на барањето.

(5) Министерството донесува решение за упис во регистарот на увозници на одделни земјоделски производи, односно решение за одбивање на барање за упис во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето.

(6) Против решението на Министерството за одбивање на барањето за упис од ставот (4) на овој член барателот има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

2. Мерки за стабилизација на пазарите на земјоделски производи

Интервенциски мерки

Член 37

(1) Интервенциските мерки се наменети за стабилизација на пазарите на земјоделски производи и можат да се воведат кога настанува нарушување меѓу понудата и побарувачката на домашниот пазар на земјоделски производи.

(2) Мерките од ставот (1) на овој член можат да се реализираат по пат на:

- интервентен откуп и

- поддршка за складирање.

(3) Мерките од ставот (2) на овој член се однесуваат на пченица од домашно производство.

(4) Владата на предлог на министерот, може да определи и други земјоделски производи за кои се однесуваат мерките од ставот (2) на овој член.

Интервентен откуп

Член 38

(1) Заради стабилизирање и уредување на пазарот со пченица, а за потребите на стоковите резерви, под услови и постапка пропишани со овој закон се врши интервентен откуп на пченица.

(2) Интервентниот откуп може да се врши само на пченица која е произведена во Република Македонија и која ги исполнува условите и критериумите за интервентен откуп пропишани со овој закон.

Надлежен орган

Член 39

(1) Спроведувањето на интервентниот откуп на пченицата го врши Министерството, преку Агенцијата и Агенцијата за стокови резерви.

(2) Агенцијата ја спроведува постапката за избор на прифатливи понудувачи, согласно со одредбите од овој закон.

(3) Агенцијата за стокови резерви склучува договори за набавка на пченица со избраните понудувачи од ставот (2) на овој член.

(4) Исплатата на средствата за реализација на договорите за набавка на пченица од ставот (3) на овој член се врши од страна на Агенцијата за стоковни резерви во висина на пазарната цена на пченицата од членот 40 став (3) од овој закон со средства обезбедени од Буџетот на Република Македонија.

Интервентна цена

Член 40

(1) Набавката од членот 39 став (3) на овој закон се врши по интервентна цена.

(2) Владата, на предлог на Министерството, ја утврдува висината на интервентната цена на пченицата во рамките на просечните производни трошоци за производство на килограм пченица за дадената производна сезона зголемени до 25%.

(3) Пазарната цена е просечна месечна откупна цена на пченица на пазарите во Република Македонија која се води согласно со Земјоделскиот пазарен информативен систем.

(4) Доколку пазарната цена на пченицата е повисока од просечните производни трошоци, не се врши интервентен откуп.

(5) Просечните производни трошоци се утврдуваат врз основа на податоците од мрежата на сметководствени податоци од земјоделски стопанства.

(6) Разликата меѓу интервентната и пазарната цена за откупената пченица се обезбедува со програмите од членот 7 став (3) на овој закон.

Оглас и понуди за интервентен откуп

Член 41

(1) Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој, на барање на Агенцијата за стокови резерви објавува оглас за прибирање на понуди за интервентен откуп на пченица.

(2) Јавниот оглас задолжително содржи:

- вид и квалитет на пченицата,

- вкупна количина на пченица која ќе биде откупена,

- услови кои треба да ги исполнуваат понудувачите во однос на организациона форма и големина на производните капацитети,

- критериуми за избор на прифатливи понудувачи,

- локација на складиштата,

- потребна документација,

- начин и рок на доставување на понудата и

- други потребни податоци.

Услови

Член 42

(1) Право на учество на огласот од членот 41 на овој закон имаат земјоделските стопанства регистрирани во ЕРЗС.

(2) Земјоделски стопанства можат да ги понудат само количините на сопствената произведена пченица на површините пријавени во ЕРЗС за дадената производна сезона.

(3) Минималната количина која може да биде понудена од еден понудувач е 10.000 килограми, а максималната 50.000 килограми пченица.

(4) Критериум врз основа на кој ќе се врши изборот на прифатливи понудувачи е времето на поднесување на комплетна понуда.

(5) Во случај на поголем број на прифатливи понуди од огласените количини, се избира понудата на понудувачите кои порано поднеле комплетна понуда во рамките на рокот за поднесување.

Постапка за избор и известување по понудите за интервентен откуп

Член 43

(1) Директорот на Агенцијата донесува решение за избор на прифатливи понудувачи по објавениот јавен оглас.

(2) Решението од ставот (1) на овој член задолжително содржи име и презиме на понудувачот, адреса на понудувачот и количина на пченицата за интервентен откуп.

(3) Против решението од ставот (1) на овој член не е дозволена жалба и истото е конечно во управна постапка.

(4) Против решението од ставот (1) на овој член може да се поведе управен спор. Поведувањето на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

(5) По конечноста на решението од ставот (1) на овој член Агенцијата за стокови резерви склучува договори за набавка на пченица со избраните понудувачи на пченица за интервентен откуп.

Поддршка за складирање

Член 44

(1) Поддршка за складирање значи обезбедување на пониска цена за складирање или покривање на трошоците за складирање на одделни земјоделски производи.

(2) Постапката за доделување на финансиската поддршка од ставот (1) на овој член и потребната документација, корисниците, висина на поддршката, условите за складирање и видот и квалитетот на производите ги пропишува Владата на предлог на министерот.

Мерки за поттикнување на потрошувачката

Член 45

(1) Мерките за поттикнување на потрошувачката на свежо овошје и зеленчук и млеко и млечни производи се насочени кон подобрување на квалитетот на исхраната на лица под 18 години, лица изложени на социјални ризици по здравјето и ризици од сиромаштија, вклучени во државниот образовен, здравствен и социјален систем.

(2) Мерки за поттикнување на потрошувачката на свежо овошје и зеленчук и млеко и млечни производи се:

- откуп на свеж зеленчук и овошје и млеко и млечни производи произведени во Република Македонија и

- пакување и дистрибуција на откупените производи.

(3) За остварување на целите од ставот (1) на овој член Владата, на предлог на министерот, донесува програма за поттикнување на потрошувачката на свежо овошје и зеленчук и млеко и млечни производи.

(4) Програмата од ставот (3) на овој член содржи:

- вид и квалитет на производот,

- количини на производот,

- временски рокови за реализација на мерките од ставот (2) на овој член,

- финансиски средства потребни за реализација на мерките од ставот (2) на овој член и

- корисниците од ставот (1) на овој член.

(5) Постапката за откуп, пакување и дистрибуција на откупените производи ја спроведува Агенцијата, согласно со Законот за јавни набавки.

(6) Набавените производи согласно со ставот (5) од овој закон, без надоместок, со договор ги доделува на корисниците утврдени во програмата од ставот (4) на овој член.

2. Мерки за заштита на пазарот

Посебни мерки

Член 46

(1) При опасност од сериозни нарушувања на пазарот со земјоделски производи, кои можат да ги загрозат целите на националната земјоделска политика, Владата може да воведе посебни мерки за заштита на пазарот во период додека не помине нарушувањето или опасноста од нарушување на пазарот.

(2) Посебни мерки за заштита на пазарот се:

- пропишување на дополнителни увозни давачки над минимална цена на граница и

- врзување на количини на увоз на одредени земјоделски производи со откупот на земјоделски производи произведени во Република Македонија.

(3) Минималната цена на граница од ставот (2) алинеја 1 на овој член ја утврдува Владата, на предлог на Министерството за финансии за посебни земјоделски производи во услови на нарушување на домашниот пазар.

(4) Владата на предлог на министерот ги утврдува производите и односот на количините од ставот (2) алинеја 2 на овој член.

V. ПОЛИТИКА НА ДИРЕКТНИ ПЛАЌАЊА

Директни плаќања

Член 47

(1) Директните плаќања се мерка за поддршка на доходот на земјоделските стопанства и на откупувачи на земјоделски производи запишани во регистарот од член 33 од овој закон.

(2) Директните плаќања се исплаќаат на земјоделските стопанства и тоа по површина земјоделско земјиште, единица земјоделски производ и грло добиток, а на откупувачи на земјоделски производи запишани во регистарот од членот 33 од овој закон за откупени земјоделски прозиводи.

(3) Висината на директните плаќања од ставот (2) на овој член се утврдува во зависност од видот на културата, видот, класата и квалитетот на земјоделскиот производ и видот на добитокот.

(4) Правото на директни плаќања може да се ограничи со располагање на минимум површина земјоделско земјиште и/или број на минимум грла добиток и/или минимум единица земјоделски производ од страна на корисниците од членот 14 на овој закон.

(5) Максималниот износ на директните плаќања по корисник може да се ограничи во зависност од големината на површината на земјоделско земјиште, единицата земјоделски производ и бројот на грла добиток со кои располага корисникот.

(6) Поблиските критериуми од ставовите (2), (3) и (4) на овој член, корисниците од членот 14 на овој закон по одделни мерки, максималните износи од ставот (5) на овој член и начинот на директните плаќања, годишно ги пропишува Владата на предлог на министерот.

Интегриран систем за администрација и контрола

Член 48

(1) Спроведувањето на мерките на директни плаќања може да се врши преку интегриран систем на администрација и контрола (во натамошниот текст: ИСАК) кој овозможува усогласено функционирање и непречена размена на податоци меѓу следниве елементи на системот:

- компјутерска база на податоци од барањата за директни плаќања на земјоделските стопанства во тековната година и најмалку четири претходни години,

- систем за идентификација на земјишни парцели кој функционира на ниво на референтна парцела, воспоставен врз основа на карти, катастарски документи или друга картографска документација и чија употреба е овозможена преку технологија на компјутеризиран географички информативен систем, вклучително воздушни или просторни ортоснимки со хомогенизирана стандардна и гарантирана точност најмалку еквивалентна на картографија со размер 1:10.000,

- систем за идентификација и регистрација на правото на директни плаќања кој овозможува верификација на правото на директни плаќања на земјоделското стопанство и вкрстени проверки со податоците од барањето за директни плаќања и од системот за идентификација на земјишни парцели во тековната година и најмалку четири претходни години,

- систем за идентификација и регистрација на животните кој овозможува податоци за бројната состојба на животните по раси и видови,

- барања за директни плаќања,

- контролен систем за утврдување на усогласеност на податоците од барањето со условите за доделување на директните плаќања,

- единствен систем за проверка на идентитетот на секој носител на земјоделско стопанство кој поднесува барање за директни плаќања и

- регистарот на откупувачи на земјоделски производи.

(2) Администрацијата на мерките на директни плаќања вклучува постапки за:

- поднесување на барање за директни плаќања согласно со пропишаните услови,

- административни проверки и контроли на сите барања за директни плаќања, како и контрола на самото место која се изведува на примерок од земјоделски стопанства врз основа на план за избор,

- одобрување на барањето за директни плаќања,

- пресметка на висината на директните плаќања и

- исплата и/или повраток на директните плаќања.

(3) За спроведување на директните плаќања, во зависност од видот на мерките, се применуваат еден или повеќе елементи на ИСАК.

(4) Начинот на функционирање на ИСАК и меѓусебната размена на податоци, како и формата, содржината и начинот на водење на соодветните регистри и бази на податоци ги пропишува министерот.

(5) Начинот на функционирање на елементите на ИСАК во надлежност на Агенцијата ги пропишува директорот на Агенцијата.

(6) Елементи на ИСАК може да се користат и за спроведување на други мерки од политиките на поддршка на земјоделството и руралниот развој.

Вкрстена сообразност за директни плаќања

Член 49

(1) Директните плаќања може да бидат условени со исполнување на задолжителни барања или услови поврзани со заштита на животната средина, здравјето на луѓето, животните и растенијата и благосостојба на животните, како и со исполнување на посебни минимални услови

за добра земјоделска пракса и заштита на животната средина пропишани согласно со закон (во натамошниот текст: вкрстена сообразност).

(2) Врз основа на специфичните карактеристики во однос на почвените и климатските услови, постоечките системи на земјоделско производство, користење на земјоделското земјиште, плодоредот, земјоделските производствени пракси и структурата на земјоделските стопанства, министерот пропишува и објавува листа на посебни минимални услови за добра земјоделска пракса и заштита на животната средина од ставот (1) на овој член кои можат да се однесуваат на национално или регионално ниво.

(3) Утврдување на исполнувањето на задолжителните барања или услови и посебните минимални услови од ставот (1) на овој член се врши преку контроли на самото место со употреба на постојните административни и контролни системи од членот 48 на овој закон.

Барање за директни плаќања

Член 50

(1) Барањето за директни плаќања се поднесува секоја година од страна на носителот на земјоделското стопанство и ги содржи следниве групи на податоци потребни за процена на прифатливоста на барањето од аспект на исполнување на пропишаните услови:

- општи податоци за носителот на земјоделското стопанство и видот на мерките на директни плаќања,

- идентификација за сите земјишни парцели и број на повеќегодишни насади со нивно просторно лоцирање на графички материјал и користење на земјоделското земјиште,

- број и вид на животни и

- други податоци кои се бараат по мерките на директни плаќања.

(2) Барањето за директни плаќања може да претставува и дел од единствено барање со кое ќе бидат опфатени и други видови на поддршка на земјоделството и руралниот развој.

(3) Откупувачите на земјоделски производи запишани во регистарот од член 33 од овој закон барање за директни плаќања поднесуваат кога тоа е предвидено со годишната програма за финансиска подршка во земјоделството.

(4) Барањето за директни плаќања во целост или делови од него може да биде повлечено, изменето или дополнето по писмен пат од страна на поднесителот најдоцна во рок од 30 дена од поднесувањето, освен доколку носителот на земјоделското стопанство е веќе информиран од страна на Агенцијата за намерата од изведување на контрола на самото место, или за постоењето на нерегуларност во барањето.

Намалување или исклучување на директните плаќања во случај на неусогласеност со условите од барањето

Член 51

(1) Доколку во постапката од членот 48 став (2) на овој закон се утврди дека земјоделското стопанство не е усогласено со општите услови за прифатливост за доделување на директните плаќања, или не ги исполнува задолжителните барања или услови и посебните минимални услови од членот 49 на овој закон, целиот или дел од износот на директните плаќања кој е исплатен, или кој треба да биде исплатен за оние мерки каде што се исполнети потребните услови, е предмет на намалување до исклучување на исплатата на директните плаќања.

(2) Процентот на намалување до целосно исклучување од една или неколку видови на поддршка за една или повеќе календарски години, зависи од сериозноста, повторувањето, обемот и времетраењето на утврдената неусогласеност.

(3) Доколку земјоделското стопанство не ги исполни условите од ставот (1) на овој член како резултат на виша сила или исклучителни случаи, земјоделското стопанство има право на директни плаќања за земјоделската површина прифатлива во времето кога се случила вишата сила или исклучителните случаи.

(4) Правото на директни плаќања од ставот (3) на овој член, земјоделското стопанство може да го оствари само доколку писмено ја извести Агенцијата за доказите за виша сила или исклучителни случаи во рок од 15 дена од денот на настанот на вишата сила или исклучителните случаи.

Пресметување на висината на директни плаќања по површина земјоделско земјиште

Член 52

Директните плаќања по површина земјоделско земјиште се пресметуваат на користени површини земјоделско земјиште кои земјоделското стопанство ги пријавува во барањето за директни плаќања, согласно со пропишаните услови и барања и не ги надминуваат површините утврдени со административни контроли или контроли на самото место.

Намалување и исклучување на директни плаќања по површина земјоделско земјиште

Член 53

(1) Доколку при контролата на самото место се утврди дека големината на површината на земјоделското земјиште е:

- поголема од големината на површината наведена во барањето за директни плаќања, висината на директните плаќања се пресметува врз основа на големината на површината наведена во барањето,

- помала до 5% од големината на површината наведена во барањето за директни плаќања, висината на директните плаќања се пресметува врз основа на површината утврдена при контролата намалена за износот од утврдената разлика,

- помала меѓу 5% - 30%, или за два хектара од големината на површината наведена во барањето за директни плаќања, висината на директните плаќања се пресметува врз основа на површината утврдена при контролата намалена за износот на утврдената разлика зголемен за два пати и

- помала од 30% - 50% од големината на површината наведена во барањето за директни плаќања, земјоделското стопанство целосно се исклучува од користење на директни плаќања за дадената година.

(2) По примена на намалувањата од ставот (1) на овој член, доколку се утврди разлика меѓу количината на набавено сертифицирано семе согласно со барањето за директни плаќања и вистински употребеното сертифицирано семе:

- меѓу 2% - 5%, износот на директните плаќања за користење на сертифициран семенски материјал, се намалува за 50% и

- над 5%, износот на директните плаќања за користење на сертифициран семенски материјал не се исплаќа.

(3) Доколку е поднесено барање за директни плаќања за користење или производство на семенски или саден материјал кој не е вистински употребен, произведен, или официјално сертифициран, земјоделското стопанство се исклучува од директните плаќања за семенски или саден материјал, како и од директните плаќања по површина во годината на поднесување на барањето и во следната година.

Основа за пресметка на директните плаќања по грло добиток

Член 54

(1) Директните плаќања по грло добиток се пресметуваат за број на животни кој не може да биде поголем од бројот наведен во барањето за директни плаќања согласно со пропишаните услови и барања и не го надминува бројот утврден со административна или контрола на самото место.

(2) Како основа за пресметка на директните плаќања по грло добиток може да се користи и условно грло согласно со пропишан коефициент.

(3) Директните плаќања од статов (1) на овој член се исплаќаат само на земјоделско стопанство кое го задржува истиот број на грла за кои има поднесено барање во периодот на задолжително чување на животните од ставот (7) на овој член.

(4) Земјоделското стопанство го задржува правото на директни плаќања на бројот на животни за кои поднел барање доколку во текот на периодот на задолжително чување на животните од ставот (3) на овој член изврши замена на животните без намалување на нивниот број, вклучително замена меѓу овци и кози доколку за нив е предвиден ист износ на директни плаќања.

(5) Замената од ставот (4) на овој член треба да се изврши во период од 20 дена од настанот поради кој е неопходно да се изврши замена на животните и истите се внесуваат во Систем за идентификација и регистрација на животни не подоцна од три дена од денот на замената. Земјоделското стопанство ја информира Агенцијата за замената на животните во рок од десет дена од извршената замена.

(6) Доколку земјоделското стопанство не ги исполни барањата за задолжителниот период на чување на животните како резултат на виша сила или исклучителни случаи, земјоделското стопанство има право на директни плаќања за бројот на животни во времето на случувањето на вишата сила или исклучителниот случај.

(7) Коефициентот на претворање на бројот на реалните во условните грла од ставот (2) на овој член и пропишаниот период на задолжително чување на животните од ставот (3) на овој член ги пропишува Владата со актот од членот 47 на овој закон.

Намалување и исклучување на директни плаќања по грло

Член 55

(1) Доколку при контрола на самото место се утврди дека бројот на грла, односно број на пчелни семејства е:

- поголем од бројот од барањето за директни плаќања, висината на директните плаќања се пресметува врз основа на бројот на грла, односно пчелни семејства наведени во барањето,

- помал од бројот на грла, односно пчелни семејства во барањето за директни плаќања за најмногу до 10% разлика, висината на директните плаќања која треба да ја добие земјоделското стопанство се намалува за процентот на нерегуларност од ставот (2) на овој член,

- помал од бројот на грла, односно пчелни семејства во барањето за директни плаќања од 10% до 20%, висината на директните плаќања се намалува за процентот на нерегуларност од ставот (2) на овој член зголемен за два пати и

- помал од бројот на грла, односно пчелни семејства во барањето за директни плаќања од 20% до 30%, земјоделското стопанство целосно се исклучува од користење на директни плаќања за дадената година.

(2) Процентот на нерегуларност се пресметува како однос меѓу бројот на откриени нерегуларни грла и вкупниот број на грла утврден со контролите.

(3) Намалувањето и исклучувањето на директните плаќања од ставот (1) на овој член нема да се примени во случаи кога како резултат на природни влијанија потврдени од официјалната ветеринарна служба како што се: смрт на животното или последици од болест и смрт на животното како резултат на несреќен случај за кој не е одговорен носителот на земјоделското стопанство, истиот не е во состојба да ги исполни барањата за задолжителниот период на чување на животните.

(4) Одредбите од ставот (3) на овој член се применуваат само доколку земјоделското стопанство писмено ја извести Агенцијата за намалување на бројот на животните најдоцна во рок од десет дена од денот на намалувањето.

Намалување и исклучување на директни плаќања во случај на неусогласеност со намера

Член 56

Во случај кога е утврдена разлика меѓу податоците утврдени со административна контрола или контролата на самото место и податоците од барањата на едно земјоделско стопанство за директни плаќања поднесени во една календарска година и истата е поголема од 30%, или над 1.000.000 денари, земјоделското стопанство се исклучува од директни плаќања за тековната година и за наредните три години.

Намалување и исклучување на директни плаќања за вкрстена сообразност

Член 57

(1) Вкупниот износ на директни плаќања се намалува при несообразност со задолжителните барања или услови и посебни минимални услови за вкрстена сообразност од членот 49 на овој закон, во случај на:

- несообразност по прв пат од 1% до 5%,

- повторена несообразност до 15%, при што процентот од алинејата 1 на овој став од првата несообразност се зголемува за три пати при секоја следна несообразност до максимални кумулативни 15% после што се поминува во несообразност од алинејата 3 на овој став и

- неусогласеност од намера согласно со критериумите на сериозноста, повторувањето, обемот и времетраењето на евидентираната несообразност, над 20% се до целосно исклучување од една или повеќе видови на поддршка за една или повеќе години.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, во случај на отстапувања од помал обем кои не претставуваат ризик по јавното здравје на луѓето или животните проценето според критериумите на сериозноста, повторувањето, обемот и времетраењето на евидентираната неусогласеност, нема да се изврши намалување на износот на директни плаќања.

(3) Агенцијата го известува земјоделското стопанство за утврденото отстапување од вкрстената сообразност од помал обем, како и за обврската за преземање на активности за нивно

надминување во рок не подолг од 31 декември во тековната година во која е утврдена несообразноста.

(4) Доколку после известувањето од ставот (3) на овој член земјоделското стопанство не преземе активности за надминување на несообразноста се применува намалување или исклучување на директните плаќања согласно со ставот (1) алинеја 1 на овој член.

(5) Отстапувањата по повеќе минимални услови за добра земјоделска пракса и заштита на животната средина од ставот (1) алинеја 1 на овој член кои припаѓаат на иста област на услови на вкрстена сообразност се смета за едно отстапување со тоа што процентот на намалување се пресметува како просечна вредност од процентите на различните отстапувања.

(6) Начинот на утврдување на несообразноста и висината на процентот на намалување на директни плаќања од ставот (1) на овој член поблиску ги пропишува министерот.

Исклучоци од примена на намалување и исклучување на директните плаќања

Член 58

Намалување или исклучување на директните плаќања нема да се примени кога земјоделското стопанство има поднесено точни податоци или кога ќе докаже дека нема направено грешка.

Пресметување на висината на директни плаќања по единица производ

Член 59

(1) Директни плаќања по единица производ се пресметуваат по количина произведен и продаден земјоделски производ на правни лица кои се занимаваат со откуп, преработка и трговија на примарни земјоделски производи, услуги за колење и правни лица за производство на материјали за земјоделско производство и се регистрирани во соодветен регистар во Министерството или Агенцијата за храна и ветеринарство.

(2) Директните плаќања од ставот (1) на овој член се пресметуваат врз основа на споредени податоци доставени од земјоделските стопанства и правните лица од ставот (1) на овој член.

Доставување на податоци од страна на правни лица

Член 60

(1) Кога заради остварување на правото на земјоделските стопанства на директни плаќања се неопходни податоците од правните лица од членот 59 став (1) на овој закон, истите се должни да ги достават податоците во рокот утврден во актот од членот 47 став (6) на овој закон.

(2) Доколку правните лица од ставот (1) на овој член со намера или од небрежност по втор пат прават нерегуларности на лажно пријавување на податоци, истите ќе бидат исклучени од доставување на податоци за потребите на директните плаќања во период од една година.

Исплата на директни плаќања

Член 61

(1) Исплатата на директните плаќања не може да се изврши пред да се утврди дека корисникот ги исполнува условите за доделување на директни плаќања.

(2) Исплатите се вршат директно на земјоделските стопанства, во тековната календарска година, или во случај на недостаток на финансиски средства или поради продолжено траење на административните постапки од објективни причини, најдоцна до 30 јуни следната календарска година.

(3) Агенцијата е должна да го извести земјоделското стопанство за извршената исплата најдоцна еден месец по завршување на роковите за реализација на исплатите од ставот (2) на овој член.

VI. ПОЛИТИКА ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ

Општи принципи

Член 62

(1) Политиката за рурален развој се реализира за остварување на приоритетните цели за решавање на развојните состојби во руралните средини и за поттикнување на можностите и искористување на предностите за рурален развој.

(2) Преку политиката за рурален развој се остваруваат следниве приоритети:

- зголемување на конкурентската способност на земјоделскиот и на шумарскиот сектор,

- заштита и унапредување на животната средина и руралните предели,

- подобрување на квалитетот на живот во руралните средини и поттикнување на диверзификација на економски активности за зголемување на можностите за вработување во руралните средини и

- поттикнување на локален развој на рурални средини.

(3) Приоритетните области од ставот (2) на овој член се инструменти на политиката за рурален развој кои се спроведува преку примена на мерките од членовите 65, 66, 67, 68, 69, 70, 70-а, 71, 72, 73, 74, 75, 76, 77, 78, 79, 80, 81, 86 и 87 на овој закон.

(4) Примената на мерките се одредува согласно со националната програма од членот 7 на овој закон.

(5) Мерките од ставот (3) на овој член се реализираат преку програмата за финансиска поддршка на руралниот развој од членот 7 став (3) на овој закон.

Рурални средини, рурални заедници и рурални региони

Член 63

(1) Рурална средина е подрачје на општина во Република Македонија во која ниедно населено место во општината нема повеќе од 30.000 жители согласно со националниот попис на населението и домаќинствата во Република Македонија или со густина на населеност помала или еднаква на 150 жители на квадратен километар на подрачје на општина.

(2) Во општините каде што едно или повеќе населени места имаат повеќе од 30.000 жители или густината на населеност е поголема од 150 жители на квадратен километар, за рурални средини се сметаат само територииите на населените места во општината кои ги исполнуваат критериумите од ставот (1) на овој член.

(3) Населените места во руралните средини од ставовите (1) и (2) на овој член се рурални заедници.

(4) Руралните заедници од ставот (3) на овој член се делат на следниве категории:

- недостапни рурални заедници, врз основа на оддалеченост од најблиската градска населба,

- заостанати рурални заедници, врз основа на бројот на работоспособното население ангажирано во земјоделска дејност, бројот на активни трговски друштва во однос на пасивни трговски друштва или невработеноста во однос на националниот просек и

- депопулациони рурални заедници каде што бројот на жители е помал од 150 согласно со националниот попис на населението и домаќинствата во Република Македонија.

(5) Критериумите од ставовите (1), (2) и (4) на овој член поблиску ги пропишува министерот и објавува список на руралните средини и руралните заедници во Република Македонија во „Службен весник на Република Македонија“. Една рурална заедница може да биде категоризирана во повеќе категории врз основа на ставот (4) од овој член.

(6) Доколку повеќе рурални заедници кои граничат меѓу себе и заедно можат да формираат една географска територија со големина која не надминува 4% од вкупната територија на Република Македонија се категоризирани во најмалку две од категориите од ставот (4) на овој член, руралниот регион се прогласува со посебен закон.

Подрачја со ограничени можности за земјоделска дејност

Член 64

(1) Подрачја со ограничени можности за земјоделска дејност се подрачја со природни и непогодности кои произлегуваат од неповолни климатски услови, висок степен на нагиб на земјоделско земјиште, ниска продуктивност на почвата, или поради специфични непогодности кои ја намалуваат можноста за ефикасно користење на земјоделско земјиште и вршењето на земјоделска дејност.

(2) Согласно со видот на непогодности од ставот (1) на овој член, подрачјата со ограничени можности за земјоделска дејност се делат на следниве категории:

- планински подрачја,

- подрачја со природни непогодности и

- подрачја со специфични непогодности.

(3) Планински подрачја се подрачја кои се наоѓаат над 700 м надморска висина, каде што природните непогодности се предизвикани од посебните климатски услови на големата надморска висина и висок степен на нагиб на земјоделското земјиште.

(4) Подрачја со природни непогодности се подрачја под 700 м надморска висина, каде што природните непогодности се предизвикани од климатските услови или нагибот на земјоделското земјиште или ниската продуктивност на почвата. За подрачја со природни непогодности може да се сметаат и ерозивните подрачја, подрачја подложни на сезонски поплави и бари, трстици и мочуришта.

(5) Подрачја со специфични непогодности се депопулациони рурални заедници од членот 63 на овој закон. За подрачја со специфични непогодности се сметаат и подрачјата во кои вршењето на земјоделска дејност е ограничено во интерес на заштита на животната средина, природата и биолошката разновидност врз основа на законите од областа на заштита и унапредување на животната средина и природата.

(6) Подрачјата од ставот (2) алинеи 2 и 3 на овој член може да се дефинираат за целото обработливо земјоделско земјиште на подрачјето на општината. Подрачјата од ставот (2) на овој член може да се дефинираат на подрачје на населено место.

(7) Земјоделското земјиште под наводнување не спаѓа во категориите од ставот (2) алинеи 2 и 3 на овој член.

(8) Владата на предлог на министерот ги пропишува поблиските критериумите од ставовите (4) и (5) на овој член за дефинирање на подрачјата од ставот (2) алинеи 2 и 3 на овој член, како и условите за определување на целото обработливо земјоделско земјиште на подрачје на општината во категориите од ставот (2) алинеи 2 и 3 на овој член.

(9) Врз основа на критериумите од ставовите (3) и (8) на овој член министерот објавува список на планински подрачја во Република Македонија, список на подрачја со природни непогодности во Република Македонија и список на подрачја со специфични непогодности во Република Македонија во „Службен весник на Република Македонија“.

1. Зголемување на конкурентноста на земјоделското производство

Политика за зголемување на конкурентноста на земјоделското производство

Член 65

(1) Политиката за зголемување на конкурентноста на земјоделското производство се насочени кон:

1) промовирање на знаење и унапредување на човечкиот потенцијал во руралните средини преку помош наменета за:

- обука и информирање на земјоделските производители,

- помош на млади земјоделци за започнување со земјоделска дејност,

- помош за напуштање на вршење на земјоделска дејност и

- советодавни услуги за развој на земјоделството;

2) реструктуирање и развој на физичкиот потенцијал и промовирање на иновативни практики преку поддршка на инвестиции за:

- модернизација на земјоделските стопанства,

- реструктуирање на земјоделски стопанства,

- зголемување на економската вредност на шумите,

- преработка и маркетинг на земјоделските производи и

- инфраструктура за создавање на предуслови за развој на земјоделството и заштита од природните непогоди и

3) подобрување на квалитетот на земјоделски производи преку поддршка на економско здружување на земјоделски стопанства за заедничко вршење на земјоделска дејност заради:

- примена на заеднички производни практики за усогласување со стандардите за квалитетот на земјоделските производи,

- производство на земјоделски производи со повисок квалитет,

- воспоставување на групи на производители и

- организирање на информативни и промотивни активности за земјоделски производи.

Обука и информирање на земјоделските производители

Член 66

(1) Помошта за обука на земјоделските производители е наменета за организирање и одржување на професионална обука за стекнување вештини и информативни сесии за усовршување и оспособување на земјоделските производители, преку одржување на курсеви, семинари, предавања, посети на земјоделски и шумски стопанства, работилници и индивидуално учење, особено за областите:

- успешно организирање и раководење на земјоделското стопанство;

- воведување на дополнителни дејности на земјоделско стопанство;

- воведување и употреба на современи технолошки достигнувања и иновативни практики;

- трансфер на знаења за постигнати научно-истражувачки резултати;

- користење на информатички технологии за земјоделско производство;

- примена на пропишаните стандарди од областа на заштита на животната средина, заштита и здравје на луѓето, заштита и здравје на растенијата, заштита на здравјето и благосостојба на животните и примена на хигиенски пракси;

- примена на мерките за поддршка за вршење на земјоделски производни практики за заштита и унапредување на животната средина и руралните предели и

- воведување на земјоделско производство со примена на повисоки стандарди за квалитет.

(2) Помошта од ставот (1) на овој член не е наменета за курсеви кои се финансираат во рамките на редовното образование и кои не се наменети за земјоделството и шумарството.

(3) Корисник на поддршката е давателот на обуката или на други форми на трансфер на знаење и активности за информирање.

(4) Поддршката од ставот (1) на овој член е наменета за земјоделските стопанства кои се регистрирани во ЕРЗС.

(5) Поддршката од ставот (1) на овој член се доделува во висина до 100% од вредноста на прифатливи трошоци за организирање и спроведување на обуката односно информирањето како и трошоци за пат и сместување, изработка и печатење на програми, образовни материјали, брошури за информативни сесии, трошоци за организирање и спроведување на обуките и информативните сесии, надоместок за предавачи и надоместок на патни и дневни трошоци на учесниците.

(6) Вкупната вредност на прифатливите трошоци се дефинира во согласност со планираниот број на учесници на обуките или информативните сесии и се исплаќа делумно или по целосна реализација на обуките или информативните сесии врз основа на реалниот број на учесници.

(7) Видот на активностите и темите кои се предмет на поддршка, детален преглед на прифатливи трошоци, општите и посебни услови за доделување на поддршката, критериумите за избор на корисници, условите кои треба да ги исполнуваат корисниците ги пропишува министерот.

(8) Начинот за спроведување на поддршката од ставот (1) на овој член ја пропишува директорот на Агенцијата по добиено позитивно мислење од Министерството.

Започнување со земјоделска дејност

Член 67

(1) Помош за започнување со земјоделска дејност се доделува на млад земјоделец кој за прв пат започнува да се занимава со земјоделска дејност преку преземање на постоечко земјоделско стопанство или со воспоставување на ново земјоделско стопанство.

(2) Услови за остварување на поддршката од ставот (1) на овој член се:

- барањето за поддршка да е поднесено не подоцна од 18 месеци од денот на запишување на промената или новото земјоделско стопанство во ЕРЗС од членот 15 на овој закон,

- подносителот на барањето да има минимум средно образование од областа на земјоделството или пак поминал обука за здобивање на квалификации за земјоделска

дејност освен во случај кога деловниот план предвидува потреби од обука,

- подносителот на барањето да е носител на земјоделското стопанство и

- подносителот на барањето да ги почитува добрите земјоделски пракси и мерките за заштита на природата и благосостојба на животните.

(3) Поддршката од ставот (1) на овој член се реализира преку одобрен деловен план од страна на Агенцијата кој треба да предвидува инвестициони активности за модернизација на земјоделското стопанство за период од најмногу три години од денот на одобрувањето на поддршката.

(4) Деловниот план од ставот (3) на овој член задолжително ги содржи следниве елементи:

- преглед на состојбата на земјоделското стопанство,

- цел за развој и план за развој на земјоделското стопанство со временска рамка за реализација со рокови за период не подолг од три години и

- детален план на неопходни инвестиции, обука, потреба од советодавни услуги и други активности за обука и развој на земјоделското стопанство.

(5) Поддршката од ставот (1) на овој член се доделува во висина до 600.000 денари за период на реализација на деловниот план и се исплаќа на годишно ниво во најмногу три рати.

(6) Поддршката од ставот (1) на овој член е условена со задолжително исполнување на предвидените активности од деловниот план од ставот (4) на овој член.

Поддршка за потикнување на земјоделско производство

Член 67-а

(1) Поддршка за поттикнување на земјоделско производство се доделува за зголемување на одржливоста на земјоделската дејност на семејните земјоделски стопанства.

(2) Услови за остварување на поддршката од ставот (1) на овој член се:

- семејното земјоделско стопанство да биде запишано во ЕРЗС од членот 15 на овој закон,
- на денот на поднесување на барањето за помошта од ставот (1) на овој член носителот на семејното земјоделско стопанство да нема повеќе од 40 години и
- семејното земјоделско стопанство да не користело помош од членот 67 од овој Закон.

(3) Поддршката од ставот (1) на овој член се реализира преку одобрен деловен план од страна на Агенцијата кој треба да предвидува инвестициони активности за модернизација на земјоделското стопанство за период од најмногу три години од денот на одобрувањето на поддршката.

(4) Деловниот план од ставот (3) на овој член задолжително ги содржи следниве елементи:

- пазарни аспекти на инвестицијата,
- опис на планираната инвестиција (планирана инвестиција, потребна механизација, планирање на потребна работна сила итн.),
- временски распоред,
- финансиска анализа со вклучени критериуми за успешност на инвестицијата (нето сегашна вредност, модификувана интерна стапка на рентабилност и период на враќање на инвестицијата).

(5) Поддршката од ставот (1) на овој член се доделува во висина до 1.200.000 денари за период на реализација на деловниот план и се исплаќа на годишно ниво во најмногу три рати.

(6) Поддршката од ставот (1) на овој член е условена со задолжително исполнување на предвидените активности од деловниот план од ставот (4) на овој член.

Напуштање на вршење на земјоделска дејност

Член 68

(1) Поддршката за напуштање на вршење на земјоделска дејност е наменета за поттикнување на структурните, односно генерациските промени во земјоделските стопанства.

(2) Поддршката од ставот (1) на овој член се доделува на носител на семејно земјоделско стопанство кој ја напушта земјоделската дејност по пат на пренос на правото на сопственост на друг земјоделски производител и доколку ги исполнува следниве услови:

- има статус на осигуреник - индивидуален земјоделец,
- е на возраст од 55 до 63 години на денот на поднесување на барањето за поддршка,
- се занимавал со земјоделска дејност најмалку десет години пред преносот на сопственоста и
- да ги напушти сите видови на земјоделско производство.

(3) Пренос на правото на сопственост на земјоделското стопанство од ставот (2) на овој член подразбира продажба на целокупниот имот на земјоделското стопанство на друго земјоделско стопанство.

(4) Носителот на земјоделското стопанство кој ја презема сопственоста над земјоделското стопанство треба да:

- е млад земјоделец или правно лице кое со преземањето го зголемува земјоделскиот имот на веќе постоечкото земјоделско стопанство,

- се обврзе дека ќе го обработува земјоделскиот имот најмалку пет години и истиот треба да поседува работни вештини и компетентност за водење на стопанството,

- се занимавал со земјоделска дејност најмалку пет години пред да ја преземе сопственоста и

- го преземе правото на сопственост на земјоделското стопанство со целокупниот земјоделски имот со правно дело.

(5) Земјоделското стопанство од ставот (4) на овој член кое е предмет на пренос на право на сопственост е најмалку со следнава големина:

- земјоделско земјиште од сите категории на употреба со големина од најмалку 1,8 ха или

- добиток и тоа најмалку седум говеда или 150 овци или 50 кози.

(6) Поддршката од ставот (1) на овој член се доделува во висина до 180.000 денари годишно до исполнување на услови за старосна пензија, но не повеќе од пет години.

(7) Корисникот на поддршката од ставот (1) на овој член нема право да остварува друга поддршка предвидена согласно со овој закон и по истекот на рокот од ставот (6) на овој член.

Советодавни услуги за развој на земјоделството

Член 69

(1) Поддршката за советодавни услуги се доделува за:

- воспоставување на систем на советодавни услуги и

- користење на советодавни услуги на земјоделски стопанства.

(2) Корисници на поддршката од ставот (1) алинеја 1 на овој член се:

- јавни институции од областа на образованието и научно-истражувачка работа за земјоделство и шумарство,

- национални здруженија на земјоделски производители и приватни сопственици на шуми и

- правни лица основани за вршење на дејност од областа на советодавни услуги во земјоделството и шумарството.

(3) Поддршката од ставот (1) алинеја 1 на овој член е наменета за основање на правни лица за вршење на нестопанска дејност од областа на советодавни, консултативни и информативни услуги во земјоделството и шумарството и достигнување на соодветни квалификации на кадровскиот потенцијал, административни и технички капацитети за извршување на услугите, со исклучок на инвестиции во основни средства.

(4) Поддршката од ставот (1) алинеја 1 на овој член се доделува врз основа на доставен деловен план кој е одобрен од Министерството. Поддршката се исплаќа од првата година од основањето во висина до 80% за покривање на прифатливите трошоци од ставот (3) на овој член и се намалува на годишно ниво за најмалку 5% од претходната година, во период не подолг од шест години од денот на основањето на корисникот од ставот (2) на овој член.

(5) Вкупната вредност на прифатливите трошоци се дефинира во согласност со планираниот број на корисници на советодавни услуги и се исплаќа на годишно ниво врз основа на реалниот број на корисници на советодавни услуги.

(6) Корисниците на поддршката од ставот (1) алинеја 1 на овој член мора да се занимаваат со дејноста за која ја користат поддршката во период од најмалку пет години од последната исплата на поддршка.

(7) Министерството води евиденција на давателите на советодавни услуги.

(8) Начинот на запишување на давателите на советодавни услуги во евиденцијата и потребната документација за запишување во евиденцијата како и начинот на водење на евиденцијата од ставот (7) на овој член ги пропишува министерот.

(9) Поддршката од ставот (1) алинеја 2 на овој член е наменета за носители на земјоделски стопанства кои ги користат советодавните услуги особено од следниве области:

1) технолошко и економско организирање и управување на земјоделско стопанство;

2) примена на земјоделски практики за заштита на животната средина;

3) помош при изработка на деловни планови на земјоделски стопанства;

4) помош при реализација на мерките за земјоделска политика и политика за рурален развој;

5) помош при економско здружување на земјоделски стопанства и континуирано советување за управување и организирање за примена на заеднички производни практики и ефикасно искористување на расположливите средства за работа и

6) запознавање и помош во примена на законската регулатива од областа на земјоделството и поврзани прописи.

(10) Корисници на поддршка од ставот (1) алинеја 2 на овој член се земјоделски стопанства кои користеле советодавни услуги од даватели на советодавни услуги евидентирани во евиденцијата од ставот (7) на овој член.

(11) Поддршката од ставот (1) алинеја 2 на овој член е во висина до 80% од прифатливи и направени трошоци, но не повеќе од 70.000 денари по корисник годишно.

(12) Советодавните услуги кои се спроведуваат преку Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството нема да бидат предмет на поддршка од ставот (1) на овој член.

(13) Видот и обемот на активностите кои се предмет на поддршка, условите за финансирање, дефинирање на корисниците, општите и посебните услови за доделување на поддршката, детален преглед на прифатливи трошоци и начинот и правилата за визуелен идентитет на активностите ги пропишува министерот.

(14) Владата на предлог на министерот донесува годишна програма за советодавни услуги со која ги дефинира видот и обемот на советодавните услуги кои се спроведуваат преку Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството во согласност со одредбите од овој закон и финансиските средства за нејзино спроведување.

(15) Исплатата на средствата за реализација на годишната програма за советодавни услуги на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството ја врши Агенцијата по доставен одобрен извештај за реализирани активности на програмата од ставот (14) на овој член од страна на Министерството.

Инвестиции за модернизација на земјоделски стопанства

Член 70

(1) Поддршката за инвестиции за модернизација на земјоделските стопанства се реализира преку унапредување на физичкиот потенцијал на земјоделското стопанство за:

- подобрување на целокупните резултати од работењето на земјоделското стопанство и

- достигнување на повисоки стандарди од минималните стандарди утврдени со законите од областа на земјоделството или новововедени стандарди од областа на земјоделството.

(2) Инвестициите од ставот (1) алинеја 1 на овој член се наменети за зголемување на ефикасноста на производството преку намалени трошоци за земјоделско производство и подобрување на квалитетот на земјоделското производство. Физичкиот потенцијал на земјоделското стопанство го вклучува целокупниот земјоделски имот.

(3) Инвестициите од ставот (1) алинеја 2 на овој член се наменети за достигнување на повисоки стандарди од минималните стандарди утврдени со закон, или за достигнување на ново воведени стандарди согласно со закон и тоа само за оние инвестиции кои се сметаат за дополнителни инвестиции за достигнување на минималните стандарди и не доведуваат до зголемување на производниот капацитет.

(4) Стандардите од ставот (3) на овој член се однесуваат за заштита и унапредување на животната средина, подобрување на хигиенските услови и благосостојба на животните на земјоделското стопанство, здравје и заштита на растенијата, јавно здравство, заштита при работа и други стандарди поврзани со инвестицијата.

(5) Корисници на поддршката од ставот (1) на овој член се земјоделските стопанства регистрирани во ЕРЗС.

(6) Поддршката од ставот (1) на овој член се реализира преку одобрен деловен план кој предвидува инвестициони активности за унапредување на физичкиот потенцијал на земјоделското стопанство за подобрување на целокупните резултати од работењето на земјоделското стопанство или достигнување на повисоки стандарди од минималните стандарди утврдени со закон и за период од најмалку шест години вклучувајќи ги и резултатите од работењето на земјоделското стопанство од тековната година.

(7) Деловниот план за унапредување на физичкиот потенцијал на земјоделското стопанство за достигнување на новововедени стандарди за земјоделско производство и квалитет на земјоделски производи се изготвува за период од најмногу три години од денот на воведувањето на стандардот утврден со соодветниот пропис, доколку поинаку не е утврдено со законите каде што се регулирани овие стандарди.

(8) Поддршката од ставот (1) на овој член не се доделува на земјоделски стопанства кај кои носител е правно лице кое користи помош за спас и реконструкција согласно со Законот за контрола на државна помош и поддршка од член 70-а од овој закон.

(9) Висината на поддршка од ставот (1) на овој член изнесува 50% од прифатливите и направени трошоци за реализација на инвестицијата од ставот (1) на овој член.

(10) Највисокиот износ на поддршка по поединечен корисник е најмногу 30.000.000 денари за период од три години од годината на исплата на средствата за поддршка од ставот (1) на овој член.

(11) По исклучок од ставот (10) на овој член, доколку корисникот е со седиште во подрачје со ограничени можности за земјоделско производство, највисокиот износ на поддршка е најмногу 45.000.000 денари во период од три години од годината на исплата на средствата за поддршка од ставот (1) на овој член.

Инвестиции за реструктуирање на земјоделски стопанства

Член 70-а

(1) Поддршката за инвестиции за реструктуирање на земјоделски стопанства се доделува за зголемување на производните капацитети на земјоделските стопанства.

(2) Корисникот на поддршката од ставот (1) на овој член е семејно земјоделско стопанство регистрирано во ЕРЗС и чиј носител е на возраст до 50 години на денот на поднесување на барањето за финансиска поддршка.

(3) Капацитетите на земјоделските стопанства се групираат во три групи, и тоа:

- прва група: капацитети со големина до 1 ха за овоштарство и лозарство, до 5 ха за жита и добиточна храна, до 1 ха за фуражни култури, до 100 грла овци, до 10 грла кози, до 5 грла маторици, до 4 грла крави и до 30 товни јунци.

- втора група: капацитети со големина над 1 ха до 3 ха за овоштарство и лозарство, над 5 ха до 10 ха за жита и добиточна храна, над 1 ха до 3 ха за фуражни култури, од 101 до 300 грла овци, од 11 до 25 грла кози, од 6 до 10 грла маторици, од 5 до 10 грла крави и од 31 до 40 товни јунци.

- трета група: капацитети со големина над 3 ха до 5 ха за овоштарство, над 3 ха до 10 ха за лозарство, над 10 ха до 50 ха за жита и добиточна храна, над 3 ха до 8 ха за фуражни култури, од 301 до 500 грла овци, од 26 до 50 грла кози, од 11 до 50 грла маторици, од 11 до 20 грла крави и над 40 товни јунци.

(4) Поддршката од ставот (1) на овој член е наменета за инвестиции во купување на земјоделско земјиште, набавка на живи животни и повеќегодишни растенија, изградба и реконструкција на објекти и набавка на механизација и опрема и за користење на советодавни услуги во земјоделството.

(5) Висината на поддршката од ставот (1) на овој член изнесува 50% од прифатливите и направени трошоци за реализација на инвестицијата од ставот (4) на овој член.

(6) Поддршката од ставот (1) на овој член се доделува со задолжително користење на советодавни услуги при реализација на инвестициите од ставот (4) на овој член.

(7) Поддршката од ставот (1) на овој член се реализира преку деловен план на земјоделското стопанство, а со кој се предвидуваат инвестициони активности за период од најмногу три години, соодветни на планираното зголемување на производните капацитети на земјоделското стопанство во рамки на иста група односно од една во друга група.

(8) Деловниот план од ставот (7) на овој член ги содржи најмалку елементите од членот 67 став (4) од овој закон.

(9) Поддршката од ставот (1) на овој член се реализира со договор во времетраење до три години. Поддршката од ставот (1) на овој член се исплаќа согласно со фазите на исполнување на инвестициони активности од деловниот план од ставот (7) на овој член.

Инвестиции за зголемување на економска вредност на шумите

Член 71

(1) Поддршката за инвестиции за зголемување на економска вредност за шумите се доделува за:

- одржливо стопанисување со шумите,

- примарната обработка на дрвната маса и обработка на био маса од шумите,

- конверзија на деградирани шуми и шикари и опожарени шуми,

- воспоставување на едукативни патеки, видиковци и друга мала инфраструктура (рекреациски патеки, платоа, информативни знаци, информативни плочи) и

- маркетинг на дрвни и недрвни шумски производи.

(2) Корисници на поддршката од став (1) алинеја 1, 3, 4 и 5 на овој член се јавно претпријатие за стопанисување со државни шуми, сопственици на приватни шуми и/или здруженија на сопственици на приватни шуми.

(3) Корисници на поддршката од ставот (1) алинеја 2 на овој член се микропретпријатија кои се занимаваат со обработка на дрвна маса и био маса.

(4) Корисници на поддршката од ставот (1) алинеја 3 на овој член се правни лица регистрирани за производство на шумски садници согласно со закон.

(5) Поддршката од ставот (1) алинеја 1 на овој член се доделува согласно со изготвен и одобрен план и програма за стопанисување со шумите, согласно со Законот за шуми.

(6) Висината на поддршката за инвестициите од ставот (1) на овој член не може да надмине 50% од вредноста на прифатливите инвестиции.

Инвестиции за преработка и маркетинг на земјоделски производи

Член 72

(1) Поддршката за инвестиции за преработка и маркетинг на земјоделски производи е поддршка наменета за:

- подобрување на целокупните резултати од работењето на преработувачките капацитети,

- развој на нови производи и дизајн, производни процеси и технологии за преработка како и нематеријални вложувања за подготвителни активности пред да се употребат новоразвиените производи, процеси или технологии за пазарни цели и

- инвестиции во пазарна инфраструктура за постбербени активности или активности за собирање и чување на примарни земјоделски производи за нивна натамошна намена.

(2) Право на поддршката од ставот (1) на овој член имаат трговски друштва и задруги кои исполнуваат услови за вршење на дејноста согласно со закон. Поддршката од ставот (1) алинеја 3 на овој член може да биде наменета за јавни инвестиции од страна на државни субјекти, јавно приватно партнерство или единици на локалната самоуправа.

(3) Висината на поддршката од ставот (1) на овој член не може да надмине 50% од вредноста на прифатливите и направени трошоци, освен кога е наменета за јавни инвестиции, кога висината на поддршката ја утврдува Владата.

(4) По исклучок од ставот (3) на овој член, во случај кога корисник на помошта е големо претпријатие, висината на поддршката од ставот (1) на овој член не може да надмине 25% од вредноста на прифатливите и направени трошоци.

(5) Освен поддршката од ставот (1) на овој член, поддршка може да се даде и за инвестиции во преработка и маркетинг на земјоделски производи за достигнување на повисоки стандарди од минималните стандарди утврдени со закон, или за достигнување на новововедени стандарди согласно со закон, само за микро, мали и средни претпријатија во период не подолг од три години од денот на воведувањето на стандардот со закон.

(6) Поддршката од ставот (1) на овој член не се однесува за риби и рибни производи и шумски плодови и производи.

(7) Поддршката од ставот (1) на овој член не се доделува на правни лица кои користат помош за спас и реконструкција согласно со Законот за државна помош.

Инвестиции во инфраструктура за развој на земјоделството, шумарството и водостопанството

Член 73

(1) Поддршката за инвестиции во инфраструктура за создавање на предуслови за развој на земјоделството е наменета за инфраструктура за пристап до земјоделското земјиште и шумите, консолидација на земјоделско земјиште и подобрување на земјоделското земјиште, заштита на земјоделско производство оштетено од природни непогоди, снабдување со електрична енергија и водоснабдување и за водостопанство.

(2) Право на поддршката од ставот (1) на овој член имаат земјоделски стопанства, субјекти, единици на локалната самоуправа, водостопански претпријатија и водни заедници.

(3) Висината на поддршката за непродуктивни инвестиции изнесува до 100% од износот на прифатливите трошоци за активности од ставот (1) на овој член.

Економско здружување на земјоделски стопанства за заедничко вршење на земјоделска дејност

Член 74

(1) Во насока на остварување на целите и политиките од овој закон земјоделските стопанства можат доброволно да се здружуваат заради остварување на економски интереси.

(2) Здружувањето заради економски интерес на земјоделските стопанства треба да е во насока на остварување на следниве цели:

- зголемување на ефикасност на земјоделското производството преку оптимизација на производни трошоци и заедничка набавка или производство на материјали за производство,

- подобрување на пазарната положба на земјоделските стопанства со воведување на заеднички операции за складирање и маркетинг на земјоделски производи или доработка, финализација и дистрибуција на земјоделски производи и

- воведување и заедничка примена на повисоки стандарди за квалитетот на земјоделските производи.

(3) Поддршката за економско здружување на земјоделски стопанства за заедничко вршење на земјоделска дејност е наменета за:

- помош за воспоставување на организациони форми на економско здружување на земјоделски стопанства,

- инвестиции за примена на заеднички производни практики за усогласување на стандардите за квалитетот на земјоделските производи или за производство на земјоделски производи со повисок квалитет,

- други активности согласно со овој закон или согласно со Законот на земјоделски задруги,

- воспоставување на групи на производители и

- помош за организирање на информативни и промотивни активности за земјоделски производи.

(4) Во согласност со целите од ставот (2) на овој член организационите форми за економско здружување на земјоделските стопанства се следниве:

- задруга или правно лице со претежна дејност од областа на земјоделството и основано од носители на земјоделски стопанства регистрирани во ЕРЗС,

- земјоделска задруга регистрирана согласно со Законот за земјоделски задруги,

- задруга или правно лице со претежна дејност од областа на земјоделството и основано од носители на земјоделски стопанства регистрирани во ЕРЗС и преработувачки капацитет за преработка на земјоделско-прехранбени производи и

- правно лице од областа на земјоделството формирани од здружение на земјоделски производители.

(5) Видот на поддршката од ставот (3) на овој член, видот на корисниците од ставот (4) на овој член, висината на поддршката и поблиските услови за користење на помошта во насока на остварување на целите од ставот (2) на овој член и видот на механизмот на поддршка од членот 92 од овој закон се уредува со програмите од членот 7 од овој закон и/или со Законот за земјоделски задруги.

(6) Услови за доделување на поддршката од ставот (3) на овој член се:

- примена на единствени производни методи со кои се гарантира усогласеност на производниот процес со барањата согласно со стандардите за квалитет,

- заедничко вршење на производна дејност на земјоделски стопанства за примена на стандарди за квалитет се заснова на спецификација на производ која е верификувана од надлежно независно тело,

- земјоделскиот производ, произведен согласно со стандарди за квалитет, да е наменет за крајна потрошувачка,

- применетиот стандард за квалитет е транспарентен за сите и обезбедува следливост на производите и

- применетиот стандард за квалитет е во согласност со пазарните барања и пазарните можности.

(7) Поддршката од ставот (3) на овој член се доделува врз основа на одобрен деловен план на организационата форма изготвен за плански период од најмалку пет години.

(8) Во деловниот план треба да се содржани особено следниве активности:

- инвестициони активности за унапредување на физичкиот потенцијал на организационата форма од ставот (4) на овој член и/или на земјоделските стопанства - основачи/членови за земјоделско производство и/или за инвестиции во складирање, доработка и маркетинг и

- информативни и промотивни активности за земјоделските производи кои ги произведува.

(9) Доколку организационата форма е основана за производство на земјоделски производи со повисок квалитет деловниот план треба да предвидува инвестициони активности за достигнување и примена на повисоки стандарди за квалитет од ставот (12) на овој член и како такви да се препознаени согласно со овој или друг закон.

(10) Земјоделски производи со повисок квалитет се производите кои се произведени со примена на следниве стандарди за:

- органско производство,

- гарантирана традиционална посебност,

- заштита на географски назив и ознака за потекло и - вино со географско потекло.

(11) Помошта од ставот (3) алинеја 4 на овој член се доделува за организирање на информативни и промотивни активности за земјоделски производи кои ги произведува организационата форма од ставот (4) на овој член и се однесува за трошоци за саеми, манифестации, промотивна кампања и други трошоци за организирање на информативни и промотивни активности.

Групи на производители

Член 75

(1) Поддршката за групи производители е наменета за воспоставување и работа на групи на производители.

(2) Поддршката од ставот (1) на овој член е наменета за инвестиции за:

- адаптација на производните техники и земјоделските производи произведени од земјоделски стопанства членови на група производители на пазарните потреби,

- заедничко пласирање на земјоделски производи на пазарот вклучувајќи продажба и откуп на големо и

- воспоставување на правила за пласирање на заеднички информации за обем на производство и временски период на берба на земјоделските производи.

(3) Поддршката од ставот (1) на овој член се доделува врз основа на одобрен план за признавање на групата производители, за период не повеќе од пет години од денот на признавањето на групата производители.

(4) Поддршката се исплаќа на годишно ниво како процент на вредноста на продаденото годишно производството, и тоа:

а) за вредност на продадено годишно производство во висина не повеќе од 30.000.000 денари:

- 5% од вредноста на продаденото годишно производството за првата година,

- 5% од вредноста на продаденото годишно производството за втората година,

- 4% од вредноста на продаденото годишно производството за третата година,

- 3% од вредноста на продаденото годишно производството за четвртата година и

- 2% од вредноста на продаденото годишно производството за петата година.

б) за вредност на продадено годишно производство во висина над 30.000.000 денари:

- 2,5% од вредноста на продаденото годишно производството за првата година, но не повеќе од 3.000.000 денари,

- 2,5% од вредноста на продаденото годишно производството за втората година, но не повеќе од 3.000.000 денари,

- 2% од вредноста на продаденото годишно производството за третата година, но не повеќе од 2.000.000 денари,

- 1,5% од вредноста на продаденото годишно производството за четвртата година но не повеќе од 1.500.000 денари и

- 1,5% од вредноста на продаденото годишно производството за петата година но не повеќе од 1.500.000 денари.

(5) Помошта од ставот (4) на овој член се доделува врз основа на склучен договор меѓу Агенцијата и одговорното лице на групата на производители. Начинот и постапката за спроведување на помошта од ставот (4) на овој член ја пропишува директорот на Агенцијата по претходно позитивно мислење од министерот.

2. Мерки од унапредување на животната средина и руралните предели

Поттикнување на земјоделска дејност за унапредување на животната средина и руралните предели

Член 76

(1) Политика за поттикнување на земјоделска дејност полезна за животната средина и руралните предели е насочена кон промоција на земјоделски производни практики за одржлива употреба на земјоделско земјиште, заштита и унапредување на животната средина и руралните предели со цел за зачувување на растителната и животинската разновидност и унапредување на почвата, водата и воздухот.

(2) Политиката за поттикнување на земјоделска дејност полезна за животната средина и руралните предели се спроведува преку групи на мерки насочени кон:

1) одржлива употреба на земјоделско земјиште преку мерки за помош за:

- вршење на земјоделска дејност во подрачја со ограничени можности за земјоделска дејност,

- вршење на земјоделска дејност за заштита и унапредување на животната средина и

- постигнување на стандарди за благосостојба на животните и

2) одржлива употреба на шумско земјиште преку мерки за помош за:

- прво пошумување на земјоделско земјиште и неземјоделско земјиште,

- одгледување на шумите со примена на повисоки стандарди за заштита на животната средина и

- обновување на шумите и воведување на мерки за заштита на шумите.

Помош за вршење на земјоделска дејност во подрачја со ограничени можности за земјоделска дејност

Член 77

(1) Помошта за вршење на земјоделска дејност во подрачја со ограничени можности за земјоделска дејност се доделува на земјоделските стопанства за вршење на земјоделско производство во подрачја со ограничени можности за земјоделска дејност во вид на директни плаќања за поддршка на приходот на земјоделските стопанства.

(2) Директните плаќања се исплаќаат на земјоделските стопанства во вид на годишни исплати по површина обработено земјоделско земјиште.

(3) Висината на директните плаќања од ставот (2) на овој член може да се утврди во зависност од видот на културата, видот, класата и квалитетот на земјоделскиот производ.

(4) Максималниот износ на директните плаќања по корисник може да се ограничи во зависност од големината на површината на обработено земјоделско земјиште со кои располага земјоделското стопанство од ставот (1) на овој член.

(5) Вкупниот годишен износ на директни плаќања за вршење на земјоделска дејност во подрачја со ограничени можности за земјоделска дејност не смее да надмине 30.000 денари по хектар обработено земјоделско земјиште.

(6) Видот на активностите кои се предмет на поддршка, условите за финансирање, дефинирање на корисниците, општите и посебните услови за доделување на поддршката и висината на директните плаќања ги пропишува министерот.

(7) Начинот за спроведување на поддршката од ставот (2) на овој член ја пропишува директорот на Агенцијата по добиено позитивно мислење од Министерството.

(8) По исклучок директните плаќања од ставот (1) на овој член може да се реализираат во вид на дополнителна финансиска поддршка во висина до 15% за директните плаќања по површина, грло добиток или единица производ за земјоделски имот во подрачја со ограничени можности за производство.

Помош за вршење на земјоделска дејност за заштита и унапредување на животната средина

Член 78

(1) Помош за вршење на земјоделска дејност за заштита и унапредување на животната средина се доделува за помош за:

- вршење на земјоделска дејност согласно со принципите на добра земјоделска и хигиенска пракса,

- зачувување на руралните предели и нивните традиционални карактеристики и

- зачувување на генетската разновидност на автохтони земјоделски растенија и автохтони раси на добиток.

(2) Помошта од ставот (1) алинеја 1 на овој член се доделува на земјоделските стопанства чии носители на доброволна основа се согласиле да ги применуваат принципите на добра земјоделска и хигиенска пракса на целото земјоделско стопанство за период од пет до седум години.

(3) Принципите на добра земјоделска и хигиенска пракса особено се однесуваат на земјоделски производни практики за заштита и унапредување на животната средина. За спроведување на помошта од ставот (1) алинеја 1 на овој член министерот објавува Кодекс на добра земјоделска и хигиенска пракса и водич за достигнување на принципите за добра земјоделска и хигиенска пракса на земјоделските стопанства во „Службен весник на Република Македонија“.

(4) Помошта од ставот (1) алинеја 3 на овој член може да се додели на земјоделски стопанства во вид на директни плаќања по површина обработено земјоделско земјиште на кое се одгледуваат и размножуваат автохтоните земјоделски растенија и по приплодно грло добиток од автохтоните раси на добиток.

(5) Висината на директните плаќања од ставот (4) на овој член може да се разликува во зависност од автохтоните видови на земјоделски растенија или видот на автохтоните раси на добиток и од степенот на нивната загрозеност.

(6) За спроведување на помошта од ставот (1) алинеја 3 на овој член, министерот објавува список на автохтоните земјоделски растенија и автохтоните раси на добиток во согласност со прописите од областа на заштита на животната средина и биолошката разновидност.

(7) Врз основа на списокот, министерот пропишува начин на следење и анализирање на состојбите со автохтоните видови на земјоделски растенија и автохтоните раси на добиток врз основа на степенот на нивната загрозеност и пропишува дополнителни мерки за зачувување, собирање и чување на задолжителни генетски резерви и нивна употреба за земјоделско производство.

(8) Активностите за воспоставување, следење и анализирање на состојбите со автохтоните земјоделски растенија и автохтоните раси на добиток и чување и обезбедување на

задолжителни генетски резерви министерот може да ја додели како јавна услуга или со овластување согласно со прописите од областа на сточарството, семе и саден материјал и здравје и заштита на растенијата.

(9) Се забранува истребување на автохтоните видови на земјоделски растенија и автохтоните раси на добиток.

(10) Видот на активностите кои се предмет на поддршка, условите за финансирање, дефинирање на корисниците, општите и посебните услови за доделување на поддршката и висината на директните плаќања ги пропишува Владата со програмите од членот 7 од овој закон.

(11) Начинот и постапката за спроведување на поддршката од ставот (1) на овој член ја пропишува директорот на Агенцијата по добиено позитивно мислење од Министерството.

(12) Активностите од ставот (8) на овој член може да се финансираат од програмите од членот 7 од овој закон.

Помош за постигнување на повисоки стандарди за благосостојба на животните

Член 79

(1) Помош за постигнување на повисоки стандарди за благосостојба на животните се доделува на земјоделските стопанства чии носители на доброволна основа се согласиле да применуваат повисоки стандарди за благосостојба на животните од минимум пропишаните согласно со законот за благосостојба на животните за целото земјоделско стопанство за период од пет до седум години.

(2) Повисоки стандарди за благосостојба на животните особено се однесуваат на:

- поење и хранење во количина којашто одговара на природните потреби на животните,

- услови за сместување на животните кои предвидуваат пространост, постела за преживање и природна светлина,

- редовен испуст надвор од сместувалиштето,

- не се практикуваат активности за скратување на делови од животното (рогови, опашка и друго), изолација на животното и трајно врзување и

- заштита од патогени организми преку хигиенски практики и обезбедени добри услови.

(3) Помошта од ставот (1) алинеја 2 овој член може да се додели на земјоделски стопанства во вид на директни плаќања по грло добиток доколку се постигнати условите од ставот (2) на овој член.

(4) Видот на активностите кои се предмет на поддршка, условите за финансирање, дефинирање на корисниците, општите и посебните услови за доделување на поддршката и висината на директните плаќања ги пропишува министерот.

(5) Начинот за спроведување на поддршката од ставот (3) на овој член ја пропишува директорот на Агенцијата по добиено позитивно мислење од Министерството.

3. Подобрување на квалитетот на живот во руралните средини и поттикнување на диверзификација на економски активности

Мерки за подобрување на квалитетот на живот во руралните средини

Член 80

Групата на мерки за подобрување на квалитетот на живот во руралните средини и поттикнување на диверзификација на економски активности во руралните средини се мерки за поддршка на:

- диверзификација на економски активности,

- подобрување на квалитетот на живот во рурални средини,

- поддршка за обука и информирање на физички и правни лица кои вршат дејност во руралните подрачја и

- поддршка за здобивање на знаења и вештини за подготвување и реализација на стратегии за локален развој на рурални средини.

Диверзификација на економските активности

Член 81

(1) Групата на мерки за диверзификација на економски активности се мерки за поддршка на:

- диверзификација на економски активности на земјоделско стопанство вон земјоделска дејност,

- поддршка за воспоставување и развој на микропретпријатија, поттикнување на иновативни практики и нови економски дејности во рурални средини и

- поттикнување на развој на рурален туризам.

(2) Поддршката од ставот (1) алинеи 1 и 3 на овој член се доделува на носител на семејно земјоделско стопанство или членови на семејно земјоделско стопанство кои вршат дополнителна дејност согласно со условите предвидени со членовите 82, 83 и 84 од овој закон.

(3) Поддршката од ставот (1) алинеја 2 на овој член е наменета за вршење на занаетчиска дејност во рурални подрачја.

(4) Право на поддршка од ставот (1) алинеја 2 на овој член имаат физички и правни лица и лица кои ги исполнуваат условите за вршење на занаетчиска дејност согласно со закон.

(5) Висината на поддршката од ставот (1) на овој член изнесува 50% од прифатливите трошоци.

Дополнителна дејност

Член 82

(1) Дополнителна дејност на семејно земјоделско стопанство е дејност поврзана со земјоделството, односно шумарството, која се врши на земјоделски имот и овозможува подобра искористеност на неговите производни можности и работната сила на членовите на семејството.

(2) Видовите на дејности кои можат да се вршат како дополнителни дејности на семејните земјоделски стопанства и нивниот обем ги пропишува Владата.

(3) При одредување на обемот од ставот (2) на овој член се земаат предвид и специфичните услови и карактеристики на одделни видови на дополнителна дејност.

Вршител на дополнителна дејност на семејното земјоделско стопанство

Член 83

(1) Вршителот на дополнителната дејност од членот 82 на овој закон е физичко лице кое е носител на семејно земјоделското стопанство или член на семејно земјоделско стопанство кое го користи земјоделскиот имот и врши земјоделска дејност, овластено од носителот на семејно земјоделско стопанство.

(2) Вршителот на дополнителната дејност од ставот (1) на овој член треба да биде соодветно оспособен и да има соодветна техничка опрема за вршење на дополнителната дејност.

(3) Стручната оспособеност на вршителите на дополнителна дејност и соодветната техничка опрема од ставот (2) на овој член ги пропишува министерот.

Одобрение за вршење на дополнителна дејност на семејно земјоделско стопанство

Член 84

(1) Министерот издава решение за вршење на дополнителна дејност по претходно барање поднесено од лицата од членот 83 став (1) на овој закон.

(2) Министерството води евиденција за вршителите на дополнителни дејности од членот 83 на овој закон.

(3) Формата и содржината на образецот на барањето за вршење на дополнителна дејност и потребната документација за докажување на исполнетост на условите за вршење на дополнителна дејност и начинот на водењето на евиденција од ставот (2) на овој член ги пропишува министерот.

Престанок на вршење на дополнителна дејност на семејно земјоделско стопанство

Член 85

Министерот издава решение за престанок на вршење на дополнителна дејност по барање на вршителот или во случај кога вршителот престанал да ги исполнува условите од членот 83 став (2) на овој закон.

Подобрување на квалитетот на живот во рурални средини

Член 86

(1) Групата на мерки за подобрување на квалитетот на живот во рурални средини се мерки насочени кон:

- воведување и развој на техничка и телекомуникациска инфраструктура, комунална инфраструктура, пазарна и социјална инфраструктура во руралните средини,

- обновување и развој на селата и

- зачувување и унапредување на природните и културните знаменитости и традиционалните вредности во руралните подрачја.

(2) Видот на мерките од ставот (1) на овој член, корисниците на мерките, износот на средства по мерки, висината на поддршката и начинот на нивно спроведување ги утврдува Владата со програмите од членот 7 од овој закон.

Поттикнување на локален развој на рурални средини

Член 87

Поттикнување на локален развој на рурални средини се спроведува преку мерките наменети за поддршка на:

- реализација на стратегии за локален развој на рурални средини кои предвидуваат спроведување на мерки согласно со овој закон,

- реализација на стратегии за рурален развој на единиците на локална самоуправа со седиште во рурална средина и

- работата на локалната акциона група (во натамошниот текст: ЛАГ) за развој на руралните средини и за вклучување на жителите на територијата на ЛАГ за развој на руралните средини.

Стратегии за локален развој на рурални средини

Член 88

(1) Стратегии за локален развој на рурални средини кои се предмет на поддршка мора да ги исполнат најмалку следниве услови:

- да е изготвена од страна на ЛАГ за развој на руралните средини,

- да содржат мерки и начин на нивно спроведување согласно со овој закон и

- да е одобрена од Министерството.

(2) Содржината и методологијата за подготовка на стратегиите од ставот (1) на овој член, како и начинот за нивно одобрување ги пропишува министерот.

Локална акциона група

Член 89

(1) Локална акциона група за развој на руралните подрачја се основа како трговско друштво, задруга или здружение на граѓани или фондација основана за една територијална целина на една или повеќе рурални средини каде живеат не помалку од 5.000 жители и не повеќе од 100.000 жители.

(2) Локална акциона група за развој на руралните подрачја се основа по пат на:

- здружување на две или повеќе рурални заедници кои катастарски граничат меѓусебе,

- здружување на две или повеќе општини кои се дефинирани како рурални средини и катастарски граничат меѓусебе и

- јавно-приватно партнерство меѓу општините, физички и правни лица или здруженија на граѓани со седиште на подрачјето на општините.

(3) Еден субјект не може да биде член на повеќе од една ЛАГ освен во случај на субјекти кои имаат, согласно со закон со кој се основани, регистрирани подружници со седиште на територијата за која е формирана ЛАГ.

(4) Здруженија на граѓани за заштита на животната средина, земјоделските производители, младите и жените во руралните средини мора да се застапени со најмалку 50% во ЛАГ за развој на руралните средини од ставот (2) алинеја 3 на овој член.

(5) Статус на ЛАГ се добива со запишување во евиденцијата на ЛАГ која се води во Министерството.

(6) Поблиските услови од ставот (1) на овој член за запишување, постапката за упис, потребната документација и начинот на водење на евиденцијата од ставот (5) на овој член поблиску ги пропишува министерот.

Дополнителни услови и прифатливи трошоци

Член 90

(1) Корисниците на поддршката од мерките за рурален развој во зависност од видот на мерката може да бидат условени и со располагање со соодветни производствени капацитети видот на дејноста и постигнати финансиски резултати.

(2) Прифатливите трошоци од одредбите од членовите 70, 70-а, 71, 72, 73, 74, 81, 86 и 87 од овој закон, вклучуваат:

- набавка на живи животни и повеќегодишни растенија,

- изградба или подобрување на недвижен имот,

- изградба или подобрување на инфраструктура (техничка и телекомуникациска инфраструктура, комунална инфраструктура, пазарна и социјална),

- набавка или лизинг на механизација и опрема, вклучително и компјутерски софтвер и

- други нематеријални вложувања и услуги поврзани со претходни активности, подготовка и/или спроведување на инвестицијата.

(3) Поблиските услови од ставот (1) на овој член, прифатливите трошоци од ставот (2) на овој член, висината на вредноста на прифатливите трошоци, како и висината на поддршката по корисник за поединечна мерка ги пропишува министерот.

Критериуми за избор на корисници

Член 91

(1) Изборот на корисници по мерките за рурален развој се врши во зависност од намената на инвестицијата, видот на подносителот, висина на инвестицијата, возраста и полот на носителот на земјоделското стопанство или одговорното лице на субјектот, место на инвестицијата.

(2) Поблиските критериумите од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот.

Финансиска поддршка за рурален развој

Член 92

(1) Мерките за рурален развој се спроведуваат преку следниве механизми на поддршка:

- неповратна финансиска поддршка за инвестиции,

- финансиска помош и

- директни плаќања за рурален развој.

(2) Неповратна финансиска помош за инвестиции е поддршка која се доделува во вид на финансирање или кофинансирање на вредноста на преземени и реализирани инвестиции согласно со прифатливите трошоци и во висина на поддршката по корисник од членот 90 од овој закон.

(3) Неповратната финансиска поддршка од ставот (1) алинеја 1 на овој член може да се додели и за нематеријални вложувања согласно со прифатливите трошоци и во висина на поддршката по корисник од членот 90 од овој закон, а во согласност со програмите од членот 7 од овој закон.

(4) Одобрените и исплатени средства се неповратни при што корисникот не смее да ја отуѓи ниту да ја наруши намената на инвестицијата во рок од пет до седум години од денот на приемот на последната исплата на поддршката од ставовите (2) и (3) на овој член.

(5) Директните плаќања за рурален развој е компензационо плаќање за поддршка на приходот остварен од земјоделска дејност како надоместок на загубите кои настанале поради неискористеност на производниот потенцијал заради примена на земјоделски производни практики за заштита на животната средина или поради зголемени трошоци за примена на повисоки стандарди за заштита на животната средина.

(6) Финансиска помош е поддршка која се доделува за обука и информирање на земјоделските производители, советодавни услуги за развој на земјоделството, започнување со земјоделска дејност, напуштање на вршење на земјоделска дејност и за групи на производители.

(7) Неповратната финансиска поддршка за инвестиции и директните плаќања за рурален развој се спроведува преку договор во времетраење од пет до седум години.

(8) По исклучок, директните плаќања за рурален развој може да се доделат и преку изјава на барателот со која се обврзува да ги почитува условите за директни плаќања за рурален развој и која се обновува секоја година за времетраењето на правото на поддршката, а се реализираат согласно со одредбите од членот 47 од овој закон.

(9) Финансиската помош се спроведува преку договор во времетраење од три до пет години.

(10) По исклучок, финансиската помош за обука и информирање на земјоделските производители може да се спроведе преку договор во времетраење од една до три години.

(11) Согласно со програмите од членот 7 од овој закон, неповратна финансиска поддршка и финансиската помош може да се додели во вид на авансна исплата во висина до 40% од вредноста на одобрените прифатливи трошоци од членовите 66, 67, 68, 69 и 90 од овој закон.

(12) Согласно со програмите од членот 7 од овој закон, неповратна финансиска поддршка може да се додели на две рати или согласно со фазите на реализација на инвестицијата.

VII. ДРЖАВНА ПОМОШ ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО

Државна помош во земјоделството

Член 93

Државна помош во земјоделството е секоја помош доделена од Владата, органите на државната управа или единиците на локалната самоуправа за производство, преработка и продажба на одредени земјоделски производи или за извршување на одредени услуги од областа на земјоделството, со која се овозможува дополнителна поддршка за определени субјекти за поддршката овозможена со програмите од овој закон.

Помош за инвестиции за реструктуирање на земјоделски стопанства

Член 93-а

(1) Државна помош за инвестиции за реструктуирање на земјоделски стопанства е дополнителна финансиска поддршка на мерката од членот 70-а на овој закон.

(2) Висината на помошта од ставот (1) на овој член изнесува:

- 90% од прифатливите и направени трошоци за реализација на инвестицијата со која капацитетите на земјоделското стопанство преминуваат од прва во втора група од членот 70-а став (3) од овој закон и

- 70% од прифатливите и направени трошоци за реализација на инвестицијата со која капацитетите на земјоделското стопанство преминуваат од втора во трета група од членот 70-а став (3) од овој закон, односно 80% за користење на советодавни услуги во земјоделството.

(3) Земјоделските стопанства кои се корисници на инвестициите од ставот (1) на овој член треба најмалку три последователни години да имаат пријавено капацитети согласно со почетната група пред започнување на инвестицијата, а при преминувањето во друга група, големината на новите капацитети треба да се поголеми од почетните најмалку за:

- 100% за инвестициите од ставот (2) алинеја 1 на овој член и

- 50% за инвестициите од став (2) алинеја 2 на овој член.

Помош за инвестиции во земјоделски стопанства

Член 94

(1) Државна помош за инвестиции во земјоделски стопанства е дополнителна финансиска поддршка на мерката од членот 70 на овој закон.

(2) Висината на помошта од ставот (1) на овој член, вклучувајќи ја и поддршката од членот 70 на овој закон, изнесува:

- 60% од инвестицијата во подрачја со ограничени можности за земјоделско производство,

- 65% од прифатливите инвестициски трошоци во подрачја со ограничени можности за земјоделско производство кога носителот на инвестицијата е млад земјоделец,

- 55% во останатите подрачја кога носителот на инвестицијата е млад земјоделец,

- 75% од прифатливите инвестициски трошоци во недостапни рурални заедници и

- 60% од прифатливите инвестициски трошоци доколку инвестицијата придонесува за заштита и унапредување на животната средина, подобрување на хигиенските услови и благосостојба на животните на земјоделското стопанство, освен во случај кога инвестицијата е во подрачја со ограничени можности за земјоделско производство кога помошта е 75%.

(3) Помошта за инвестиции на овој член не се доделува на земјоделски стопанства кај кои носител е правно лице кое користи помош за спас и реконструкција согласно со Законот за државна помош.

Помош за инвестиции во преработка и маркетинг

Член 94-а

(1) Помош за инвестиции во преработка и маркетинг е финансиска поддршка наменета за микро, мали и средни претпријатија, како и земјоделски задруги, кои имаат склучено договор за користење на инструментот за претпристапна помош за рурален развој за најмалку 30% од вкупните трошоци предвидени за инвестиции во постбербени и преработувачки капацитети.

(2) Висината на помошта од ставот (1) на овој член, изнесува до 100% од висината на прифатливите инвестициски трошоци во вид на целосно или делумно предфинансирање на делот кој се однесува на сопственото учество во вкупните трошоци на инвестицијата.
(3) Предфинансирање на инвестицијата е исплата на износот на помошта за реализација на инвестицијата на корисникот пред започнување на инвестицијата.
(4) Помошта се реализира со поднесено барање на распишан јавен повик од страна на Агенцијата.
(5) Помошта се доделува на корисници чија инвестиција опфаќа реконструкција на објекти, набавување на опрема и воспоставување на капацитети за постбербени активности и/или преработка врз основа на критериуми кои се наведени во јавниот повик од ставот (4) на овој член.
(6) Помошта за инвестиции во преработка и маркетинг се доделува со склучен договор помеѓу корисникот на помошта и Агенцијата.
(7) Корисникот на помошта е должен пред склучување на договорот до Агенцијата да достави банкарска гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот во вредност на одобреното предфинансирање согласно со фазите за реализацијата на инвестицијата како гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот од ставот (6) на овој член. Банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот мора да биде безусловна, неотповиклива и наплатлива на првиот повик. Банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот треба да биде со важност за целиот период на траење на договорот.
(8) Износот на исплатеното предфинансирање на сопственото учество во вкупните трошоци на инвестицијата, корисникот е должен по завршување на инвестицијата да го врати на најмногу осум годишни рати, и истото ќе биде утврдено со договорот за користење на оваа финансиска помош.
(9) Во случај на неисполнување на обврските од Договорот од ставот (6) на овој член, Агенцијата го известува корисникот на помошта истата да ја врати во рок од 30 дена од денот на пристигнување на известувањето.
(10) Доколку корисникот на помошта не ја врати помошта во рокот од став (9) на овој член Агенцијата ќе изврши наплата на доставената банкарска гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот.
(11) Корисникот на помошта од став (1) на овој член не смее да ја оттуѓи, заложи, издава под закуп или на било кој друг начин да ја оптоварува инвестицијата во рок од 8 години од завршување на инвестицијата, освен за потребите од ставот (7) на овој член.
(12) Секој договор или друго правно дело со кое се врши располагање на инвестицијата и/или друг правен акт кој е спротивен на ставот (11) од овој член е ништовен.

Помош за зачувување на традиционалниот предел и архитектура

Член 95

(1) Помош за зачувување на традиционалниот предел и архитектура е помош наменета за инвестиции на земјоделско стопанство или во рурални средини за зачувување на традиционални обележја со археолошки и историски карактеристики утврдени со закон или акт на единицата на локалната самоуправа каде што се наоѓа земјоделскиот имот или традиционалното обележје.

(2) Висината на помошта од ставот (1) на овој член изнесува:

- 100% од прифатливите трошоци направени со инвестицијата или капиталните работи и оперативни трошоци за традиционални обележја за непроизводствени намени, но најмногу до 600.000 денари годишно,

- 60% од прифатливите трошоци направени со инвестицијата или капиталните работи за традиционални обележја наменети за производство и

- 75% од прифатливите трошоци направени со инвестицијата или капиталните работи за традиционални обележја наменети за производство во подрачјата со ограничени можности за земјоделско производство.

(3) Инвестициите од ставот (2) алинеи 2 и 3 на овој член не треба да доведат до зголемување на производниот капацитет на земјоделското стопанство.

(4) По исклучок од ставот (3) на овој член, во случај кога инвестициите од ставот (2) алинеи 2 и 3 на овој член доведуваат до зголемување на производствениот капацитет, дополнителната помош се доделува во висина до 100% и тоа само за дополнителните трошоци направени за употреба на традиционални материјали неопходни за зачувување на традиционалните обележја на објектот.

Помош за преместување на објекти од земјоделски имот за остварување на јавен интерес

Член 96

(1) Помош за преместување на објекти од земјоделски имот за остварување на јавен интерес утврден согласно со закон е помош за надоместок на трошоците направени за демонтирање, отстранување и повторно монтирање на објектот.

(2) Помошта од ставот (1) на овој член е во висина од 100% од прифатливите трошоци направени при преместувањето.

Исклучоци за висина на помош

Член 97

(1) Во случај кога со преместувањето се зголемува вредноста поради посовремени објекти и опрема, носителот на земјоделското стопанство ќе учествува со најмалку 60% од зголемената вредност на објектот или 50% од зголемената вредност на објектот во подрачјата со ограничени можности за земјоделско производство.

(2) Во случај кога носителот на земјоделско стопанство е млад земјоделец, учеството од ставот (1) на овој член ќе биде најмалку 55% од зголемената вредност на објектот, или 45% во подрачјата со ограничени можности за земјоделско производство.

(3) Во случај кога со преместувањето се зголемува производниот капацитет, носителот на земјоделското стопанство ќе учествува со најмалку 60% од трошоците кои се однесуваат на зголемувањето на производниот капацитет, или 50% во подрачјата со ограничени можности за земјоделско производство.

(4) Во случај кога носителот на земјоделско стопанство е млад земјоделец, учеството од ставот (3) на овој член ќе биде најмалку 55% од трошоците кои се однесуваат на зголемувањето на производниот капацитет или 45% во подрачјата со ограничени можности за земјоделско производство.

Помош за премии за осигурување

Член 98

(1) Помош за премии за осигурување е надоместок на дел од трошоците за осигурување на земјоделско производство.

(2) Висината на помошта нема да надминува 60% од трошокот на премијата за осигурување за надоместок на штета врз земјоделското производство, но не повеќе од 200.000 денари по земјоделско стопанство.

Субвенционирање на каматна стапка

Член 98-а

(1) Субвенционирање на каматна стапка е помош во земјоделството и руралниот развој кој обезбедува полесен пристап за финансирање, финансиски придонес и поделба на кредитниот ризик во смисла на намалувањето на каматната стапка на кредити наменети за земјоделство и рурален развој како примарно земјоделско производство, преработка на земјоделски производи и трговија на земјоделски производи.

(2) Помошта од ставот (1) на овој член е за кредити кои имаат годишна каматна стапка во висина до 8% на годишно ниво, кои се исклучиво пласирани од банки и штедилници со дозвола за работа од Народната банка на Република Македонија за период до 10 години и тоа за инвестиции кои се финансирани од инструментот за претпристапна помош во земјоделството и руралниот развој од Европската унија и истите не се повисоки од 500.000 евра во денарска противвредностпо среден курс на Народната банка на Република Македонија утврден на денот на склучувањето на договорот за кредит.

(3) Помошта од ставот (2) на овој член е во висина од 50% од висината на каматната стапка на годишно ниво. Висината на помошта од ставот (2) на овој член може да биде и повисока од 50% во согласност со членот 94 став (2) од овој закон.

(4) Корисници на помошта за субвенционирање на каматна стапка се физички и правни лица корисници на финансиски средства од инструментот за претпристапна помош во земјоделството и руралниот развој од Европската унија.

(5) За остварување на помошта за субвинционирање на каматна стапка, лицата од ставот (4) на овој член по склучувањето на договор за кредит до Агенцијата доставуваат барање со документација за исполнетост на условите од ставот (2) на овој член.

(6) Начинот на спроведување на помошта од ставот (5) на овој член ја пропишува директорот на Агенцијата по претходно позитивно мислење од Министерството.

Кофинансирање на банкарски гаранции

Член 98-б

(1) Кофинансирање на банкарски гаранции е финансиски инструмент во земјоделството и руралниот развој кој обезбедува полесен пристап за финансирање, финансиски придонес и поделба на гарантниот ризик во смисла на намалувањето на гаранцијата-хипотеката на кредити наменети за земјоделство и рурален развој како примарно земјоделско производство, преработка на земјоделски производи и трговија на земјоделски производи.

(2) Кофинансирање на банкарски гаранции се врши со исплата на финансиски средства во висина и под услови утврдени со меѓународен договор за банкарски гаранции за земјоделство и рурален развој во Република Македонија, ратификуван согласно со Уставот на Република Македонија.

(3) Средствата потребни на министерството за учество во придонесот за целите од меѓународниот договор од ставот (2) на овој член се утврдуваат во Годишната програма за финансиска поддршка на руралниот развој.

(4) Мерката за кофинансирање на банкарски гаранции се реализира со барање од министерството до Агенцијата за исплата на средствата согласно со меѓународниот договор од ставот (2) на овој член.

Поддршка на трошоците за набавка на гориво за земјоделска механизација

Член 98-в

(1) Поддршка на трошоците за набавка на гориво за земјоделска механизација е помош наменета за компензација на дел од трошоците на земјоделските стопанства за набавка на гориво за земјоделска механизација.

(2) Помошта од ставот (1) на овој член е во висина до 50% од трошоците на земјоделските стопанства за набавка на гориво за земјоделска механизација но не повеќе од 100.000 денари по земјоделско стопанство.

(3) Помошта од ставот (1) на овој член се доделува со давање на платежни картички за набавка на гориво во определен износ.

(4) Висината на помошта од ставот (2) на овој член се утврдува по земјоделски производи или групи на земјоделски производи врз основа на износот на трошоците за гориво кое е потребно за обработка на единица земјоделска површина во текот на една производна година.

(5) Процентот на помошта од ставот (2) на овој член се утврдува во програмата за финансиска поддршка во земјоделството.

(6) Износот на помошта од став (4) на овој член по единица земјоделска површина по земјоделски производ или групи на земјоделски производи ги пропишува Владата со прописот од членот 47 став (6) од овој закон.

Член 99 е избришан.

Дополнителна помош за земјоделски производи

Член 99-а

(1) Владата може да донесе одлука за дополнителна помош како мерка за исплата за одреден земјоделски производ чиј износ не може да изнесува повеќе од просечната цена за откуп за тој производ во производниот регион по единица мерка.

(2) Средствата за дополнителната помош од став 1 на овој член може да се неповратни или повратни и да се враќаат најдоцна во рок од три години од денот на нивната исплата.

(3) Во одлуката од став 1 на овој член ќе се утврди видот на земјоделскиот производ, висината на дополнителната помош за тој производ согласно критериумите утврдени во ставот 1 на овој член како и начинот на утврдување на износот и рокот за враќање на исплатените средства за дополнителната помош.

(4) Дополнителната помош од ставот 1 на овој член ќе се исплаќа преку Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој како мерка предвидена во годишната програма за финансиска поддршка во земјоделството.

Член 99-б е избришан.

Дополнителна помош за земјоделски производи откупени
најмногу пред пет години

Член 99-в

(1) Владата може да донесе одлука за дополнителна помош како мерка за исплата за одреден земјоделски производ кој согласно со членот 99-а од овој закон не може да се исплати, а се однесува за одреден земјоделски производ откупен најмногу пред пет години од денот на донесувањето на одлуката, а неплатен од страна на регистриран откупувач, во случај земјоделското стопанство како производител на тој земјоделски производ да било корисник на мерка од годишната програма за финансиска поддршка во земјоделството за тој производ во годините за кои се однесува помошта. Корисник на дополнителна помош од овој став е и физичко лице кое не било корисник на мерка од годишната програмата за финансиска подршка во земјоделството за тој производ во годините за кои се однесува помошта доколку количината на земјоделскиот производ откупен од тоа физичко лице а не исплатен од страна на регистриран откупувач не изнесува повеќе од 30.000 килограми вкупно за периодот за кој се однесува одлуката.

(2) Дополнителната помош од ставот (1) на овој член не може да изнесува повеќе од просечната цена за откуп за тој производ во Република Македонија по единица мерка на годишно ниво за периодот за кој се утврдува согласно со ставот (1) на овој член.

(3) Средствата за дополнителната помош од ставот (1) на овој член може да се неповратни или повратни и да се враќаат најдоцна во рок од три години од денот на нивната исплата.

(4) Во одлуката од ставот (1) на овој член ќе се утврди видот на земјоделскиот производ, периодот за кој се однесува помошта, висината на дополнителната помош за тој производ утврдена согласно со ставот (2) на овој член како и начинот на утврдување на износот и рокот за враќање на исплатените средства за дополнителната помош.

(5) Дополнителната помош од ставот (1) на овој член ќе се исплаќа преку Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој како мерка предвидена во годишната програма за финансиска поддршка во земјоделството.

Помош за окрупнување и заштита на земјоделско земјиште

Член 100

(1) Помош за окрупнување и заштита на земјоделско земјиште се доделува за покривање на правни и административни трошоци кои произлегуваат од постапката за окрупнување на земјоделското земјиште, како и постапките за анализа на физичките и хемиските својства на почвата, кои се реализираат преку мерките за поддршка на земјоделството и руралниот развој.

(2) Висината на помошта од ставот (1) на овој член може да изнесува до 100% од настанатите трошоци за окрупнување.

Техничка поддршка во земјоделството и руралниот развој

Член 101

(1) Техничка поддршка во земјоделството и руралниот развој е наменета за следниве активности:

- организирање и спроведување на програми за обука кои не се поддржуваат преку мерките за руралниот развој,

- организирање и спроведување на манифестации и саеми,

- учество на саемски манифестации и саеми на земјоделски производители и преработувачи,

- помош за маркетинг на земјоделски производи и преработени земјоделски производи,

- изработка и публикување на едукативни, информативни, научни, пропагандни и стручни материјали, публикации и списанија,

- спроведување на истражувања, изработка на анализи, предлог-проекти, студии и стратешки документи од областа на земјоделството и руралниот развој,

- инвестициони вложувања за воспоставување на научно демонстративни примери,

- други трошоци и инвестициони вложувања за воспоставување и спроведување на мерките од програмите од членот 7 од овој закон и

- прибирање на податоци за почвена карта, одржување на база на податоци на почвена карта, анализа и публикување на податоци за почви.

(2) Техничката поддршка од ставот (1) на овој член ја спроведува Министерството.

(3) По исклучок, техничката поддршка од ставот (1) на овој член може да ја спроведе Агенцијата.

(4) Техничката поддршка од ставот (1) алинеи 1, 2, 5, 6, 7 и 8 на овој член може да се додели во зависност од:

- реалните и применливите резултати со брзи ефекти насочени кон остварување на дефинираните стратешки цели за развој на земјоделството и руралниот развој,

- директно и индиректно влијание на поголем број субјекти од областа на земјоделството,

- здружување на корисниците на поддршката, јавно приватно партнерство, или други форми на партнерство со поголем број на корисници,

- одржливост по реализацијата на поддршката,

- претходно искуство во реализација на активности од значење за целната група на крајни корисници на поддршката и

- сопствено или учество од други извори на финансирање.

(6) Видот на активности за техничката поддршка во земјоделството и руралниот развој, максималниот износ по активности, корисниците, субјектите кои учествуваат во постапката и поблиските критериуми од ставот (4) на овој член и начинот за доделување, ги пропишува Владата на предлог на Министерството.

(7) Исплатата на средствата за техничката поддршка од ставот (1) на овој член ја врши Агенцијата по барање на Министерството или по барање на корисникот.

Член 101-а е избришан.

Помош за одделни категории носители на земјоделско стопанство

Член 102

(1) Помош за одделни категории на носители на земјоделско стопанство е дополнителна помош која се доделува на земјоделски стопанства корисници на директни плаќања од членот 47 на овој закон во износ поголем во однос на останатите корисници за:

- 5% за правно лице регистрирано во ЕРЗС како земјоделско стопанство кое е основано од носителот или член на семејно-земјоделско стопанство со целокупниот земјоделскиот имот на семејно-земјоделско стопанство освен објекти за домување или престојување на земјоделски производители и

- 10% за категориите на млад земјоделец носител на семејно-земјоделско стопанство.

(2) Помошта од ставот (1) на овој член се дава најмногу за период од пет години од уписот на промената во ЕРЗС.

(3) Помошта од ставот (1) на овој член збирно не може да надмине 15% од одобрениот износ на директни плаќања во една календарска година.

(4) Дополнителна помош во висина од минимум 20% може да се додели на земјоделски стопанства корисници на директните плаќања од членот 47 од овој закон чиј носител е регистриран вршител на земјоделска дејност согласно со Законот за вршење на земјоделска дејност или е регистриран како индивидуален земјоделец согласно со Законот за пензиското и инвалидското осигурување.

(5) Висината на дополнителната помош и максималните износи од ставовите (1) и (4) на овој член по корисник, ги пропишува Владата со програмите од членот 7 од овој закон.

Помош во сточарскиот сектор

Член 103

(1) Помош во сточарскиот сектор е помош наменета за поддршка, одржување и унапредување на генетскиот квалитет на сточарството.

(2) Помошта од ставот (1) на овој член се доделува во висина до:

- 100% за покривање на административни трошоци за воспоставување и одржување на матично книговодство,

- 70% од трошоците за испитувања извршени од трети лица или од името на трети лица за утврдување на генетскиот квалитет или приносот во сточарството, со исклучок на мерките за контрола преземени од сопственикот на животните и рутинска контрола на квалитетот на млекото,

- 40% за воведување нови техники или практики за одгледување на добиток на ниво на стопанство со исклучок на трошоците поврзани со воведување или изведување на вештачко осеменување,

- 100% од трошоците за отстранување на мртви животни и до 75% од трошоците за уништување на труповите на тие животни или, алтернативно, помош до истата сума за трошоците на премиите платени од земјоделските производители кои ги покриваат трошоците за отстранување и уништување на мртви животни,

- 100% за трошоците за отстранување и уништување на труповите, ако помошта е финансирана од хонорари или задолжителни придонеси назначени за финансирање за уништување на тие трупови, во услови кога тие хонорари или придонеси се ограничени на месниот сектор и се наменети директно за тој сектор и

- 100% за реално направените трошоци при спроведувањето на мерки во случај на појава на болести кои задолжително се пријавуваат од листата на Светската организација на здравствена заштита на животните и тоа за:

1) болести кои се предмет на планирање на итни мерки, а се смета дека се од посебно значење за јавното здравство, здравствениот статус на животните и прометот или превентивни мерки за заштита на добитокот во случај на природни непогоди;

2) болести кои се сметаат дека се од особено значење и приоритет за Република Македонија, а се предмет на посебни програми за надзор и/или контрола, предвидени со годишната наредба за здравствена заштита на животните или повеќегодишните програми кои се спроведуваат на целата територија на државата или на дел од неа и

3) болести кои не предизвикуваат значителни загуби или се последица од начинот и практиката на чување, размножување, одгледување и исхрана на животните.

(3) Помошта не може да вклучува директни плаќања на финансиски средства на земјоделските производители.

Помош во шумарството

Член 104

(1) Помош за зголемување на економска вредност на шумите е дополнителна финансиска поддршка на мерката од членот 71 на овој закон.

(2) Висината на помошта од ставот (1) на овој член, вклучувајќи ја и поддршката од членот 71 на овој закон, изнесува:

- 60% од висината на прифатливите трошоци за инвестиции во планински подрачја и

- 85% од висината на прифатливите трошоци за инвестиции во недостапни рурални средини.

Помош за преработка и маркетинг

Член 105

(1) Помошта за преработка и маркетинг на земјоделски производи е дополнителна финансиска поддршка на мерката од членот 72 на овој закон.

(2) Висината на помошта од ставот (1) на овој член, вклучувајќи ја и поддршката од членот 72 на овој закон, изнесува:

- 60% од вредноста на прифатливите инвестиции направени во недостапни рурални средини,

- 65% од вредноста на прифатливите инвестиции во заостанати рурални средини и

- 75% од вредноста на прифатливите инвестиции во депопулациони рурални средини.

Помош за воведување на повисоки стандарди на квалитет

Член 106

(1) Помош за воведување на повисоки стандарди на квалитет на земјоделски производи се доделува за воведување и одржување на следниве повисоки стандарди на квалитет на земјоделски производи:

- органско производство,

- заштита на земјоделски и прехранбени производи со географски или традиционален назив и

- стандарди за безбедност во примарно земјоделско производство.

(2) Помошта од ставот (1) на овој член може да се додели во вид на:

- дополнителна финансиска помош до 1 денар по единица земјоделски производ употребен како суровина за производи со повисок квалитет согласно со закон,

- финансиска помош за надоместокот на трошоци за воведување или за примена на ознаки за квалитетот во максимален износ до 300.000 денари или 5% од вредноста на продадените земјоделски производи со повисоки стандарди на квалитет, но не повеќе од 300.000 денари,

- финансиска помош за трошоците за регистрација на заштитени ознаки со географски или традиционален назив,

- финансиска помош за контрола и сертификација на органско производство и/или заштитени ознаки со географски или традиционален назив,

- финансиска помош за изработка на елаборат или спецификација за регистрација на заштитени ознаки со географски или традиционален назив,

- до дополнителна помош до 20% на директните плаќања за спроведени стандарди за безбедност и

- финансиска помош за трошоците за лабораториски анализи и сертификација при воведување и одржување на стандарди за безбедност во примарното земјоделско производство.

(3) Корисниците и висината на поддршката се утврдуваат со програмите од членот 7 од овој закон.

Помош на плодоуживатели

Член 106-а

(1) Помош за одделни категории на носители на земјоделско стопанство може да се додели во вид на еднократна помош за корисници на државно земјоделско земјиште на плодоуживање согласно со Законот за земјоделско земјиште и тоа во висина не повеќе од 120.000 денари по корисник во годината кога за прв пат е стекнато правото за користење на државно земјоделско земјиште на плодоуживање.

(2) Висината на помошта која се доделува по корисник во зависност од земјоделската култура за која е доделено државното земјоделско земјиште на плодоуживање, како и максималниот износ на еднократната помош ја утврдува Владата со програмата за доделување на земјоделско

земјиште во државна сопственост на плодоуживање на одредени категории социјално необезбедени лица согласно со Законот за земјоделско земјиште.

Помош Де минимис

Член 107

(1) Де минимис е помош која се доделува на земјоделски стопанства кога таа им е неопходна, а не можат да ја остварат по никој друг основ согласно со овој закон.

(2) Начинот на утврдување на исполнетоста на условите од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот.

(3) Одлука за доделување на помошта од ставот (1) на овој член донесува Владата на предлог на министерот.

(4) Максималниот износ на помошта од ставот (1) на овој член по земјоделско стопанство не може да надмине вкупен износ од 120.000 денари за три последователни години.

(5) Доколку од надлежен суд или прекршочен орган дополнително се утврди дека настанувањето на состојбата која ја предизвикала неопходноста за помошта од ставот (1) на овој член е по исклучива вина на корисникот на помошта, истиот е должен да го врати вкупниот износ на доделената помош.

Право на државна помош

Член 108

Корисници на државната помош може да бидат земјоделски стопанства и субјекти кои немаат парични обврски кон Министерството.

Евиденција на државна помош

Член 109

(1) Министерството води евиденција на доделена државна помош во земјоделството и руралниот развој.

(2) Видот на податоците, формата, содржината и начинот на водење на евиденцијата од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот.

(3) Сите државни органи и единици на локалната самоуправа се должни по службена должност да го известат Министерството за доделената неповратна финансиска помош на субјектите.

(4) Врз основа на евиденцијата од ставот (1) на овој член и податоците од ставот (3) на овој член, Министерството се грижи за одбегнување на двојно финансирање на државна помош за иста намена, како и надминување на максималниот износ на помош согласно со овој закон.

Транспарентност и следење

Член 110

За потребите за јавност и транспарентност на процесот на доделување на државната помош во земјоделството и руралниот развој, сите податоци за воведување и реализација на државна помош се објавуваат на веб страницата на Министерството.

VIII. ФОРМИ НА ЗДРУЖУВАЊЕ

Цели и форми на здружување

Член 111

(1) За остварување на целите од членот 3 на овој закон земјоделските стопанства можат доброволно да се здружуваат како организации на производители.

(2) Земјоделските стопанства можат да користат финансиска поддршка за здружување согласно со овој закон.

Организација на производители

Член 112

Организацијата на производители е правно лице со дејност од областа на земјоделството формирано од земјоделски стопанства заради усогласување на земјоделското производство и понудата на земјоделски производи со пазарните услови, која исполнува определени услови согласно со овој закон и е запишана во Регистарот на организации на производители во Министерството.

Цели на организацијата на производители

Член 113

Организацијата на производители се основа заради остварување на следниве цели:

- планирање на производството и негово усогласување со потребите на пазарот во поглед на побарувачката и квалитетот,

- концентрација на понудата и подобрување на вкупната продажба на производите од членовите на организацијата,

- постигнување на оптимално ниво на производните трошоци и стабилизирање на производствените цени,

- унапредување на начинот на работење, употреба на современа техника и технологија, заштита на природата и водите и одржување на биолошката разновидност,

- олеснување и поедноставување на процесот за пристап до финансиски средства и

- обезбедување на самоконтрола во организацијата и во производството, особено на специфични видови на производство и агротехнички постапки пропишани со посебни прописи.

Услови за стекнување на статус на организација на производители

Член 114

(1) За стекнување на статус на организација на производители, правното лице од членот 112 на овој закон треба да ги исполнува следниве услови:

- да е регистрирано како правно лице со дејност од областа на земјоделството согласно со Законот за трговските друштва или Законот за задругите или Законот за земјоделски задруги,

- да има основни предуслови за работа,

- да има усвоен статут со дефинирани посебни правила за работа за исполнување на целите од членот 113 на овој закон,

- да има најмалку пет члена,

- да остварува минимална вредност на годишно пазарно производство од 6.000.000 денари,

- да се формирани за одреден производ односно група на производи на овошје или зеленчук,

- да поседува оперативен фонд и да има изготвено и одобрена или доставена на одобрување оперативна програма за работа и

- со своето работење да не ја ограничува конкуренцијата на пазарот на одреден производ, односно група на производи на овошје или зеленчук.

(2) Правното лице од ставот (1) на овој член статусот на организација на производители го стекнува со денот на уписот во Регистарот на организации на производители кој се води во Министерството.

Членство во организација на производители

Член 115

(1) Членови на организација на производители се земјоделски стопанства регистрирани во ЕРЗС од членот 15 на овој закон.

(2) Членови на организација на производители не можат да бидат правни лица во кои учеството на државниот капитал е поголем од 25% во вкупниот капитал на правното лице.

(3) Минималниот рок на членство во организацијата на производители е најмалку една година.

Вредност на пазарното производство

Член 116

(1) Вредноста на пазарно производство на организацијата на производители е вредноста на производството, пласирано на пазар, на членовите на организацијата на производители за кое е признаена организацијата.

(2) Пресметката на вредноста на пазарното производство од ставот (1) на овој член е заснована на вредноста на производството, продадено од самата организација на производители, вклучувајќи ги и:

- вредноста на производството на членовите кои ја напуштаат или се приклучуваат кон организацијата на производители и

- вредноста на споредните и доработените производи на организацијата на производители.

(3) Пресметката од ставот (2) на овој член се врши врз основа на вредноста на производството франко утовар од организација на производители, со исклучок на ДДВ и внатрешни транспортни трошоци.

Основни предуслови за работа

Член 117

Организацијата на производители треба да располага со соодветен персонал, инфраструктура и опрема за постигнување на целите за нејзино работење, а особено:

- информации за производството на своите членови,

- услови за сортирање, складирање и пакување на производите на своите членови,

- комерцијално и буџетско управување и

- централизирано сметководство и систем за фактурирање.

Статут

Член 118

(1) Статутот на организацијата на производители задолжително содржи:

- правила во врска со известувањето, производството, маркетингот и заштитата на животната средина,

- обврска за членовите за припадност во само една организација на производители за соодветниот производ,

- обврска за членовите за продажба на нивното целокупно производство преку организацијата на производители,

- обврска за членовите за обезбедување на информации по барање на организацијата на производители за статистички цели, особено податоци за засеани/засадени површини, произведени количини, приноси и директна продажба,

- одредби за финансиски придонеси на членовите за создавање и дополнување на оперативниот фонд и финансирање на организацијата на производители,

- процедури за донесување, примена и измена на правилата на организацијата на производители,

- санкции за непочитување на обврските согласно со статутот на организацијата, особено за неисполнување на обврските за плаќање на финансиски придонеси или нарушување на правилата донесени од организацијата на производители,

- правила за прием на нови членови, особено минимум период на членство,

- сметководствени и буџетски правила неопходни за функционирање на организацијата на производители,

- одредби за избор, именување и работа на органите на управување на организацијата на производители,

- начин и постапка за донесување одлуки за користење на средства од оперативниот фонд и

- други одредби од значење за работа на организацијата на производители.

(2) По исклучок од ставот (1) алинеја 3 на овој член, статутот од ставот (1) на овој член може да содржи одредби со кои дава можност на членовите на организацијата на производители да продаваат:

- не повеќе од 10% од сопственото производство на производите или групата на производи за кои е формирана организацијата на производителите, директно од земјоделското стопанство и/или директно на потрошувачите за финална потрошувачка и

- сопствено производство на производи кои поради нивните карактеристики не се вклучени во трговската дејност на организацијата на производители самостојно или преку друга организација на производители доколку е предложена од организацијата на производители во којашто членува.

Постапка за упис

Член 119

(1) Организацијата на производители поднеува барање до Министерството за запишување во Регистарот на организации на производители.

(2) Овластеното службено лице од Министерството кое ја води постапката за упис во Регистарот на организации на производители е должно во рок од три дена од денот на приемот на барањето од ставот (1) на овој член по службена должност да поднесе барање за прибавување на документи за исполнетост на условите од членот 114 став (1) алинеи 1 и 4 од овој закон до надлежниот јавен орган.

(3) Овластеното службено лице од надлежниот јавен орган од кој се побарани документите од ставот (2) на овој член е должно да ги достави во рок од три дена од денот на приемот на барањето.

(4) Министерството донесува решение за упис во Регистарот на организации на производители односно Решение за одбивање на барање за упис во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето.

(5) Против решението на Министерството од ставот (4) на овој член барателот има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

(6) Формата и содржината на барањето од ставот 1 на овој член, како и потребната документација за утврдување на исполнетоста на условите од членот 114 на овој закон ги пропишува министерот.

Регистар на организации на производители

Член 120

(1) Регистарот на организациите на производители се води во електронска форма и ги содржи податоците од барањето за упис од членовите 119 и 126 на овој закон.

(2) Покрај податоците од ставот (1) на овој член во Регистарот задолжително се впишуваат сите промени на запишаната состојба.

(3) За промените од ставот (2) на овој член, организацијата на производители и групата на производители се должни да го известат Министерството во рок од 15 дена од денот на настанувањето на промената.

Бришење од Регистарот

Член 121

(1) Министерот со решение ја брише регистрираната организација на производители од Регистарот од членот 120 на овој закон во следниве случаи:

- по писмено барање од органот на управување на организацијата,

- во случај на престанок на правното лице,

- при објавување на ликвидација или отворена стечајна постапка,

- доколку се утврди дека организацијата на производители е регистрирана врз основа на неточни информации,

- доколку не ја спроведува во целост одобрената оперативна програма и

- кога ќе престане да ги исполнува условите од членот 114 на овој закон.

(2) Против решението од ставот (1) на овој член има право на жалба до Државната комисијата за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

(3) По правосилноста на решението од ставот (1) на овој член, организацијата на производители се брише од Регистарот.

Групи на производители

Член 122

(1) Група на производители е правно лице формирана од земјоделски стопанства заради стекнување на статус на организација на производители.

(2) За стекнување на статус на група на производители, правното лице од ставот (1) на овој член треба да ги исполнува следниве услови:

- да е регистрирана како правно лице со дејност од областа на земјоделството согласно со Законот за трговските друштва или Законот за задругите или Законот за земјоделски задруги,

- да има минимални предуслови за работа,

- да има усвоен статут со дефинирани посебни правила за работа за исполнување на целите од членот 113 на овој закон,

- да има најмалку пет члена,

- да остварува вкупен приход од продадено годишно производство од најмалку 3.500.000 денари,

- да се формирани за одреден производ, односно група на производи на овошје или зеленчук,

- да има изготвено план за стекнување на статус на организација на производители (во натамошниот текст: план за признавање), кој задолжително треба да е одобрен од Министерството и

- со своето работење да не ја ограничува конкуренцијата на пазарот на одреден производ односно група на производи на овошје или зеленчук.

(3) Правното лице од ставот (1) на овој член статусот на група на производители го стекнува со денот на уписот во Регистарот на организации на производители.

Минимални предуслови за работа

Член 123

Минимални предуслови за работа од членот 122 став (2) алинеја 2 на овој закон се следниве:

- најмалку двајца вработени од кои еден менаџер и

- обезбедени канцелариски услови за работа.

План за признавање

Член 124

(1) Планот за признавање од членот 122 став (2) алинеја 7 на овој закон содржи мерки и активности за исполнување на услови за стекнување на статус на организација на производители.

(2) Планот за признавање од ставот (1) на овој член се изготвува за временски период до пет години.

(3) Планот за признавање од ставот (1) на овој член го содржи најмалку следново:

- опис на првобитната состојба во врска со бројот на членови на организацијата на производители со податоци за членовите, производството, податоци за вредноста на пазарното производство, маркетингот и инфраструктурата, вклучувајќи ја и инфраструктурата во сопственост на членовите на правното лице која се користи од правното лице,

- предложениот датум за започнување на реализација на планот и периодот на реализација од најмалку две, но не повеќе од пет години и

- мерки и активности кои треба да се преземаат за да се стекне статус на организација на производители.

(4) Начинот на изготвување на планот за признавање го пропишува министерот.

(5) Планот од ставот (1) на овој член се доставува на одобрување до Министерството.

Постапка за одобрување на планот за признавање

Член 125

(1) За одобрување на планот за признавање од членот 124 на овој закон, министерот формира постојана Комисија од пет члена од државните службеници на Министерството, која ги има следниве задачи да:

- го провери доставениот план за признавање,

- ја утврди веродостојноста на дадените податоци и информации во планот за признавање,

- ја утврди соодветноста на предвидените мерки и активности во планот за признавање во поглед на маркетинг и техничко-технолошка основаност и

- ја утврди обезбеденоста со финансиски средства за негова реализација.

(2) Комисијата од ставот (1) на овој член изготвува извештај, оцена и предлог за одобрување на планот за признавање.

Постапка за упис на групи на производители

Член 126

(1) Групата на производители поднесува барање до Министерството за запишување во Регистарот на групи на производители.

(2) Овластеното службено лице од Министерството кое ја води постапката за упис во Регистарот на групи на производители е должно во рок од три дена од денот на приемот на барањето од ставот (1) на овој член по службена должност да поднесе барање за прибавување на документи за исполнетост на условите од членот 122 став (2) алинеи 1 и 4 од овој закон до надлежниот јавен орган.

(3) Овластеното службено лице од надлежниот јавен орган од кој се побарани документите од ставот (2) на овој член е должно да ги достави во рок од три дена од денот на приемот на барањето.

(4) Министерството донесува Решение за упис во Регистарот на група на производители, односно решение за одбивање на барање за упис во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето.

(5) Против решението на Министерството од ставот (4) на овој член барателот има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

(6) Формата и содржината на барањето од ставот (1) на овој член како и потребната документација за утврдување на исполнетоста на условите од членот 122 од овој закон ги пропишува министерот.

Следење за исполнување на планот за признавање

Член 127

(1) Министерството врши постојано следење и оценување на исполнувањето на планот за признавање.

(2) Групата на производители е должна да достави до Министерството извештај за остварување на планот за признавање, кој особено содржи финансиски показатели за работењето врз основа на билансот на состојба и билансот на успех.

(3) Извештајот од ставот (2) на овој член се доставува секоја година, но не подоцна од 31 март во тековната година за претходната година.

Бришење од регистарот на група на производители

Член 128

(1) Регистрираната група на производители министерот со решение ја брише од Регистарот од членот 120 на овој закон во следниве случаи:

- по писмено барање од органот на управување на групата,

- во случај на престанок на правното лице,

- при објавување на ликвидација или отворена стечајна постапка,

- доколку се утврди дека групата на производители е регистрирана врз основа на неточни информации,

- кога ќе престане да ги исполнува условите од членот 122 на овој закон,

- групата на производители повеќе не ги исполнува пропишаните услови и критериуми согласно со членот 122 од овој закон,

- групата на производители не го реализира планот за признавање,

- рокот за кој било издадено решението за упис е поминат и

- по истекот на пет години од уписот во Регистарот на организации на производители.

(2) По исклучок од ставот (1) алинеи 6 и 7 на овој член, министерот не донесува решение за бришење на групата на производители, при појава на вонредни состојби, природни непогоди и неповолни климатски настани дефинирани со овој или друг закон.

(3) По исклучок на ставот (1) алинеја 7 на овој член, министерот не донесува решение за бришење на групата на производители, доколку се утврдени минимални отстапувања од реализација на планот за признавање и определува соодветен рок за нивно надминување.

(4) Доколку групата на производители не ги надмине отстапувањата во утврдениот рок од ставот (3) на овој член, министерот го донесува решението од ставот (1) на овој член.

(5) Утврдениот рок од ставот (3) на овој член не го одложува крајниот рок за реализација на планот за признавање.

(6) Против решението од ставот (1) на овој член групата на производители има право на жалба до Државната комисијата за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

(7) По правосилноста на решението од ставот (1) на овој член групата на производители се брише од Регистарот.

Чување на документацијата

Член 129

Организацијата на производители мора да ја чува целокупната документација и доказниот материјал за работењето, особено во врска со исполнувањето на условите за признавање, податоците за членовите, оперативниот план и документацијата за користена финансиска поддршка за времето кога била признаена, најмалку пет години по одземањето на признавањето.

Национална стратегија за оперативни програми за работа

Член 130

(1) Владата на предлог на министерот донесува национална стратегија за оперативни програми за работа на организациите на производители за пазарот на земјоделските производи.

(2) Стратегијата од ставот (1) на овој член се донесува за период од пет години за пазарите на овошје и зеленчук, за остварување на целите наведени во членовите 3 и 113 од овој закон.

(3) Стратегијата од ставот (1) на овој член особено содржи:

1) анализа на тековната состојба, потенцијалот за развој и начинот на реализација, и тоа:

а) анализа на состојбата во секторот преку квантификувани податоци, силни и слаби страни на секторите, потреби и недостатоци и потенцијал за развој на секторот и организациите на производители, вклучително и ефекти врз животната средина од развојот на секторот овошје и зеленчук и

б) начин на реализација и опис на селектираните цели за оперативните програми и очекуваните резултати и нивното влијание во однос на почетната состојба, вклучително и внатрешната кохерентност на стратегијата, комплементарност и конзистентност на активностите во рамките на стратегијата и со други национални програми, а особено во однос на активностите и програмите утврдени во согласност со овој закон;

2) цели на оперативните програми, инструменти за спроведување и индикатори за изведба, и тоа:

а) критериуми и административни правила за финансирање на активностите и одбегнување на двојно финансирање преку останати мерки на земјоделската и политиката за рурален развој и државната помош во земјоделството;

б) специфични информации по видови на мерки/активности, особено инвестиции прифатливи за инвестирање и услови за прифатливост за мерките и активностите насочени кон:

- планирање на производството,

- подобрување и одржување на квалитетот на производите,

- подобрување на маркетингот на производите,

- истражување и експериментално производство,

- обука и промовирање на пристап до советодавни услуги,

- спречување и управување со кризи и

- заштита и унапредување на животната средина и

в) максималните износи на средства кои можат да се потрошат на која било индивидуална мерка и/или вид на активност и/или трошок, со цел да се осигура соодветен баланс меѓу различните мерки и активности и

3) системи за следење и процена, засновани на општи индикатори за изведбата, и тоа:

а) процена на оперативните програми и обврските за известување од страна на организациите на производители и

б) Следење и процена на националната стратегија.

(4) Надлежен орган за управување, следење и процена на стратегијата од ставот (1) на овој член е Министерството.

Оперативен фонд

Член 131

(1) Организациите на производители воспоставуваат оперативен фонд кој се финансира од:

а) финансиските придонеси на членовите на организацијата на производители во согласност со статутот на организацијата на производители од членот 118 на овој закон и

б) финансиската поддршка од државата која се доделува на организации на производители согласно со членот 132 од овој закон.

(2) Оперативните фондови се користат исклучиво за финансирање на одобрените оперативни програми од членот 136 на овој закон.

(3) Управувањето со оперативниот фонд организациите на производители се должни да го вршат на начин кој овозможува на надворешните независни ревизори, идентификација, проверка и потврдување на годишните трошоци и приходи.

Финансиска поддршка на организации на производители

Член 132

(1) За реализација на своите активности организациите на производители може да користат финансиска поддршка.

(2) Владата на предлог на министерот донесува годишна програма за финансиска поддршка на организациите на производители.

(3) Програмата од ставот (2) на овој член содржи финансиски средства за поддршка на реализацијата на оперативните програми за работа на организациите на производители.

(4) Висината на финансиската поддршка од ставот (1) на овој член за организации на производители е ограничена на 4,1% од вредноста на продаденото производство на организацијата на производители и се користи за покривање на 50% од прифатливите направени трошоци од оперативниот фонд на организацијата на производители за реализација на оперативната програма од членот 134 на овој закон.

(5) Финансиската поддршка од ставот (4) на овој член се исплаќа еднократно и тоа најдоцна до 15 октомври во годината која следи по годината на имплементација на оперативната програма.

(6) Висината на финансиската поддршка за групи на производители и начинот на финансирање на плановите за признавање се реализира согласно со членот 75 од овој закон.

Цели и услови на оперативната програма

Член 133

(1) Оперативната програма содржи најмалку две од целите наведени во членот 113 од овој закон или од следниве цели:

- планирање на производството,

- подобрување на квалитетот на производот,

- зголемување на трговската вредност на производите,

- промоција на производите, било да се во свежа или преработена состојба,

- мерки за заштита на животната средина и методи за производство кои придонесуваат за заштита и унапредување на животната средина, вклучително и органското производство и

- превенција и управување со кризи.

(2) Оперативната програма мора да исполнува најмалку еден од следниве услови:

- да вклучуваат две или повеќе активности за заштита на животната средина, кои се во насока на поттикнување и поддршка на производни практики за заштита и унапредување на животната средина и се во согласност со членот 76 од овој закон или

- најмалку 10% од трошоците на оперативната програма да покриваат активности за заштита на животната средина.

(3) Поддршката за активностите за заштита на животната средина од ставот (2) на овој член е за надоместок на дополнителните трошоци и загубениот приход настанати како резултат на реализација на активностите.

Содржина на оперативна програма

Член 134

(1) Оперативните програми од членот 133 на овој закон содржат најмалку:

а) опис на почетната состојба, врз основа на основните индикатори предвидени во националната стратегија за оперативни програми од членот 130 на овој закон;

б) цели на програмата, вклучително и:

- појаснување на придонесот кон и усогласеноста со националната стратегија од членот 130 на овој закон,

- баланс на активности во рамките на оперативната програма и

- опис на целите и нивната мерливост во согласност со целите и индикаторите дефинирани во националната стратегија од членот 130 на овој закон;

в) детален опис на мерките, вклучително и средства за остварување на тие мерки во секоја година од реализација на програмата. Описот треба да го наведе степенот до кој различните предложени мерки:

- се надополнуваат и се во согласност со останатите мерки кои се финансираат или се прифатливи за финансирање од средства од Буџетот на Република Македонија, особено со мерките за поддршка за рурален развој и

- не претставуваат ризик за двојно финансирање од средства од Буџетот на Република Македонија;

г) временската рамка за реализација на активностите од оперативната програма и

д) финансиските аспекти на оперативната програма, особено:

- методот на пресметка и нивото на финансиско учество,

- процедурата за финансирање на оперативниот фонд и

- буџетот и временската рамка за реализација на активностите и мерките за секоја година од реализацијата на програмата.

(2) Предмет на финансиска поддршка се активности од оперативните програми кои се предвидени за финансирање согласно со националната стратегија од членот 130 на овој закон.

(3) Предмет на финансиска поддршка се само мерките и активностите од оперативната програма кои се насочени кон производи за кои организацијата на производители е регистрирана и каде што над 50% од вредноста на производот потекнува од членовите на организацијата на производители.

Одобрување на оперативна програма и финансиска поддршка

Член 135

(1) Правното лице од членот 114 на овој закон и организациите на производители доставуваат до Министерството барање за одобрување и предлог на оперативна програма.

(2) Кон барањето за одобрување и предлог оперативната програма од ставот (1) на овој член се доставува и:

- доказ за воспоставување на оперативен фонд на организацијата на производители,

- процена на износот на оперативниот фонд за секоја година,

- висината на трошоците за тековната и претходната година,

- процена за обемот на производството во наредната година и

- изјава од правното лице и организацијата од ставот (1) на овој член дека немала и нема да има друго финансирање од средствата од Буџетот на Република Македонија, во однос на трошоците за активностите кои се прифатливи за финансирање согласно со членот 132 на овој закон.

(3) Барањето за одобрување од ставот (1) на овој член може да се поднесе истовремено со поднесувањето на барањето за признавање на организација на производители од членот 114 на овој закон.

(4) Барањето за одобрување и предлог оперативната програма од ставот (1) на овој член се доставуваат најдоцна до 15 септември во годината која и претходи на годината во која истите ќе се спроведуваат.

(5) За оценување на оперативната програма на организација на производители, Комисијата од членот 125 на овој закон:

- ја проверува доставената оперативната програма на организација на производители и придружната документација,

- ја утврдува веродостојност на дадените податоци и информации во оперативната програма и придружната документација на организацијата на производители,

- ја утврдува соодветноста на предвидените мерки и активности во оперативна програма на организацијата на производители во однос на национална стратегија за одржливи оперативни програми на организациите на производители од членот 130 на овој закон и

- ја утврдува обезбеденоста со финансиски средства за нејзина реализација.

(6) Комисијата од ставот (5) на овој член изготвува извештај, оцена на оперативната програма и мислење за одобрување, измена или одбивање на оперативната програма на организацијата на производители.

(7) Врз основа на постапката од ставот (5) на овој член и мислењето од ставот (6) на овој член, министерот со решение:

- ја одобрува оперативната програма на организацијата на производители,

- ја враќа оперативната програма за измениување и дополнување во рок од 15 дена од страна на подносителот и

- ја одбива оперативната програма.

(8) Решението од ставот (7) алинеи 1 и 3 на овој член се донесува најдоцна до 15 декември во годината во која е поднесено барањето за одобрување на оперативната програма, а решението од ставот (7) алинеја 2 на овој член во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на барањето за одобрување.

Одобрување и исплата на финансиска поддршка за оперативна програма

Член 136

(1) Организациите на производители од членот 112 на овој закон поднесуваат барање за финансиска поддршка до Агенцијата за одобрена оперативна програма најдоцна до 15 февруари во годината по годината за која се бара поддршката.

(2) Кон барањето од став (1) на овој член се доставува и:

- решение за упис во Регистарот на организации на производители,

- решението за одобрување на оперативната програма од членот 135 на овој закон,

- податоци за поддршката која се бара,

- податоци за вредноста на реализираното производство,

- податоци за финансиските придонеси од членовите на организацијата на производители и од самата организација на производители во оперативниот фонд,

- податоци за направените трошоци во врска со оперативната програма и

- изјава од организацијата на производители дека не примила друго финансирање од средствата од Буџетот на Република Македонија во однос на трошоците за активностите кои се прифатливи за финансирање согласно со членот 132 од овој закон.

(3) Барањето од ставот (1) на овој член може да содржи и трошоци кои се програмирани, но не се реализирани, доколку се докаже дека:

- соодветните активности не можеле да се изведат најдоцна до 31 декември во годината на спроведување на оперативната програма од причини кои се вон контрола на соодветната организација на производители,

- активностите можат да се изведат најдоцна до 30 април следната година и

- се резервирани соодветни средства за реализација на овие активности во оперативниот фонд на организацијата на производители.

(4) Онаму каде што барањата се доставени по датумот наведен во ставот (1) на овој член, поддршката се намалува за 1% за секој ден задоцнување.

(5) Агенцијата ја известува организацијата на производители за проценетиот износ на финансиска поддршка во согласност со членот 132 од овој закон, најдоцна до 15 мај во годината по годината за која се бара поддршката.

(6) Агенцијата ја исплаќа финансиската поддршка за организациите на производители врз основа на реално направените прифатливи трошоци од оперативниот фонд на организацијата на производители во согласност со членот 132 од овој закон, за реализација на мерките и активностите на оперативните програми на организациите на производители одобрени во согласност со членот 135 од овој закон.

(7) Финансиската поддршка за трошоците од ставот (3) на овој член се исплаќаат само доколку се обезбеди доказ дека трошокот е реализиран најдоцна до 30 април во годината по годината во која програмскиот трошок бил програмиран.

(8) Агенцијата ја исплатува финансиската поддршка на организацијата на производители најдоцна до 15 октомври во годината по годината на реализацијата на оперативната програма, одобрена согласно со членот 135 од овој закон.

Намалување на исплата на финансиска поддршка за оперативна програма

Член 137

(1) Доколку при обработка на барањето за исплата Агенцијата утврди дека меѓу побараниот износ за повеќе од 3% го надминува прифатливиот износ, висината на поддршката која ќе се исплати на организацијата на производители ќе се намали.

(2) Висината на поддршката од ставот (1) на овој член се пресметува со одбивање од прифатливиот износ на разликата од побараниот и прифатливиот износ.

(3) Доколку се утврди дека организацијата на производители намерно направила погрешно декларирање, соодветната активност ќе биде исклучена од поддршката на оперативната програма, а исплатените средства за таа активност ќе бидат повратени.

(4) Организацијата на производители од ставот (3) на овој член ќе биде исклучена од добивање поддршка преку оперативната програма за таа активност и во наредната година.

Враќање на финансиска поддршка за оперативна програма

Член 138

(1) Организацијата на производители е должна да ја врати исплатената финансиска поддршка по тековната оперативна програма заедно со законска затезна камата во случај кога организацијата на производители е избришана од Регистарот на организации на производители согласно со членот 121 од овој закон.

(2) Постапката за повраток на неправилно исплатени средства се врши во согласност со одредбите од Законот за основање на Агенцијата за финансиска подршка во земјоделството и руралниот развој.

(3) Обврската за наплата на законската затезна камата настанува од моментот на доставувањето на решението за поврат на финансиската поддршка.

Извештаи за спроведување на оперативната програма

Член 139

(1) Организацијата на производители е должна да достави до Министерството и до Агенцијата годишен извештај за спроведувањето на оперативната програма од членот 136 на овој закон.

(2) Извештајот од ставот (1) на овој член особено содржи:

- оперативната програма која е спроведена во претходната година,

- значајни измени и дополнувања на оперативната програма и

- разлика меѓу остварената финансиска поддршка и финансиската поддршка која е побарана.

(3) За секоја спроведена оперативна програма годишниот извештај треба да укаже на:

- постигнувањата и резултатите од оперативната програма засновани на индикаторите утврдени со националната стратегија од членот 130 на овој закон и

- преглед на главните проблеми кои произлегуваат при управувањето со оперативната програма и секоја мерка преземена за обезбедување на квалитетот и ефективноста во спроведувањето на оперативната програма.

(4) Во последната година од примената на оперативната програма, организацијата на производители наместо годишен извештај доставува завршен извештај за спроведување на оперативната програма.

(5) Завршниот извештај од ставот (4) на овој член содржи податоци за:

- степенот на остварување на целите утврдени во оперативните програми и

- промените на активностите и/или методите и факторите кои придонеле за успехот или неуспехот на спроведувањето на оперативната програма кои ќе се земат предвид при изготвувањето на следните програми, или кога тековните оперативни програми ќе се менуваат.

(6) Доколку организацијата на производители не постапува согласно со одредбите од ставовите (1), (2), (3), (4) и (5) на овој член и не ги доставува бараните извештаи или истите се утврдат како несоодветни, Агенцијата нема да ја изврши исплатата на оперативната програма за наредната година.

Следење и процена на оперативните програми

Член 140

(1) За следење и процена на оперативните програми од членот 136 на овој закон преку индикаторите од националната стратегија од членот 130 на овој закон, организациите на

производителите воспоставуваат систем за собирање, евидентирање и зачувување на информации потребни за следење на индикаторите.

(2) Следењето е за процена на напредокот направен за остварување на специфичните цели утврдени за оперативната програма и се спроведува врз основа на финансиски индикатори, индикатори за изведбата и индикатори на резултатите.

(3) Резултатите од следењето на оперативната програма се користат за:

- верификување на квалитетот на спроведувањето на програмата,

- идентификација на потреби за прилагодувања или измени на оперативната програма насочени кон остварување на целите на програмата или подобрување на управувањето со програмата, вклучително и финансиското управување и

- исполнување на барањата за известување во однос на спроведување на оперативната програма.

(4) Информациите за резултатите од активностите на следење ќе се вклучат во секој годишен извештај од членот 139 на овој закон.

(5) Проценката на оперативните програми од членот 136 на овој закон се изведува како поебен среднорочен извештај за процена, насочен кон утврдување на степенот на искористеност на финансиските средства, ефикасноста и ефективноста на оперативната програма, како и процена на напредокот во однос на севкупните цели на програмата.

(6) Проценатa се изготвува преку општите индикатори кои се однесуваат на основната состојба, резултатите и влијанието и резултатите од истата ќе се користат за:

- подобрување на квалитетот на оперативните програми управувани од страна на организација на производители,

- идентификација на можни или значителни промени на оперативните програми,

- исполнување на барањата за известување во однос на спроведување на оперативната програма и

- извлекување на лекции корисни за подобрување на квалитетот, ефикасноста и ефективноста на идните оперативни програми управувани од страна на организации на производители.

(7) Среднорочниот извештај за процена ќе се спроведе во текот на спроведувањето на оперативната програма, во време кое дозволува резултатите од истиот да се земат предвид во подготовката на следните оперативни програми.

(8) Среднорочниот извештај за процена ќе се додаде кон соодветниот годишен извештај од членот 139 став (1) на овој закон.

Следење и процена на националната стратегија

Член 141

(1) За следење и процена на националната стратегија од членот 130 на овој закон, согласно со индикаторите утврдени во неа, Министерството воспоставува систем за собирање, евидентирање и зачувување на информации во компјутеризирана форма потребни за следење на индикаторите.

(2) Системот за собирање, евидентирање и зачувување на информациите од ставот (1) на овој член претставува надградба на информациите доставени од страна на организациите на производители во однос на следењето и проценката на оперативните програми согласно со членот 140 од овој закон.

(3) Следењето се врши за проценка на напредокот направен за остварување на специфичните цели утврдени во националната стратегија од членот 130 на овој закон и се спроведува врз основа на финансиски индикатори, индикатори за изведбата и индикатори на резултатите со употреба на информациите обезбедени во годишните извештаи доставени од страна на организациите на производители согласно со членовите 139 и 140 од овој закон.

(4) Резултатите од следењето на националната стратегија се користат за:

- верификувањето на квалитетот на спроведувањето на оперативните програми,

- идентификација на потреби за прилагодувања или измена на националната стратегија насочени кон остварување на целите на стратегијата или подобрување на управувањето со спроведувањето на стратегијата, вклучително и финансиското управување на оперативните програми и

- исполнување на барањата за известување во однос на спроведувањето на националната стратегија, согласно со членот 130 од овој закон.

(5) Министерството подготвува годишен извештај за следење на националната стратегија од членот 130 на овој закон и истиот го доставува на усвојување до Владата на Република Македонија.

(6) За утврдување на напредокот направен за остварување на севкупните цели од националната стратегија од членот 130 на овој закон, се спроведува процена на стратегијата. Проценатa се врши врз основа на информациите обезбедени од среднорочната процена на оперативните програми, годишните извештаи за напредокот и конечниот извештај доставени од страна на организациите на производители согласно со членот 139 од овој закон.

(7) Резултатите од проценатa на националната стратегија се користат за:

- подобрување на квалитетот на стратегијата,

- идентификација на какви било потреби за значителни промени на стратегијата и

- исполнување на барањата за известување во однос на спроведување на националната стратегија, согласно со членот 130 од овој закон.

(8) Проценатa на националната стратегија од членот 130 на овој закон започнува во третата година од нејзиното усвојување, во време кое дозволува вклучување на нејзините резултати во посебен извештај за процена кој ќе биде прилог, во истата година, на годишниот извештај наведен во ставот (5) на овој член.

(9) Извештајот од ставот (8) на овој член, особено ги содржи:

- степенот на искористување на буџетските средства,

- ефикасноста и ефективноста на спроведените оперативни програми и ефектите и влијанието на оперативните програми, во однос на целите и насоките утврдени во националната стратегија од членот 130 на овој закон и, доколку е соодветно, останатите цели од членот 3 на овој закон и

- сознанијата корисни за подобрување на квалитетот на идните национални стратегии, особено во идентификацијата на можните недостатоци во дефинирањето на целите, насоките и мерките кои се прифатливи за поддршка, или потребите за дефинирање на нови инструменти.

Меѓугранкови организации на производители

Член 142

(1) Меѓугранкови организации на производители се повисока форма на здружување на организациите на производители со трговски друштва и други правни лица кои се занимаваат со преработка и/или трговија со земјоделските производи од членот 112 на овој закон.

(2) Организациите од ставот (1) на овој член се организираат согласно со Законот за трговските друштва или Законот за задругите.

IX. КОНТРОЛА

Контрола на директни плаќања

Член 143

(1) Административна контрола и контрола на самото место се извршува заради утврдување на усогласеност на податоците од барањето за директни плаќања со пропишаните услови за доделување на директните плаќања, како и со барањата и стандардите релевантни за вкрстената сообразност за доделување на директни плаќања од членовите 48 и 49 на овој закон.

(2) Доколку корисникот одбие или оневозможи да се спроведе контролата на самото место, барањето за директни плаќања се одбива.

Административна контрола

Член 144

Административната контрола може да се изведува со употреба на бази на податоци, регистри и системи на ИСАК заради утврдување на прифатливоста на барањето и откривањето на нерегуларностите со споредбена проверка на декларираните податоци за:

- земјишните парцели со референтните парцели од Системот за идентификација на земјишни парцели заради утврдување на прифатливоста за директни плаќања за тие површини,

- животните со податоците од Регистарот за идентификација и регистрација на животни заради утврдување на прифатливоста за директни плаќања за тие животни,

- количини производи со податоците за предадени количини производи и/или податоците за купени количини производи обезбедени од откупувачот или преработувачот на земјоделски производи,

- препознавање на организациите на производители или групи на производители со податоците од Регистарот на организации на производители,

- употреба или производството на сертифициран семенски и саден материјал со податоци за набавката, откупот и продажбата на материјалот, или извршување на договорот за техничко-технолошка соработка со овластениот производител и

- други податоци од приложената документација, договори, писмени изјави и други пропишани докази за производство, испорака или продажба на земјоделски производи.

Контрола на самото место

Член 145

(1) Со контролата на самото место во текот на годината треба да бидат опфатени најмалку:

- 5% од земјоделските стопанства кои поднеле барања за директни плаќања,

- 2% од земјоделските стопанства кои поднеле барања за директни плаќања по единица земјоделски производ од анимално потекло и

- 5% од земјоделските стопанства кои поднеле барање за директни плаќања по единица земјоделски производ од растително потекло.

(2) Контролата на самото место за директни плаќања по грло добиток предадено во кланица се врши на примерок од најмалку 30% од сите кланици кои се избираат врз основа на анализа на ризик, при што се контролира примерок од 5% од вкупниот број заклани животни во секоја кланица во период од 12 месеци пред контролата.

(3) Контролата на самото место за директните плаќања по единица земјоделски производ во откупни и преработувачки капацитети вклучува контрола на најмалку 30% од сите субјекти кои вршат откуп или преработка на земјоделски производи избрани врз основа на анализа на ризик.

(4) Кога со контролата на самото место ќе се откријат нерегуларности кај одредена мерка на директни плаќања, регион, или дел од регион, бројот на контроли на самото место во тековната

година, како и процентот на земјоделски стопанства кои ќе се опфатат при контролите следната година се зголемува.

(5) Контролата на самото место се изведува врз основа на репрезентативен примерок избран врз основа на критериумите од членот 147 на овој закон.

(6) Доколку при проверките на примерокот се откријат нерегуларности, обемот и опфатот на примерокот треба да биде соодветно зголемен.

(7) Контролата на самото место на директните плаќања по површина се врши и со употреба на далечински методи на контрола преку фотоинтерпретација на сателитски или авионски фотографии на сите земјишни парцели од барањето за директни плаќања кое е предмет на контрола со цел за препознавање на употребата на земјиштето и мерење на површината.

Спроведување на контролата на самото место

Член 146

(1) Контролата на самото место се спроведува без претходна најава.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член контролата може да се спроведе со претходна најава во период не подолг од 48 часа пред извршување на контролата, само доколку со тоа не се доведува во прашање целта на контролата.

(3) Контролата на самото место може да се спроведе заедно со другите контроли или инспекциски надзори.

Избор на примерокот за контрола

Член 147

(1) Примерокот на земјоделски стопанства кои ќе бидат предмет на контрола на самото место се избира врз основа на анализа на ризик и репрезентативност на поднесените барања за директни плаќања.

(2) Со цел за обезбедување на репрезентативност, 20%-25% од земјоделските стопанства кои се предмет на контрола на самото место се бираат врз основа на случаен избор.

(3) Ефективноста на анализата на ризикот се оценува секоја година со проверка на релевантноста на секој од факторите на ризик, како и со споредба на резултатите на контролите базирани на анализа на ризик со контролите извршени врз основа на случаен избор.

(4) При анализата на ризик особено се земаат предвид следниве фактори:

- висината на бараната поддршка,

- бројот на катастарски парцели и површина за кое е поднесено барањето за директните плаќања,

- бројот на грла добиток,

- промените во однос на претходната година,

- резултатите на утврдена контрола извршена во претходните години и

- корисниците кои имаат ограничено право на користење на пријавените капацитети.

Записник од контролата на самото место

Член 148

(1) По секоја контрола на самото место се составува записник.

(2) Носителот на земјоделското стопанство го потпишува записникот со што ја потврдува својата присутност и ги дополнува своите забелешки доколку ги има.

(3) Доколку со спроведената контрола се утврдени нерегуларности, на носителот на земјоделското стопанство му се дава копија од записникот.

(4) Формата, содржината и податоците кои ги содржи записникот од ставот (1) на овој член и на записникот од контрола на самото место за вкрстена сообразност ги пропишува министерот.

Елементи на контрола на самото место за директни плаќања по површина земјоделско земјиште

Член 149

(1) Контролата на самото место за директни плаќања по површина земјоделско земјиште опфаќа најмалку половина од земјишните парцели за кои земјоделското стопанство бара директни плаќања.

(2) Примерокот од ставот (1) на овој член треба да обезбеди реално и репрезентативно ниво на контрола во однос на проверената површина и бараната поддршка.

(3) Доколку со проверката од ставот (1) на овој член се утврдат нерегуларности, примерокот на земјишни парцели кои треба да се проверат се зголемува.

(4) Површината на земјишната парцела се утврдува на начин кој треба да осигури квалитет на мерење кој е соодветен најмалку на нивото кое се бара со применливиот технички стандард во Република Македонија.

(5) Во случај кога традиционалниот начин на физичко разграничување на земјишните парцели е препознаен како дел од условите за добра земјоделска пракса и заштита на средината, оваа површина на разграничување, во максимална ширина до два метри, се смета како дел од користеното земјоделско земјиште.

Елементи на контрола на самото место за директни плаќања по грло добиток

Член 150

(1) Контролата на самото место за директни плаќања по грло добиток ги опфаќа сите грла за кои е поднесено барање за поддршка.

(2) Контролата на самото место за директни плаќања по грло добиток ги вклучува следниве проверки дека:

- животните кои се присутни на земјоделското стопанство се чуваат во задолжителниот период и ги исполнуваат условите согласно со поднесеното барање за директни плаќања,

- се совпаѓаат податоците за бројот и видот на животни на земјоделското стопанство за кои е поднесено барање со податоците за бројот и видот на животни од Системот за идентификација и регистрација на животните и

- се совпаѓаат податоците во Системот за идентификација и регистрација на животните во однос на придружни документи со кои се дефинира бројната состојба на животните, како што се докази за набавка и продажба на животни, потврди за колење, ветеринарни сертификати и пасошите на животните за период од шест месеци пред изведувањето на контролата.

(3) Контролата на самото место во кланици опфаќа проверка на документацијата на кланицата и споредба на податоците од системот за идентификација и регистрација на животните, како и проверка на процедурите за колење и усогласеност на тежината на труповите во моментот на контролата со критериумите за директните плаќања.

(4) Контролата на самото место во откупувачки и преработувачки капацитети се врши преку проверка на релевантноста на податоците за откупените земјоделски производи, добиени од откупувачи и преработувачки капацитети со податоците добиени од земјоделските стопанства во однос на количината и квалитетот на земјоделските производи.

Контрола на барањата и стандардите релевантни за вкрстената сообразност

Член 151

(1) Контрола на барањата и стандардите релевантни за вкрстената сообразност за директни плаќања се врши преку овластени субјекти согласно со законите од областа на заштита на животната средина, здравјето на луѓето, животните и растенијата и благосостојба на животните.

(2) Контролата од ставот (1) на овој член може да ја врши и надлежниот орган за контрола, доколку ги исполнува минимум условите пропишани за вршење на таква контрола во законите од ставот (1) на овој член.

(3) Административната контрола на барањата и стандардите релевантни за вкрстената сообразност може да се спроведува преку контролните системи кои се веќе воспоставени во однос на критериуми, стандарди и акти за вкрстената сообразност.

(4) Контролите на самото место во однос на исполнување на барањата и стандардите за вкрстената сообразност се вршат на најмалку 1% од земјоделските стопанства кои имаат поднесено барања за директни плаќања пресметани на ниво на субјектот од ставот (1) на овој член или на ниво на секој акт, или стандард, или група на стандарди.

(5) По исклучок од ставот (4) на овој член може да се примени и повисока стапка, доколку со прописот со кој е воведен стандардот е пропишана таква стапка.

(6) Ако со контролата на самото место се открие значително ниво на неусогласеност со соодветните прописи и стандарди, бројот на контроли на самото место за проверки на исполнувањето на условите или стандардите се зголемува во следниот контролен период.

(7) Примерокот на земјоделски стопанства кои ќе бидат предмет на контрола на самото место се избира врз основа на анализа на ризик, или анализа на ризик на барањата и стандардите на ниво на поединечно земјоделско стопанство, видови на земјоделски стопанства или географски региони.

(8) Со цел за обезбедување на репрезентативност, 20%-25% од земјоделските стопанства од ставот (4) на овој член се избираат врз основа на случаен избор.

(9) Примерокот за контрола на самото место за проверка на барањата и стандардите релевантни за вкрстената сообразност за директни плаќања се избира од:

- веќе избраните земјоделски стопанства на кои се однесуваат барањата и стандардите за вкрстената усогласеност,

- вкупната популација на стопанства кои имаат поднесено барање за директни плаќања

и кои се обврзани да ги почитуваат релевантните барања или стандарди, во кој случај заради поголема ефикасност анализата на ризик може да се изведе и на ниво на кланици, трговци или добавувачи и

- комбинација на постапките од алинеите 1 и 2 на овој став, доколку на тој начин се зголемува ефикасноста на контролниот систем.

(10) Контролата на самото место се врши на целокупното земјоделско земјиште на земјоделското стопанство преку репрезентативен примерок од најмалку половина од земјишните парцели за кои се бара исполнување на барањата и стандардите. Во случај на евидентирано неисполнување на барањата и стандардите бројот на парцелите кои се предмет на контрола се зголемува.

(11) Контролата на самото место на земјоделското стопанство може да се замени со административни контроли или контроли на самото место кај кланици, трговци или добавувачи кои се дел од системите на сертификација на релевантните барања или стандарди, доколку со сигурност можат да се утврдат фактите кои се утврдуваат со контрола на самото место.

(12) Контролите на самото место треба да се вршат во истата календарска година кога се поднесени барањата за директни плаќања.

(13) Во случај на неусогласеност со барањата и стандардите, Агенцијата го информира земјоделското стопанство во период од три месеци од контролата на самото место, со цел за преземање на активности за нивно надминување.

Контроли на барања за финансиска поддршка за организации на производители

Член 152

(1) Под контроли на барања за финансиска поддршка за организации на производители се подразбира административна контрола и контрола на самото место.

(2) Контролите од ставот (1) на овој член се извршуваат заради утврдување на усогласеност на податоците од барањето со условите од членот 136 на овој закон за доделување на финансиска поддршка за организации за производители.

(3) Барањето за помош ќе биде одбиено доколку организацијата на производители, нејзин член или соодветен претставник спречува реализација на проверка на самото место.

Административни контроли на барања за финансиска поддршка за организации на производители

Член 153

(1) Административни контроли се спроведуваат на сите барања за поддршка и исплата на финансиски средства и ги опфаќаат сите можни и соодветни елементи кои можат да се проверат со административни средства.

(2) Преземените активности, резултатите и мерките преземени во однос на отстапувањата при реализацијата на административните контроли од ставот (1) на овој член ќе бидат соодветно евидентирани и документирани.

Контроли на самото место на барања за финансиска поддршка за организации на производители

Член 154

(1) По секоја контрола на самото место се составува записник кој особено содржи податоци за;

- помошта и контролираното барање,

- лицата кои биле присутни,

- контролираните активности, мерки и документи и

- резултатите од контролата.

(2) Одговорното лице на организацијата на производители го потпишува записникот со што ја потврдува својата присутност и ги дополнува своите забелешки доколку ги има.

(3) Доколку со спроведената контрола се утврдени нерегуларности, на организацијата на производители и се дава копија од записникот.

(4) За намерата за извршување на контрола на самото место може да се даде претходно известување до организацијата на производители, под услов да не се загрози целта на контролата. Претходното известување ќе биде ограничено на период не подолг од 48 часа пред извршување на контролата.

(5) Контролите на самото место од овој член и останатите контроли на самото место наведени во овој закон можат да се спроведуваат истовремено.

(6) Образецот на записникот од ставот (1) на овој член го пропишува министерот.

Контроли за стекнување статус на организации на производители и одобрувања на оперативни програми

Член 155

(1) Пред стекнување на статус на организација на производители согласно со членот 119 од овој закон, Министерството спроведува административна контрола на самото место на организацијата на производители со цел да се утврди исполнувањето на условите за признавање од членот 114 на овој закон.

(2) Пред одобрувањето на оперативната програма согласно со членот 135 од овој закон, Министерството спроведува административна контрола на самото место на организацијата на производители со цел да се утврди:

- точноста на податоците обезбедени согласно со членот 134 од овој закон,

- усогласеноста со целите и програмите од членовите 3 и 7 на овој закон и со националната стратегија од членот 130 на овој закон,

- прифатливоста на активностите и предложените трошоци,

- конзистентноста и техничкиот квалитет на програмите, соодветноста на проценте за финансиска помош и

- усогласеност на активностите од оперативната програма особено со законите од областа на јавните набавки, државната помош и други стандарди соодветни на активностите за кои се бара финансиска помош.

Контроли на барањата за финансиска поддршка за оперативни програми

Член 156

(1) Контролите на барањата за финансиска поддршка за оперативни програми се вршат преку административните проверки на барањата за помош и контроли на самото место на организациите на производители кои особено се однесуваат на:

- усогласеност со условите за признавање за соодветната година и

- употребата на оперативните фондови во соодветната година, вклучително и декларираните трошоци.

(2) Административните проверки на барањата за помош особено вклучуваат верификација на:

- годишниот или, онаму каде што е можно, конечниот извештај доставен заедно со барањето за финансиска помош за оперативната програма,

- вредноста на реализираното производство, придонесите во оперативниот фонд и направените трошоци,

- доставувањето на производите и услугите и веродостојноста на бараните трошоци,

- усогласеноста на реализираните активности со истите одобрени во рамките на оперативната програма и

- почитувањето на соодветните финансиски или останати ограничувања.

(3) Исплатите финансирани од оперативната програма се документирани со фактури и други документи на име на организацијата на производители, кои потврдуваат дека исплатата е направена.

(4) За потребите за верификување на барањето за финансиска поддршка од членот 136 на овој закон, Агенцијата спроведува контроли на самото место на организациите на производители со цел да утврди усогласеноста со условите за одобрување на барањето или за нејзиниот остаток за соодветната година.

(5) Контролите од ставот (1) на овој член се спроведуваат на репрезентативен примерок од барањата секоја година. Репрезентативниот примерок опфаќа најмалку 30% од вкупниот износ, водејќи сметка секоја организација на производители да биде посетена најмалку еднаш во период од три години и да се направи најмалку една проверка на секоја организација на производители пред исплатата на помошта за последната година од оперативната програма на организацијата.

(6) Доколку со проверките од ставот (1) на овој член се утврдат нерегуларности се спроведуваат дополнителни проверки во текот на истата година и се зголемува процентот на барањата кои ќе се проверат во наредната година.

(7) Агенцијата ги избира организациите на производители кои ќе бидат контролирани врз основа на анализа на ризикот, која особено го зема предвид следново:

- износот на помошта,

- резултатите од проверките во претходните години,

- случаен избор и

- други параметри.

Контроли на самото место за мерки и активности од оперативните програми

Член 157

(1) Агенцијата, преку контролата на самото место на мерките и активностите од оперативните програми, особено утврдува:

- спроведувањето на мерките и активностите содржани во оперативната програма,

- дека спроведувањето или намерата за спроведување на активноста е во согласност со одобрениот опис во оперативната програма,

- дека направениот трошок може да се поддржи со сметководствени или други документи и истиот одговара на одобрените спецификации и

- вредноста на реализираното производство.

(2) Вредноста на реализираното производство се утврдува врз основа на податоците од сметководствениот систем кој е задолжителен согласно со закон.

(3) Освен во исклучителни случаи, контролата на самото место вклучува и посета на активноста или, доколку активноста е од нематеријален карактер, посета на изведувачот на активноста.

(4) Контролата на самото место од ставот (1) на овој член ги вклучува сите определби и обврски на организацијата на производители или нејзините членови кои можат да се проверат во времето на посетата.

(5) Само контролите кои ги задоволуваат сите барања од овој член можат да се земаат предвид во исполнувањето на стапката на контроли наведена во членот 156 став (6) од овој закон.

Проверки пред одобрување на планот за признавање на групи на производители

Член 158

Пред одобрувањето на планот за признавање на групата на производители, согласно со членот 125 од овој закон, Министерството спроведува контрола на самото место на правното лице од членот 122 став (2) алинеја 1 на овој закон со цел да се утврди:

- точноста на информациите наведени во планот за признавање,

- конзистентноста и техничкиот квалитет, соодветноста на проценитe и планот за негово спроведување,

- прифатливоста на активностите и предложените трошоци и

- усогласеност на активностите од планот особено со законите од областа на јавните набавки, државната помош и други стандарди соодветни на активностите за кои се бара финансиска помош.

Проверки на барањата за финансиска поддршка на групи на производители

Член 159

(1) Пред одобрување на исплата, Агенцијата спроведува административни контроли на сите барања за помош од групи на производители и контроли на самото место.

(2) Пред реализацијата на поддршката на група производители, Агенцијата ќе спроведе контрола на самото место на групи на производители со цел да се утврди усогласеноста со условите од членот 75 на овој закон за одобрување и исплата на поддршката.

(3) Контролата од ставот (2) на овој член особено ќе се однесува на:

- усогласеност со критериумите за признавање за соодветната година и

- вредноста на реализираното производство, како и спроведувањето на мерките содржани во планот за признавање и направените трошоци.

(4) Проверките од ставот (2) на овој член се спроведуваат на репрезентативен примерок на барања секоја година кој претставува најмалку 30% од вкупниот износ на помошта, водејќи сметка сите групи на производители да се предмет на контрола најмалку еднаш на секои пет години.

X. НАДЗОР

Надзор над законитоста и инспекциски надзор

Член 160

(1) Надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на истиот врши Министерството.

(2) Инспекциски надзор врши Државниот инспекторат за земјоделство преку државните инспектори за земјоделство (во натамошниот текст: инспектори).

(3) Субјектите се должни да им овозможат на инспекторите непречено вршење на инспекцискиот надзор.

Овластувања на државниот инспектор за земјоделство

Член 161

Државниот инспектор за земјоделство, покрај овластувањата кои ги има врз основа на Законот за Државниот инспекторат за земјоделство ги има уште и следниве овластувања и надлежности:

- прегледува деловни и производни простории, објекти, инсталации, предмети, производи, документација на државните органи, како и физичките и правни лица кои вршат земјоделска дејност, дополнителни дејности на земјоделските имоти или други дејности, ако се работи за спроведување на мерките од земјоделската политика,

- прегледува станбени згради и помошни простории во кои се врши земјоделска или дополнителна дејност, односно други дејности, доколку се работи за спроведување на мерките на земјоделската политика,

- констатира незаконско добивање, односно ненаменско користење на средства по овој закон,

- врши надзор над спроведување на договорите за откуп на земјоделски производи,

- врши надзор над спроведувањето на откупот на земјоделски производи,

- ги проверува базите на податоци кои се потребни за вршење на надзорот и

- врши надзор над исполнувањето на условите за вршење на дополнителна дејност на семејно земјоделско стопанство.

Мерки на државниот инспектор за земјоделство

Член 162

Државниот инспектор за земјоделство при вршење на инспекциски надзор, освен мерките утврдени согласно со Законот за Државниот инспекторат за земјоделство може да ги преземе уште и следниве мерки:

- делумно или целосно да забрани право, односно спроведување на мерките по овој закон, доколку констатира прекршување на прописите,

- одредува мерки за неправилностите и недостатоците по овој закон и прописи издадени врз негова основа, да се отстранат во рок кој го одредил,

- одзема документација, односно предмети за утврдување на вистинската состојба во врска со утврдениот сомнеж за направениот прекршок,

- одредува други мерки и врши работи за кои е овластен со закон, друг пропис или акт,

- одредува мерки, неправилности и непотполности по овој закон и прописите издадени врз негова основа, да се отстранат во рок кој го одредил и

- може да забрани вршење на дополнителна дејност и да бара одземање на дозволата и бришење на таа дејност од евиденцијата за дополнителни дејности до решението на надлежниот орган.

XI. ПРЕКРШОЧНА ПОСТАПКА, ПОСТАПКА ЗА ПОРАМНУВАЊЕ И ПОСРЕДУВАЊЕ

Прекршочна постапка

Член 163

(1) Прекршочна постапка за прекршоците предвидени со овој закон ја води прекршочна комисија формирана согласно со Законот за Државниот инспекторат за земјоделство.

(2) Пред поднесување на барање за прекршочна постапка за прекршоци предвидени во овој закон, овластеното службено лице за вршење на инспекциски надзор согласно со овој закон, води постапка за порамнување согласно со Законот за прекршоците.

(3) За прекршоците утврдени во овој закон, инспекторот може на сторителот на прекршокот да му издаде прекршочен платен налог, пред да поднесе барање за поведување на прекршочна постапка.

(4) Доколку сторителот го прими прекршочниот платен налог, истиот треба да го потпише. Примањето на прекршочниот платен налог од сторителот на прекршокот се забележува во записникот.

(5) Во записникот се утврдува начинот на кој ќе се отстранат штетните последици од прекршокот, како и начинот на надминување на последиците од стореното прекршок.

(6) Кога како сторител на прекршок се јавува правно лице, записникот и прекршочниот платен налог го потпишува службено, односно одговорното лице кое се нашло на лице место при инспекцискиот надзор или друго службено или одговорно лице кое изјавило дека има право да го потпише записникот и да го прими прекршочниот платен налог.

(7) Изјавата од ставот (6) на овој член се забележува во записникот.

(8) Инспекторот е должен да води евиденција за издадените прекршочни платни налози и за исходот на постапката.

(9) Во евиденцијата од ставот (8) на овој член се собираат, обработуваат и чуваат следниве податоци име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на мандатниот/прекршочниот платен налог кој му се издава и исходот на постапката.

(10) Личните податоци од ставот (9) на овој член се чуваат пет години од денот на внесување во евиденцијата.

(11) Против одлуката на прекршочната комисија од ставот (1) на овој член може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекциски надзор и прекршочната постапка.

(12) Формата и содржината на прекршочниот платен налог ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Прекршочни одредби

Член 164

(1) Глоба во износ од 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице, ако:

- не ја пријави промената согласно со членот 15 став (6) од овој закон,

- не ги достави податоците согласно со членот 60 став (1) од овој закон,

- не ја пријави промената согласно со членот 120 став (3) од овој закон,

- не достави извештај за остварување на планот на признавање согласно со членот 127 ставови (2) и (3) од овој закон,

- не ја чува документацијата и доказниот материјал за работењето согласно со членот 129 од овој закон,

- ги користи средствата од оперативниот фонд спротивно на членот 131 став (2) од овој закон,

- го управува оперативниот фонд на начин кој не овозможува на надворешни независни ревизори идентификација, проверка и потврдување на годишните трошоци и приходи (член 131 став (3)) и

- не достави годишен извештај за спроведување на оперативната програма (член 139).

(2) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице за прекршоците од ставот (1) на овој член.

(3) За прекршокот од ставот (1) на овој член, освен глоба, на правното лице ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана за вршење на одделна дејност во траење до 30 дена.

Член 165

(1) Глоба во износ од 8.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице, ако:

- врши откуп на земјоделски производи без да е запишан во Регистарот на откупувачи (член 31 став (2)),

- врши откуп на откупно место спротивно на членот 31 ставови (3) и (4) од овој закон,

- врши откуп на земјоделски производи спротивно на членот 31 ставови (5) и (6) од овој закон,

- не ги достави податоците согласно со членот 31 став (8) од овој закон,

- не изврши исплата на откупените земјоделски производи согласно со членот 32 ставови (4) и (5) од овој закон,

- изврши измена на договорот за откуп на земјоделски производи спротивно на членот 32 став (7) од овој закон,

- склучи договор за откуп на земјоделски производи спротивно на членот 32 став (8) од овој закон,

- не ја пријави промената согласно со членот 34 став (3) од овој закон и

- увезува земјоделски производи без да е запишано во Регистарот на увозници на одделни земјоделски производи (член 36 став (1)).

(2) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице за прекршоците од ставот (1) на овој член.

(3) За прекршокот од ставот (1) на овој член, освен глоба, на правното лице ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана за вршење на одделна дејност во траење до 30 дена.

Член 165-а

(1) Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластеното службено лице од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, ако:

- не поднесе барање за прибавување на документите по службена должност во рок од три дена од денот на приемот на барањето спротивно на членовите 33 став (2), 36-а став (2), 119 став (2) и 126 став (2) од овој закон и

- не одлучи по барањето во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето спротивно на членовите 33 став (4), 36-а став (4), 119 став (4) и 126 став (4) од овој закон.

(2) Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противредност ќе му се изрече на овластеното службено лице од надлежниот јавен орган од кој се побарани документи ако не ги достави бараните докази и документи во рок од три дена спротивно на членовите 33 став (3), 36-а став (3), 119 став (3) и 126 став (3) од овој закон.

(3) За прекршоците од ставовите (1) и (2) на овој член прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд.

Член 166

Глоба во износ од 800 до 1.200 евра во денарска противвредност ќе му се изрече и на физичко лице за сторен прекршок, ако:

- не ја пријави промената согласно со членот 15 став (6) од овој закон,

- врши откуп на земјоделски производи (член 31 став (2)) и

- вршат продажба без склучен писмен договор (член 30 став (5)).

Член 166-а

Одмерувањето на висината на глобата за правното лице се врши согласно со Законот за прекршоците.

XII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Поблиски прописи

Член 167

(1) Поблиските прописи утврдени во овој закон ќе се донесат во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(2) До денот на влегувањето во сила на прописите од ставот (1) на овој член ќе се применуваат постојните прописи.

Основање на Совет за земјоделство и рурален развој

Член 168

Советот за земјоделство и рурален развој ќе се формира најдоцна во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Започнати постапки

Член 169

Започнатите постапки пред влегувањето на сила на овој закон ќе продолжат согласно Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ број 134/2007).

Престанување на важење

Член 170

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ број 134/2007).

Влегување во сила

Член 171

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

ВАЖЕЧКИ ПРЕОДНИ ОДРЕДБИ ОД НОВЕЛИТЕ НА ЗАКОНОТ

I. „Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/11

Член 4

Одредбата од членот 3 на овој закон ќе започне да се применува со започнување на примената на Законот за основање на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

II. „Службен весник на Република Македонија“ бр. 126/12

Член 22

Право на користење на средствата од годишната програма за финансиска поддршка во земјоделството за 2012 година имаат и корисниците кои до денот на влегувањето во сила на овој закон ги немаат намирено сите финансиски обврски кон Министерството и ќе се согласат ненамирените обврски од членот 14 став (2) од овој закон да ги пребијат со одобрената финансиска поддршка по основ на годишната програма за финансиска поддршка во земјоделството за 2012 година.

Начинот на пребивање од ставот (1) на овој член го пропишува Владата со прописот од членот 47 став 6 од овој закон.

Член 23

Жените носители на семејно земјоделско стопанство кои до денот на влегувањето во сила на овој закон се стекнале со право на користење на помош за одделни категории носители на земјоделско стопанство како дополнителна помош која се доделува на земјоделски стопанства корисници на директните плаќања од членот 47 од овој закон имаат право на користење на помошта до истекот на периодот од членот 102 став (2) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија" број 49/10 и 53/11).

III. „Службен весник на Република Македонија" бр. 15/13

Член 22

Започнатите постапки пред влегувањето на сила на овој закон ќе продолжат согласно со Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија" број 49/10, 53/11 и 126/12).

IV. „Службен весник на Република Македонија" бр. 73/15

Член 1

Во Законот за изменување и дополнување на Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија" број 25/15), одредбата од членот 2 со која во членот 14 се менуваат ставовите (2) и (3) нема да се применуваат на постапките во врска со финансиската поддршка од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2015 година и Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2016 година и Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2017 година и Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2018 година и Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2019 година и Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за

2020 година и Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2021 година и Програмата за финансиска поддршка на рурален развој за 2015 година и Програмата за финансиска поддршка на рурален развој за 2016 година и Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2017 година и Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година и Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2019 година и Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2020 година и Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2021 година.

Право на користење на финансиска поддршка во случаите од ставот (1) на овој член имаат и корисниците кои до денот на влегувањето во сила на овој закон ги немаат намирено финансиските обврски кон Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта по основ на користење на пасишта во државна сопственост и водостопанствата и водните заедници по основ на неплатен воден надоместок, а кои ќе се согласат со поднесена изјава заверена на нотар дека се согласни ненамирените обврски да се пребијат со одобрената финансиска поддршка согласно со Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2015 година и Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2016 година и Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2017 година и Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2018 година и Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2019 година и Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2020 година и Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2021 година и Програмата за финансиска поддршка на рурален развој за 2015 година и Програмата за финансиска поддршка на рурален развој за 2016 година и Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2017 година и Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година и Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2019 година и Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2020 година и Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2021 година.

Начинот на пребивање од ставот (2) на овој член го пропишува Владата со прописот од членот 47 став (6) од овој закон.

V. „Службен весник на Република Македонија“ бр. 154/15

Член 9

Одредбите на членот 99-б ставови (4) и (5) кои се утврдени во членот 2 од овој закон нема да се применуваат на корисниците на средства од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2015 година и Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2015 година како дополнителна помош за исплата на загуби предизвикани од природни непогоди и неповолни климатски настани.

VI. „Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/16

Член 29

Одредбите на членовите 4, 8, 23, 24 и 26 од овој закон ќе започнат да се применуваат со започнувањето на примената на Законот за општата управна постапка согласно со членот 141 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ број 124/15).

VII. „Службен весник на Република Македонија“ бр. 120/16

Член 5

Започнатите постапки по поднесени жалби до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе завршат согласно со законот по кој биле започнати.

VIII. „Службен весник на Република Македонија“ бр. 163/16

Член 3

Започнатите постапки за помош за загуби предизвикани од природни непогоди и неповолни климатски настани и постапките за дополнителна помош за исплата на загуби предизвикани од природни непогоди и неповолни климатски настани до денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе завршат согласно со Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ број 49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16 и 120/16).

IX. „Службен весник на Република Македонија“ бр. 83/18

Член 5

Започнатите постапки за финансиска поддршка до денот на влегување во сила на овој закон согласно Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2018 година и Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година, ќе завршат согласно овој закон.

X. „Службен весник на
Република Северна
Македонија“ бр. 152/19

Член 4

Започнатите постапки за доделување помош за загуби предизвикани од природни непогоди и неповолни климатски настани и дополнителна помош за исплата на загуби предизвикани од природни непогоди и неповолни климатски настани до денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе завршат согласно со Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ број 49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18 и 27/19).

XI. „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19

Член 5

(1) Државниот инспекторат за земјоделство во рок од 45 дена од денот на влегување во сила на овој закон во согласност со Одлуката за утврдување на дополнителна помош како мерка за исплата на продадено винско грозје („Службен весник на Република Македонија“ број 32/19) и Одлуката за дооополнување на Одлуката за утврдување на дополнителна помош како мерка за исплата на продадено винско грозје („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 152/19) ќе ги достави до Агенцијата за финансиска подршка во земјоделството и руралниот развој податоците за остварување на правото на дополнителна помош согласно со член 4 од овој закон со кој се дополнува член 99-в.

(2) Агенцијата за финансиска подршка во земјоделството и руралниот развој во рок од 90 дена од денот на приемот на податоците од Државниот инсперкторат за земјоделство ќе изврши исплата на дополнителната помош на физичките лица кои ги исполнуваат условите за остварување на помошта согласно со Одлуката за утврдување на дополнителна помош како мерка за исплата на продадено винско грозје („Службен весник на Република Македонија“ број 32/19) и Одлуката за дооополнување на Одлуката за утврдување на дополнителна помош како мерка за исплата на продадено винско грозје („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 152/19) и согласно со член 4 од овој закон со кој се дополнува член 99-в.

(3) Програмата за финансиска подршка во земјоделството за 2019 година во рок 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон ќе се усогласи со член 4 од овој закон со кој се дополнува член 99-в.